MACEDONIA
Македонија
NEWSPAPER

February 06, 2020 ■ Volume 37, Issue 4 (424) ■ Free www.macedonianewspaper.com

Проф. Игор Јанев: Македонската е единствената нација во светот која со меѓународен договор, закон и устав има забрана за употреба на термини со кои се идентификува.

Единствено решение за надминување на ова флагрантно кршење на меѓународното и домашното право е едностано раскинување на Спогодбата Димитров-Косиас.

страница: 4

Танас Јовановски:

Во пресрет на парламентарните избори во Македонија Во ненормална држава нема државничко однесување

страница: 9

Драги Стојковски, претседател на Обединети Македонци:

Да се сплотиме во одбрана на македонските национални интереси и за секогаш да ги зациментираме македонското државно име, знамето со шеснаесеткракото македонско сонце, народносното и јазично име, како и името на нашата македонска православна црква.

страница: 37

Влатко Лозано: Мојата земја се вика Македонија!

Лозано гостува во Торонто на 28 март 2020 година

Ристо Ристе

До кога браќа, мили Македонци?

страница: 23

Christian Rostankovski, President of MYNET:

It is important for young Macedonians to feel a sense of belonging in the Macedonian community

Page: 12

„Пирej„ - ново Македонско Етно Културно Здружение во Торонто

страница: 32

Игор Дурловски од Торонто: Мораме да се обединиме за Македонија!

страница: 35

Bill Nicholov:
OFFENCE IS THE BEST DEFENCE - TOO BAD MACEDONIAN POLITICIANS DON'T EVEN KNOW HOW TO PLAY THE GAME

The forced name change can easily be reversed.
The Prespa Disagreement was forced on Macedonia in violation of Macedonian and international law, in defiance of the Macedonian constitution and parliamentary rules, and by ignoring every human rights convention that guarantees the basic right of self-determination. Page: 10

8-мо мартовски забави во Св. Илија, Мисисага и Св. Климент Охридски, Торонто

Тетовска Вечер во Канада, 29 февруари 2020

Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на "Македонија" излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-

клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на "Македонија" е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



Со почит
Соња Лозановска
Главен и одговорен уредник
Техничко уредување и дизајн
Оливер Петковски
Our address:
Macedonia
1840 Bloor Street,
Suite 711
Mississauga, ON
L4X 1T2
Tel. 905-625-9129
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

Помогнете го весникот ,,Македонија,,

Почитувани читатели од сите делови на Етничка Македонија, сите вие кои го читате весникот ,,Македонија,,- единствениот редовен месечен весник во Канада:
Благодарение на Вашата доверба чекориме во 37-та издавачка година од првиот број издаден на 1-ви ноември 1984-та година.
Изразуваме огромно задоволство и почит драги соработници, поддржувачи, дарители, вие кои од искрена љубов кон татковината Македонија, како и ние самите секојдневно се бориме за зачувување на македонскиот идентитет, култура, пишуван збор, традиции на овие простори.
И во оваа прилика почитувани читатели ве молиме да го помогнете весникот ,,Македонија,,.
Ви благодариме.

Драги читатели, помина и јануари

Се радувавме: Преполни цркви народ, (се надеваме не само за Новогодишно-Божикните празници), се радувавме на Раѓањето Христово и Новата Година која штотуку започна, ја пречекавме расположени со семејството помеѓу роднини, пријатели, драги луѓе кои не' чинат среќни или пак сами, но со многу желби и благослови кои си ги посакавме себеси, едни на други, многу прегратки, бакнежи, насмевки- дај Боже само да потраат.
Февруари отпочна со првите знаци на пролетта, кокичињата, храбро пркнаа под зимскиот снег и во оваа северна земја, Канада (и' стои предзнакот), но нам сигурно и никогаш: Не!
Сите не' жегна како подноктица кога со тој прегрд предзнак ни' ја нарече земјата еден локален пратеник (Р.О.) во парламентот на севернава земја Канада и тоа ни помалку ни повеќе туку, на Гоцевата Комитска Вечер.
Македонците веднаш му очитаа лекција со огромно негодување за навредата кон домаќините.
Замислете кој парадокс: Да стоиш пред националното знаме на Македонија и да мислиш дека си останал ,,дипломатски коректен,,? Простете, но нема тоа да ви мине ниту сега, ниту во иднина.
Дипломтски коретно ќе ве ,,гласаме,, во наредниот мандат - на македонски начин.
Нејсе, и тоа не' ни ја намали желбата да му се радуваме на раѓањето на апостолот на револуционерната борба за слободна Македонија Гоце Делчев, зашто сме опстоиле и стоички се браниме од сите напади, наезди, додавки и придавки.
Се радуваме на сонцето, на знамето, на единството, на силата во нас, на силата над нас од Бога, за денес, за утре, аманет од вчера.
Не премолчуваме, кажуваме, докажуваме, простумиме -такви сме ние Македонците- од памтивека до денес.

Почитувани читатели,

Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без вашата поддршка и помош. Затоа Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот ,,Македонија,,. Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до вашиот дом или работно место.
За информации контактирајте не' на:
Тел: 905-625-9129
Мобилен: 416-827-0954
E-mail: macedonia.canada@yahoo.com
http://www.macedonianewspaper.com/
facebook: Macedonia Newspaper

Ви благодариме.
Поздрав,
со почит од уредникот
Соња Лозановска

Голема благодарност до нашите соработници:

Танас Јовановски
- поранешен уредник на весникот ,,Македонија'', колумнист

Бил Николов за Македонското Меѓународно движење за човекови права

Никола Петковски - креатор на крстозборот за весникот ,,Македонија''
Марија Ангелевски - ''Рецепти со Марија''
Зоран Андоновски – соработник,
Ташко Кубановски - за рубриката ,,Афоризми''
Зоран Карапанчев - фотографер, соработник
Боне Темелков соработник
Специјални Дописници:
Од Тирана и Голо Брдо известува
Никола Ѓурѓај
Од Пиринска Македонија за весникот Македонија: ***Стојко Стојков***

Блага Дафовска во рубриката ,,Поезија со повод,,
Славе Катин -соработник
Колумнисти:
Горнан Јовановски
Диме Костов

NEWSPAPER Macedonia AVAILABLE AT THESE LOCATIONS

If you would like to subscribe an receive copies at your business , home or organization please let us know by email: macedonia.canada@yahoo.com or call 905-625-9129

The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"
76 Overlea Blvd. - Toronto,
Ontario - M4H 1C5
Phone: 416-421-7451;
Fax: 416-421-0721
E-mail: info@stclementofohrid.com

St Ilija Macedonian Orthodox Church
1775 Bristol Rd W,
Mississauga, ON
(905) 821-8050

St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church
201 Main St N, Markham, ON
(905) 471-5555

St Nedela Macedonian Orthodox Church
485 Bayly St W, Ajax,
ON L1S 6M7
(905) 426-5355

St. Nicholas Macedonian Orthodox Church
5225 Howard Ave, Windsor,
ON N9A 6Z6
(519) 966-6257

St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church
1150 Stone Church Rd E,
Hamilton, ON L8W
(905) 387-0111

Macedonian Orthodox Church St. Arhangel Michael,
Phoenix Arizona.
22815 W Sierra Ridge Way
Wittmann Arizona 85361-8774

CANADIAN MACEDONIAN PLACE
850 O'Connor Drive,
Toronto, Ontario,
Canada M4B 3L6
Ph: 416.755.9231
E: zcokov@
canadianmacedonianplace.com
E: mdonakovski@
canadianmacedonianplace.com

California Bar & Grill
914 Pape Avenue
Toronto, ON M4K 3V2
East York

Canadiana Flowers
Eglinton Square
www.torontoflorist.com
(416) 265-6867

Najdova Vera Dr
2390 Eglinton Ave E,
Scarborough, ON M1K 2P5
416-750-0200

The Mechanics Shop
79 Winter Ave
(416) 267-6033

Coffee Time Donuts
371 Old Kingston Rd,
Scarborough, ON M1C 1B7

Lucas Automotive Services
6456 Kingston Rd,
Scarborough, ON M1C 1L4
lucasautomotive.ca
(416) 284-199

Stari Grad
3862 Bloor St W, Toronto, ON
M9B 1K9
starigrad.ca
(416) 916-2075

Markland Wood Pharmacy
4335 Bloor St W, Etobicoke,
ON M9C 2A5

Old Mill Pastry Mississauga
9780 Burnhamthorpe Rd. W.
Mississauga, Ontario
(905) 232-5246

Royal Meats
3635 Cawthra Rd,
Mississauga, ON L5A 2Y5
royalmeats.com
(905) 279-3261

NOW ACCEPTING NEW PATIENTS

“Thank you...

...very much for selecting me as ‘Best Denturist’ for 17 years, and demonstrating your faith, trust and confidence in me yet again. Always striving to serve you better, we now offer – on the premises – implants and implant-supported dentures to give you the ultimate denture holding power.”

Victor Minas, DD, FCAD(A)

After 10,300 dentures Victor Minas is still smiling

Making a great impression – materials, colour, size, shape, test fittings. Every full or partial denture is crafted by uncompromising professionals.

No wonder, he's been voted Best Denturist for 17 years!*

Victor Minas DD, FCAD(A) takes the art and science of denturism very seriously. Voted by patients as ‘best denturist’*, he’s always looking for better ways to serve them. As a member of both the Denturist Associations of Ontario and Canada, he has kept well abreast of all innovations and technical advancements. And as result, you simply won’t leave his clinic until you’re 100% satisfied. No wonder thousands of his patients are smiling too.

The practice of great denturism involves as much old-world artisanship as it does state-of-the art science. And since no two patients are alike, we build every set of dentures uniquely for the person who wears them.

World-class dentures at your neighbourhood clinic

Building great dentures involves three critical components. One: Use only the best materials. Two: Cutting corners is never an option. Three: It takes wisdom and experience to fit, refine and adjust your dentures until they look and feel as natural as possible. Victor is the designated denturist of many dental surgeons who routinely refer patients to him. Since the dentures are built right on site, you’ll never pay a third party markup. Of course, all the teeth on our premium dentures are warranted up to 5 years.

So please, call anytime and we’ll give you some beautiful new reasons to smile.

*BASED ON A READERS' POLL BY METROLAND NEWSPAPERS , 1999-2019

FREE denture consultation.

Kindly call and shedule a free appointment - no obligation.

Janet’s specialty is listening with a sympathetic ear. As busy as we get, everyone receives the individual treatment they’ve come to expect from Victor Minas.

- *In-house lab for fast service and patient-direct prices*
- *All Insurance plans accepted*
- *Flexible payment options*
- *Seniors discount*
- *Same day repairs and relines*
- *Evenings and weekend appointments available*
- *Free parking*

Victor Minas, DD, FCAD (A)
Board Certified Denture Specialist

smilecorp.com | info@smilecorp.com

(416) 322-3330
Toronto

(905) 721-2797
Whitby

MANAGED BY SMILECORP

КРАЈ НА ГЕНОЦИДНИОТ ПРЕФИКС “С.....А“ СО НОТА НА МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА ДО ООН И ВЛАДАТА ВО АТИНА ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА ДИМИТРОВ-КОSИАС!

Пишува
проф.д-р Игор ЈАНЕВ

За името на државите важни се пет основни принципи во меѓународното право.

(1) Државите немаат ексклузивно право на државно име! Територијата не е врзана со државно-правниот идентитет, односно државното име! Република Македонија е правен идентитет на држава со дефинирани граници, за разлика од провинција Македонија како географски регион во границите на друга држава!

(2) Државното име не влијае на територијаните права и обврски на својата, или на друга држава! Името на една држава воопшто не може да се толкува како територијални претензии или иредентизам кон друга држава!

(3) За правниот идентитет, односно државното име како елемент од меѓународно-правниот субјективитет воопшто не е релевантна историјата или потеклото на народот кој е носител на државноста, ниту физичките карактеристики на територијата.

(4) Спорови меѓу државите за државните имиња не постојат! Ниту една држава, ниту Организацијата на Обединетите Нации можат да се мешат врз ова суверено право, уште помалку непризнавањето од една држава на друга може да се третира како спор или разлика (како поблага форма на спор во дипломатскиот жаргон).

Во случајот со приемот на државата Македонија во Организацијата на Обединетите Нации направена е замена на тези и грчкото непризнавање е преформулирано како разлика или спор. Ваков “спор“ во Меѓународниот суд не би бил прифатен, туку отфрлен. Затоа, Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите Нации беше прикладна инстанца грчкото непризнавање на државата Македонија да се преформулира и поткрене на ниво на спор.

Од фактот дека државно-правниот идентитет, односно името е правна категорија која е есенцијален елемент на правната личност, а ова е субстанцијален елемент на државноста (суверена власт, територија и популација), произлегува дека органите на Организацијата на Обединетите Нации при приемот на Македонија ги пречекориле своите овластувања.

Заклучокот е дека преговорите за името беа беспредметни. “Спор“ е замена на теза за грчкото непризнавање на државата Македонија.

Суверенитетот на државата Македонија не се однесува само на правно дефинираната територија, со територијална јурисдикција, туку и на народот односно граѓаните кои живеат на таа територија и се под јурисдикција на државата Македонија. Присвојувањето на македонската историја од страна на Владата во Атина не може да биде предмет на спор по ниту еден основ во меѓународното право!

(5) За името на една држава не важи флоскулата “е украдено“, “е фалсификувано“ или “е наметнато“, како што не може ниту да се одземе од Организацијата на Обединетите Нации или да се преформулира! Од овој принцип произлегува, дека државното име не може да биде предмет на лимитирани/конечни или бесконечни преговори, а тие во случајот со државата Македонија траеа цели 16 години од 1993 до 2019 година, ниту може на било кој друг начин да се проблематизира ваков идентитет од надвор, навлегувајќи во строгата внатрешна јурисдикција!

Суверена држава самата си го избира државното име! Секоја суврена држава има право на име, односно право на државно-правен идентитет!

Ова право не се спори, ниту смее да се доведе во прашање, при приемот во Организацијата на Обединетите Нации!

За жал, единствена држава во светската историја на Организацијата на Обединетите Нации на која и’ е оспорено името беше Република Македонија која суверено го носеше ова државно име пред зачленувањето во Организацијата на Обединетите нации од 1991-1993.

Со зачленувањето во Организацијата на Обединетите Нации, само за во системот на Обединетите Нации парцијално го изгубивме овој суверен атрибут и тоа на нелегален начин, бидејќи Организацијата на Обединетите Нации не е правно овластена да наметнува име на држава или да интервенира во најосновните права на секоја држава кои се во доменот на строгата внатрешна јурисдикција!

Имено ова право на името е постаро и од членството во Организацијата на Обединетите Нации и претходи на членството во Организацијата на Обединетите Нации.

Организацијата на Обединетите Нации нема право: (1) да го проблематизира вроденото (инхерентното) право на државно-правен идентитет, (2) да го проблематизира инхерентното право на национален идентитет, (3) да ги проблематизира сите инхерентни права кои државата ги поседува и пред зачленувањето во Организацијата на Обединетите Нации!

Организацијата на Обединетите Нации не е наднационална организација или федерација во која се губи државниот суверенитети интегритет!

Времето обраќање “поранешна Југословенска Република Македонија“ беше во употреба само во системот на Организацијата на Обединетите Нации и тоа за времето додека траеа преговорите за името. Со Спогодбата Димитров-Косиас од 17 јуни 2018 година, е воведена трајна универзална забрана, односно цензура за користење на именката “Македонија“ без префиксот “северна“ ерга омнес и само за нас: И во меѓународните институции и во внатрешен правен поредок на нашата држава Македонија! Таа забрана не важи за другата страна, за Грција. Тоа претставува флагрантно кршење на меѓународното право, таа забрана претставува дискриминација која не може да се оправда со диспозитивното (те. пишано/договорно) право, бидејќи е спротивна на ius cogens задолжителните норми и основните начела на Организацијата на Обединетите Нации!

Ние сме единствената нација во светот која со меѓународен договор, закон и устав има забрана за употреба на термини со кои се идентификува. Забраната билатерален договор се протега и на трети држави, па и на Организдцијата на Обединетите Нации.

Затоа, единствено решение за надминување на ова флагрантно кршење на меѓународното и домашното право е едностранo раскинување на Спогодбата Димитров-Косиас. А, тоа се прави со една нота од Македонската Влада или претседателот на Реоубликата до Владата во Атина и Организацијата на Обединетите Нации која треба да гласи: “Врз основа на членовите 46 и 53 од Виенската конвенција за договорно право од 1969 година, со оваа нота Ве известуваме дека Спогодбата Димитров-Косиас од 17 јуни 2018 година од овој момент е раскината!“ И толку! Ништо повеќе!

По раскинувањето на Спогодбата Димитров-Косиас уставните амандмани од 11 јануари 2019 година ќе станат неоперабилни и се’ врзано со Спогодбата Димитров-Косиас ќе се распрсне како балон од сапуница! Потоа е многу лесно и Уставниот суд да го поништи Указот за прогласување на Законот за ратификација на Спогодбата Димитриов-Косиас!

Околу дилемата дали Грција може да ја тужи Македонија за неспроведување на Спогодбата важи следниот одговор: После поразот од 2011 година, Грција нема да се осуди да реагира пред Меѓународниот суд во Хаг, имајќи предвид дека во Судот во Хаг паднаа сите жалби и теории од типот името Македонија е “наше историско право“ или “наше политичко право“ кои во меѓународното право не постојат, односно не се прифаќаат! Обвинувањата за “територијални претензии“ и “иредентизам“, исто така, паѓаат во вода, бидејќи во меѓународното право државното име не имплицира територијални претензии и иредентизам! Но, и да изгубиме “спор“ хипотетички, и Македонија може да се однесува како и Грција, која не ја почитуваше одлуката на Хаг од 2011 година. Идентитетот е суверена категорија која потекнува од изворната слободна волја на народот. Редефинирањето на суверената волја е нелегално во меѓународното право!

Спогодбата Димитров-Косиас е ништовна и не е дел внатрешниот правен поредок на државата Македонија, затоа што: (1) не е склучена од претседателот на Републиката кој единствено по Устав има активна легитимација за склучување на меѓународни договори во името на државата, (2) не е потпишан указот за прогласување на Законот за ратификација на Спогодбата од претседателот на Републиката, и (3) објавена е во “Службен весник на Република Македонија” без потпис од претседателот на Републиката на указот за прогласување на Законот за нејзина ратификација. Спроведувањето на Спогодбата и сега претставува кривично дело, во најмала рака злоупотреба на службената должност и овластувања, бидејќи е спротивна на одлуките на референдумот од 8 септември 1991 година и 30 септември 2018 година!

Јавноста намерно се дефокусира од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ за наводно потребно двотретинско и бадентерово мнозинство во Собранието на Република Македонија како услов за поништување на Спогодбата Димитров-Косиас! За веднаш да кажат дека исполнувањето на овој услов е невозможна мисија. За Спогодбата Димитров-Косиас не е потребно ниту двотретинско ниту бадентерово мнозинство во Собранието, туку само нота на Македонската Влада до Организацијата на Обединетите Нации и Владата во Атина за нејзино раскинување!

Се’ додека народот не избере независна влада која ќе го почитува народот и суверената волја на народот ќе имаме неморални договори

Се’ додека народот не избере независна влада која ќе го почитува народот и суверената волја на народот, ќе имаме неморални и глупави зделки и договори како преспанскиот или бугарскиот, спогодби надвор од оваа суверена волја и легитимитет.

Не е проблем да се раскинат таквите нелегални договори.

Проблемот во МК е да се добие права патриотска легитимна власт, во чија основа е принципот на народната сувереност.

Власт која не се плаши од странците, дипломати и не кокетира со шип....те.

Власт која ќе работи во интерес на народот и за интерес на народот.

Изворна суверена волја го креира суверениот изворен народен идентитет (манифестиран во пракса 1991.). Овој суверен атрибут е независен од надворешни акти (одлуки, резолуции, договори..).

Суверената народна волја мора да биде почитувана од власта, доколку ова има легитимитет.

Оваа власт денес која имаме нема легитимитет односно не ја почитува волјата на народот и консеквентно, не е демократска.

Народот мора да избере легитимна власт која ќе базира на суверената волја на народот, и мора да му служи на народот и перманентно да се владее на легитимен начин во своето делување.

Суверениот идентитет е изворно инхерентно (вроденo) основно природно право и израз на изворниот легитмитет и изворната суверена волја, која не може да се органичи со диспозитивното (пишано) право, па дури и уставот.

Отаму, помал проблем е решавање раскин на договорот, а многу поголем е креирање независна суверена легитимна власт која ќе ја почитува изворна суверената волја на народот и која ќе поседува вистинскиот народен легитимитет (како во момент на изборот, така и подоцна во владееењето).

Основен атрибут на држава е суверенитетот. Без овој елемент, држава според дефинициите дадени од ООН и јуриспруденција, не постои. Државност се дефинира со:

1. Суверенитет,
2. Населението
3. Територијата.

Без еден од овие три елементи немаме држава. Во случај со Македонија немаме најбитен елемент или атрибут: суверенитет! Суверенитетот подразбира независна и највисока власт, неделива, непренсива и неотуѓива. А очигледно власта во Македонија не е независна! Се работи очигледно на комплетно зависна номенклатура од надворешниот фактор односно несуверен ентитет, и отаму немаме ниту основни предуслови за слобода или сувереност (ниту демократско владење или каков било легитимитет). Во овој момент Македонија не е држава.

Оваа безидентитетска творба има само редефиниран вештачки идентитет и марионетски режим, кој преку договорот искреира ненароден редефиниран квази идентитет, по вкус на странците.

Пишува
проф.д-р Игор ЈАНЕВ

Македонија

VAC DEV

Accredited Nadcap™

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

VAC DEVELOPMENTS LTD

http://www.vacdev.com

2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3

Bill Hristovski

Join the VAC Dev Team!

An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.

На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности

VAC Developments Ltd careers

Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving
Oakville, ON • Full-time

Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift
Oakville, ON • Full-time

Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift
Oakville, ON • Full-time

Planner Production - Machining/Fabrication Shop
Oakville, ON • Full-time

Manual Machinist
Oakville, ON • Full-time

Estimator Machining/Fabrication Shop
Oakville, ON • Full-time

Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift
Oakville, ON • Full-time

Deburrer Grinding Technician - Day Shift
Oakville, ON • Full-time

CNC Machinist - Day Shift
Oakville, ON • Full-time

CNC Machinist - Afternoon Shift
Oakville, ON • Full-time

Assembler Part Markers -Aerospace
Oakville, ON • Full-time

Низ деновите на минатиот месец

Танас Јовановски

Мицковски: Кој го натера претседателот со указ да го промени името на Армијата?

Ставот на ВМРО-ДПМНЕ како опозиција е да се однесува државнички, но како ќе се однесува ВМРО-ДПМНЕ како власт, според претседателот Мицковски, не треба да биде дилема – исто така државнички. ВМРО-ДПМНЕ е опозиција која одлучи со демоктатски алатки, со идеи да се бори прротив оваа недемократска власт. Најлесно ќе ни биде да боиме, да кршиме, да пишуваме писма, да опструираме процеси, но ние го ставивме државниот интерес на прво место, рече Мицковски во новогодишното интервју за МРТВ. – Ние не можеме да ја игнорираме реалноста која што е резултат на капитуланските однесувања на СДСМ и Зоран Заев. Не не терајте да создаваме нова реалност. Во ни еден договор не стои дека мора Армијата да се преименува. Ајде се' што е технички неопходно да го гласаме во тој закон за да бидеме дел од НАТО – рече Мицковски. Мицковски уште еднаш повтори дека доколку ВМРО-ДПМНЕ освои доволно пратеници според законите и Уставот и Бадинтеровото мнозинство ќе направи чекор назад за ревидирање на Преспанскиот договор. (Вечер)

Христијјан Мицковски

Државничкото однесување не е виза за во македонското Собрание. Треба понуда за да се добие глас. Тоа го прави Зоранчо. Обеќава полиња и цвеќиња, високи плати за секој кој бара, а никој не му поставува прашање од каде ќе дојдат парите. Долгот некој ќе треба да го плати. Младите!? Во никој случај. Младите ги вработи во Германија и нивните плати ќе останат таму.

Петир оптимист: Заев поднесе оставка, на изборите да дојдат политичари кои ја сакаат Македонија

Европратеничката Маријана Петир (Хрватка) се огласи на Феисбук изразувајќи оптимизам за иднината на Македонија по оставката на премиерот Зоран Заев. – Денес премиерот на Македонија Зоран Заев поднесе оставка иако и покрај волјата на народот на државата и' го смени името и и' го загрози идентитетот, преговорите со Европската Унија не се отворени. Се надевам дека на изборите на 12 април ќе дојдат оние политичари кои ја сакаат Македонија и македонскиот народ.

Маријана Петир

Не случајно новинарот Васко Ефтов на Хрватката во неговата емисија Во Центар и' го постави прашањето, да не е можеби Македонка. Маријана Петир не е Македонка, но со нејзината љубов кон Македонија надминува многу од нас Македонците и Македонките.

Вашингтон Пост: Заев поднесе оставка разочаран и бесен на Европската унија

Зоран Заев поднесе оставка раочаран и бесен по одлуката на Европската унија да не им дозволи на Македонија и Албанија да почнат преговори за членство, пишува весникот Вашингтон Пост

Не, не, бесот на Зоранчо Македонците го видоа многу одамна, не денес. "Кога ќе дојдеме на власт ќе јадеме живи луѓе". Тоа не беше вчера или оваа година. Ако тоа не е бес, тогаш што е?

Тања Каракамишева

"Браво за професорката Каракамишева" – рече граѓанскиот активист, аналитичар и екс-јавен обвинител Сотир Костов, на прашањето да ја искоментира иницијативата на професорката по уставно право за групна тужба против власта, поточно 80-те пратеници кои се обидуваат да го сменат уставното име на државата. – Не може 80 луѓе да се соберат и поништат волја на народот изразена на референдум на 30 септември кога не донесоа одлука за промена на Уставот.Ова е политички варваризам, ова е уставно насилие – рече Костов во изјава за Инфомакс, појаснувајќи дека иницијативата е одлична, а сега на нив граѓанските активисти следува да ги соберат потписите за поднесување на групната тужба против власта. – Тоа се 89 од кои јас ги делам 72+8. Овие осумте се уценети и присилени, ама изгледа им е сега убаво. За нив се менува устав, за нив се менува кривичен закон и за нив се цртаат кривични дела – констатираше активистот Сотир Костов. (Инфомакс)

Великанот на македонската револуционерна борба Гоце Делчев во свое време го рече и следното: Јас не познавам друг народ кој повеќе страдал од предавствата на своите синови – изроди како македонскиот.

Обвинителство: Ременски заедно со Боки 13 одела на средби со оштетените бизнисмени

Од обвинитстото за гонење криминал и корупција информираа дека поднеле обвинение за случајот "Рекет 2" , односно за истрагата поврзана со "Меѓународен сојуз" на Боки 13. Меѓу обвинетите Бојан Јовановски, неговиот татко Миле Јовановски, Јасна Мандиќ, Христина Блажевска, е и пратеничката Фросина Ременски. Според обвинителството, Ременски го искористила својот авторитет и Бојан Јовановски го придружувала на средбите со оштетените бизнисмени. – Третообвинетата со својот углед и авторитет го подржувала првообвинетиот на средбите со оштетените давајќи му совети и упатства за да оштетените стекнат доверба во наводниот проект и однапред да уплатат одреден износ пари и да ги потпишат договорите, се наведува во соопштението.Пратеничката Ременски која е обвинета за помагање, беше почесен претседател на "Меѓународниот сојуз". (Фокус)

Боки 13 и Фросина Ременски

Фросина Ременски не само што беше пратеничка во Собранието на Македонија туку беше и потпретседател на тоа Собрание – на Законодавниот дом. Веднаш по откривањето на аферата првиот човек на Обвинителството за сузбивање на корупција и криминал Љубомир Јовевски изјави дека во аферата нема вмешани лица од власта. Како бре? Ременски не само што беше член на законодавната власт туку и нејзин потпретседател! Да не нешто Јовевски сакаше да ги заштити пријателите од извршната власт?

КОНЕЧНО: Заев заминува од местото кое го узурпираше без да победи на избори

Зоран Заев конечно поднесува оставка и заминува од местото кое го узурпираше без да победи на избори. Зоран Заев конечно заминува од позицијата од која и' нанесе огромни штети на Македонија. Три години Македонија е жртва на криминално-рекетарската банда на чело со аболицираниот криминалец Зоран Заев. Македонските граѓани никогаш повторно не смее да бидат жртви на криминалот, корупција, неработата и неспособноста. Единствен успех на Заев во овие три години е тоа што преку своите слуги во судството успеа да си обезбеди амнестија и за барањето поткуп "евро за црквата – евро за Вице". МВР го претвори во партиска испостава на СДСМ. Речиси и да немаше ден кога по улиците ширум државата немаше престрелка или запалено возило, а неговиот послушник Спасовски наместо граѓаните ги штитеше криминалците. Економијата го допре дното. Тоа го потврдија и странските и домашните бизнисмени. Реализацијата на капиталните инвестиции беше очајна, а дури 500 илјади граѓани го поминуваат денот со еден оброк. Овие луѓе беа заборавени од власта. Македонското образование беше клекнато на колена и се најде на дното во Европа. Здравството беше доведено пред колапс бидејќи Заев и Филипче повеќе ги интересираа криминалните тендери отколку здравјето на граѓаните, здравствените работници повеќе време поминаа на улиците протестирајќи отколку на своите работни места. Времето на Зоран Заев заврши, дојде крајот на поразите и срамот на кој овој човек е олицетворение. Доаѓа време на власт од народот и за народот. Доаѓа време за обнова на Република Македонија. Ова зло никогаш да не се повтори. Зоран Заев никогаш повеќе. Македонија и македонскиот народ не заслужуваат веќе таков криминоген лик и патолошки измамник да ја води земјата и да се бави со политика, соопштуваат од ВМРО-ДПМНЕ. (ИНФОМАКС.мк)

Филипче и Заев

На соопштението од ВМРО-ДПМНЕ може да се додаде уште десет пати повеќе, но тоа не е доволно за да се добијат избори. Треба работа, многу работа! Треба избирачки систем со кој граѓаните ќе знаат за кое лице гласаат, не за која партија. СДСМ една минута пред да се закажат изборите бараа промена на избирачкиот закон! Беа три години на власт, покрај тоа што носеа затвореници од Шутка да гласаат во Собранието за промена на моето и вашето име драги читатели, имаа време да донесат закон и за избори.

ГРУПНА ТУЖБА ПРОТИВ ПРАТЕНИЦИТЕ: Не може 80 луѓе да поништат волја на народ изразена на референдум на 30 септември

Извонредно бистра идеја на претседателот Моја Љубави

Стево Пендаровски

Правата на било кој во оваа земја (Македонија) не треба да зависат од нивната бројност, рече во гостувањето во Емисија 20 на Алсат ТВ претседателот на државата Моја Љубави (Стево Пендаровски). Говорејќи за надминување на вмешаноста на политиката во претстојниот попис на населението претседателот вели: "Албанците и да не се 20, а не може да бидат помалку, за жал сите се селиме, тоа се приказни дека Албанците сега се под 20% , тргнувајќи од тоа дека ние сеуште имаме два милиони жители, а немаме. Мојата политичка декларација ќе биде, а ќе ја побарам и од другите политички партии на власт и опозиција... и да си 3% и да си 5% не ги гледај како број, тие права ги имаш и можеме да зборуваме само за подобрување на состојбата и на статусот и твој и мој", вели претседателот Моја Љубави. (Вести.мк)

Претседатеот води политичка партија? Вели дека ќе побарал и од другите политички партии...!Ако бројките навистина не се важни, зошто ни треба попис? За џабе фрлање пари? Ако бројките не се важни тогаш и Охридскиот рамковен договор не важи! Според исказите на овој претседател, сите јазици на малцинствата во вечно Кандидатска Македонија треба да бидат официјални!

МИТОВСКИ ЗА "СПУТНИК" – Македонците загубија држава за членство во НАТО кое не ни гарантира ништо

Александар Митовски

Македонија е на еден чекор од членството во НАТО . Сеуште е во очекување протоколот за пристапување на земјата во Алиансата од страна на Шпанија, откако САД ја завршија постапката за ратификација. Цената на членството нема да биде мала. Според анализата која ја направи за "Спутник" уредникот на порталот Инфомакс, Александар Митовски, Македонија е во НАТО и под "присилна управа" на Алиансата од 1997/98 година. "Она што во суштина е официјално сега е дека го изгубивме суверенитетот, националноста и идентитетот. Мислам дека не вреди да се плати таква цена за нешто што повеќе или помалку веќе го имаме. Македонија беше во можност да добие полноправно членство во НАТО без да го промени името, без да ја промени својата историја и без да прифати многу повеќе. Во овој поглед, не смееме да заборавиме дека Македонија ја потпиша Тиранската платформа со која Македонија ја загуби својата унитарност и стана бинационална држава", рече категорично Митовски. Оваа организација (НАТО) не е заинтересирана за внатрешни конфликти, туку само за надворешни закани. Ние во Македонија немаме проблем со закани од други земји или соседи. Имавме внатрешен конфликт и НАТО не може да ни помогне овде и се плашам од тоа што се случи во 1999, 2000 и 2001 година кога таканаречените активисти за човекови права добија отворена подршка од Западот, Америка и НАТО и тие беа дефакто и дејуре терористи. Значи, ако нешто такво се случи повторно, нема да имаме помош од НАТО", убеден е Александар Митовски. (Инфомакс)

Почитувани читатели, сега откако станавме (ќе станиме) членови на НАТО јас спијам во мир и спокој без страв некој да ме нападне. И во 2001 година сакав да спијам во мир арно ама работите се помешаа некако. Сигурен сум дека многумина од вас се сеќавате на Џорџ Робертсон (човекот на НАТО) кој во почетокот на 2001 година по нападот од албанските терористи рече дека Македонија има право да си го брани својот интегритет, својата земја, за три дена потоа да застане на другата страна и да бара човечки права за албанските терористи. Сега работите стојат поинаку. Македонија е опкружена со "НАТО-пријатели" кои ништо лошо не и' мслат, освен ако им се даде прилика.

И официјално филмот Медена земја меѓу номинираните за Оскар

Американската филмска академија го соопшти списокот на филмови кои влегоа во најтесен избор за наградата Оскар во девет категории меѓу кои и Медена земја во дури две. Во 92-то издание на Оскар, македонскиот филм ќе се натпреварува во категоријата документарни филмови во кои влегоа 15 од првично предложени документарци. "Медена земја" е и еден од десетте номинирани во категоријата Меѓународен филм, порано позната како филм за странски јазици. Годинешното доделување на Оскар ќе се одржи на 9 февруари во Долби театарот во Холивуд. (Инфомакс.мк)
Честитки за филмот и од мене. Честитки и пофалби за овој документарен филм доаѓаат од сите страни. Време беше повторно да се појавиме на филмската академија по "Пред дождот" на Милчо Манчевски многу одамна.

Низ деновите на минатиот месец

Танас Јовановски

И Киро не беше за петка, ама споредено со вас, понавлачи и кодоши, е професор
Јавноста ја прими на нож информацијата дека луѓе од власта го чествуваат првиот претседател на независна Македонија користејќи ги неговите зброви "Македонија е се' што имаме". Оливер Спасовски, актуелниот министер за внатрешни работи, денеска (1.2.2020) на твитер објави дека се навршуваат осум години од смртта на поранешниот претседател на Македонија, Киро Глигоров, цитирајќи ги неговите зборови, "Македонија е се' што имаме". Во твитот Спасовски меѓу другото вели "Вечен да е споменот на архитектот на современа Македонија. Македонија е се' што имаме. На тоа му одговараат: Ти немаш право да збориш за Киро кој го бранеше Уставот и беше поголем Македонец! Збори си за СДСМ која не е на Киро и не е Киро, потсетувајќи го Спасовски дека треба да му биде срам што воопшто се исповетува со Глигоров и денес ги користи неговите зборови.



И Киро Глигоров, Бог да го прости, не беше за петка, ама споредено со вас, понавлачи и кодоши, е професор... пишуваше во еден од коментарите. Како бре не ти е срам, ти да напишеш Македонија, северџан си и тоа ќе останеш... пишува во еден од коментарите Вечен ќе биде споменот и на вас како уништувачи на Македонија, му пишува Зоран Златанов на Спасовски, а Мартиниан го потсетува дека Киро Глигоров од нив во гроб се превртува. (Република)

Киро Глигоров е најзначајна политичка личност во новата историја на самостојна Македонија. Прав човек во лоши времиња. Левичар или десничар, сеедно, во негово време Македонија беше Македонија, никаков национален интерес не беше загрозен, државата Македонија беше наша гордост, македонскиот народ беше горд народ! Ништо од тоа не остана! Арамии се борат со високата корупција, команданти на УЧК управуваат со она што остана од Македонија...

Грците во странство добија право да гласаат

Со 288 гласа "за" од вкупно 300 пратеници, грчкиот Парламент даде зелено светло за законот за право на глас за Грците кои живеат во странство. Ова мнозинство се смета за историски консензус во Грција, јави дописничката на МИА од Атина. Новиот закон го подржаа сите партии со исклучок на партијата на поранешниот министер за финансии Јанис Варуфакис НЕПА25 која беше против. Грчкиот премиер Кијакос Мицотакис во неговиот говор на расправата непосредно пред гласањето рече дека станува збор за историска седница со голем меѓупартиски консензус. (АЛСАТ-М)

Ајде да видиме како ќе гласаат пријателите на Зоранчо Заев во нивната диаспора. За нас Македонците, ако и понатаму некој сака да гласа, ќе треба да оддели доста време, првенствено за оние кои живеат во Ванкувер, Едмонтон, Калгари, Монтреал... и на крајот пак нема да изберат свој претставник во Собранието на Македонија за кој се потребни над шест илјади избирачи.

Груби горд на Охридскиот и Преспанскиот договор, како и на двојазичноста: Нема враќање назад

Остваруваме законска обврска да се спроведе техничка влада. Граѓаните знаат дека до овој момент се дојде по средбата на Советот на ЕУ и токму оваа е пораката за секоја наредна влада која ќе биде во иднина, враќање назад од Охридскиот и Преспанскиот договор како и договорот со Бугарија не може да има од ниедна влада, рече Артан Груби во Собранието на Македонија. Според пратеникот на ДУИ со решенијатаа на оваа власт државата станала посилна.- Заедно постигнавме двојазичност, да го решиме спорот со името, да го решиме спорот со Бугарија, успеавме да влеземе во НАТО и да сме кон Европската унија. Ја спроведовме декларацијата на Албанците, изградивме болници, училишта, градинки, започна изградбата на автопатот Скопје-Блаце, додаде пратеникот Артан Груби. (Курир)

А бре Артане, многу се затрча. Испадна дека твојата влада е безгрешна и никој нема право ништо да менува. Па ајде да ве оставиме на власт се' додека од Македонија не остане ниту М во името. Излези на улица и прашај ги граѓаните што мислат за твојата влада!

Танас Јовановски

Низ деновите на минатиот месец

СДСМ со законот за јазици прифати се' што ние како ВМРО-ДПМНЕ не прифативме

Екс премиерот Никола Груевски откри каде запреле преговорите за составување на влада во 2016/17 година кога тој на чело на ВМРО-ДПМНЕ преговарале со ДУИ. Сепак, преговорите со ДУИ не запреле кај СЈО туку кај двојазичноста односно ДУИ не сакале да формираат влада повторно со ВМРО-ДПМНЕ бидејќи Груевски не сакал да прифати двојазичност, односно сегашниот закон кој СДСМ веќе и го спроведува. Тој напоменува дека за друго со Ахмети речеси и да не преговарал, односно 90 проценти од времето се говорело за јазици. Не, ваков закон каков што СДСМ прифати не сме прифатиле во преговорите. Во онаа верзија која што ние ја договоривме со ДУИ ниту парите, на парите требаше да има двојазичност, ниту на униформите, ниту на еден куп други работи. Практично нешите преговори со ДУИ беа преговори за Законот за јазици. Друго многу малку преговаравме. Дури 90% од преговорите во декември, јануари 2016/17 година беа поврзани со Законот за јазиците односно со негови финеси. Ние во тие преговори многу од работите кои ние ги отфрлифме, подоцна СДСМ ги прифати. Од она што се сеќавам знам дека беше двојазичносста на униформите, знам дека беше двојазичноста на парите, на денарите и уште неколку работи , не се сеќаваам. Се' гледавме да биде во рамките на Уставот затоа што овој закон сега е неуставен. (ИНФОМАКС)

Ете, тоа е разликата меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Додека ВМРО-ДПМНЕ не се откажа од апсулутно ништо што носи македонски белег како јазикот, името, историјата, малцинствата... ненародната влада на СДСМ распродаде се'без око да им трепне. Јас сум убеден дека со распродажбата некои и дебело се офајдија.

Г.г. Стефан: Треба да го чуваме тоа што ни' е светост и посебност

Треба да го чуваме тоа што ни е светост и посебност, да ја чуваме и живееме верата, да ги чуваме светињите. Всушност, да го чуваме тоа што не определува пред светот као самобитни, што е нашиот идентитет и духовен и национален. Да не дозволиме како народ, некој во името на нас, сегашните, но и во името на нашите претходници, како и во името на тие сеуште неродените, со својата негрижа, или заради некоја друга цел, да го оттуѓува или уништува нашето вековно дело. Но и да не допуштиме никој од нас да отстапува, да се откажува и да го споделува тоа што за нас е суштинско и свето. Секој опстој е искушение и предизвик, па затоа само во слога и единство може да се брани и одбрани своето, достоинствено и со подигната глава и со гласно – не. Силата не ја моли правдата, но моментите кои го засегаат духовниот, културниот, историскиот и националниот идентитет на еден народ не треба и не смеат да бидат отстапени или да се претворат во можност за компромис. Затоа неодложно ни треба обединување и национална стратегија. И ние како народ Божји имаме право да го живееме вечниот оптимизам што го дарува денес родениот Богомладенец – кој за сите дојде, за сите да ги спаси. (Нова Македонија)

Too little to late дедо Владика. Горното е дел од Божиќната порака на поглаварот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија г.г. Стефан. Она за кое се залага сега поглаварот не така одамна е изгубено и тоа тој треба да го знае. Овде нема да повторувам се' што досега изгубивме само ќе го потсетам Неговото Високопреосвештенство на писмото до Бугарската православна црква (БПЦ) во кое бара да ни' биде мајка. И ако е така, мајката раѓа чеда – Бугари. Во писмото се бара помош од БПЦ да помогне во признавањето автокефалност на МПЦ од страна на "светата православа столица односно Вартоломеј" . Јас лично сум верник во Бог и не барам признавање од никого за моите сопствени духовни чувства. Нашата Црква призната или непризната опстојува со векови и му служи на својот народ за кој таа и постои и тоа е поважно од се' друго!

Заев ја понудил ќерката за снаа на Ципрас за да се потпише Преспанскиот договор

Ново видео на кое поранешниот премиер Зоран Заев му ја нуди ќерката за снаа на поранешниот премиер на Грција Алексис Ципрас за да се постигне Преспанскиот договор е објавено на твитер. Заев во разговор со новинарот на телевизија 24 Вести Мишко Иванов вели дека за време на преговорите за потпишување на Преспанскиот договор Ципрас му рекол дека има нов проблем. – По саат време разговор вели Зоран уште еден проблем имаме. Кој проблем, нов проблем , реков. Што е проблемот? Ми вика, имаш ќерка. Јас му викам, а ти син да не имаш? Ми вели, два имам. Му велам, еве го бре Алексис, ќе го постигнеме сега договорот. Малку ќе попуштите вие, јас ќе ја дадам ќерката. Ние немаме море, ќе дадете еден остров, така да полека ќе го најдеме решението – вели Заев. (ПЛУС ИНФО)
Да дај Бог ова човече (Зоранче) никогаш повеќе да нема никаква работа со нашата држава со целиот срам, резил и штета што и' направи. Трампа остров за ќерка му. А што ќе побара за жена му? За мајка му?Да не нешто оваа "трговија" ја научил од неговиот пријател Али Ахмети? Заборави Зоранче дека ние имавме и море и острови, неговиот пријател Алексис и неговите претци ни ги украдоа! И тоа ни на крај памет на Зоранче не му паѓа.

Член на младината на СДСМ "гордо" објави: Не навивам за Македонија поради Стојанче Стоилов и Кирил Лазаров



Воислав Попоски кој на социјалните медиуми се претставува како вработен во СДММ (Социјал-демократската младина на Македонија, подмладокот на СДСМ) синоќа на социјалните мрежи објави статус кои наиде на огромна осуда од јавноста. Младиот сдсм-овец напиша дека поради Стојанче Стоилов и Кире Лазаров (најдобрите македонски ракометари) македонската репрезентација немало да ја има неговата подршка. Но, подршка изгуби неговиот статус кој беше жестоко нападнат од многумина кои го здогледаа и му се чудеа на паметот: На неговиот профил повеќе го нема статусот. Еден од одговорите беш – Ало, у право си, тоа е репрезентацијата на Македонија, не е на с....бељмез еден, друга е оваа!

Забегал дечкото, нема што, ниту доктор не може да му побегне!

Carpet Installation

Delivery and Installation your new carpet to your home.
Repairing and removing carpet at a reasonable price.
If you require carpet and underpad I can provide at an affordable price.
Please call me for FREE Estimate.

МКЦ најави групно следење на доделувањето на Оскар поради номинациите на Медена Земја

Оскари во МКЦ (следење во живо) е настанот кој го организира Младинскиот културен центар (МКЦ) откако македонскиот филм Медена Земја успеа да добие две номинации за претстојните Оскари – за најдобар документарен филм и за најдобар странски филм. Настанот е закажан за 9 февруари со почеток во 23 часот во кното Фросина. Ќе се одржи пренос во живо од 92-то доделување на престижните филмски награди во театарот Долби во Холивуд. "Закажуваме пренос во живо на Оскарите, 9 февруари во кното Фросина. Повеќе инфо набргу... " стои во кусата најава од МКЦ. (Република)

Најпосле, ете и една убава, фантастична вест од нашата татковина. Држите ги прстите вкрстени за двете номинации.

Readers Corner

Yes, I'm quoting myself again:
"It's ironic that the #USA is allowed to dictate to foreign countries how they should conduct their affairs,but it cannot even run its own country.

I've asked every #US #StateDept official I've ever met how they sleep at night knowing their job description is "eradicate #Macedonia."
Ambassador Kate Byrnes, I'm asking u here since we (thankfully) haven't met. Btw, "following orders" is no justification for #culturalgenocide.

I have no patience for those who refer to #Macedonia with the racist, imposed name "#NorthMacedonia" then tell us it's "not offensive" cuz that's how the world "recognizes us". Read my 2016 op-ed in #TheHill & explain your hypocrisy. Oh, and stay tuned...

Замислете како би било ако сите особености на вашата етничка група се негираат, омаловажуваат, редефинираат - се за да се исполни целта на вашите угнетувачи за ваше целосно бришење. Замисливте? Така е да сте во кожата не Македонците, а целиот свет е соучесник...

Imagine everything about your ethnic group being denied, questioned, belittled, redefined - all to appease your oppressors in their ultimate goal to eradicate you. Ready? You're now in #Macedonia's world. You're now asking why the world is complicit.

Политичари од Република #Македонија, вие кои сте против принудното менување на името, ЗАПРАШАЈТЕ СЕ:
1. Што направивте за да го СПРЕЧИТЕ преименувањето?
2. Што правите за да го ПОНИШТИТЕ?
НЕ Е ДОВОЛНО само да кукате.
ИЛЕГАЛЕН ЗАКОН НЕ Е ЗАКОН.
ПОНИШТЕТЕ ГО "#ПреспанскиотДоговор"

Politicians in the Republic of #Macedonia who condemn the forced name change, ASK YOURSELF:
1. What did you do to PREVENT it?
2. What are you doing to REVERSE it?
Bitching about it is NOT ENOUGH. An ILLEGAL law is NOT LAW. ANNUL the #PrespaDisagreement.

Објавено во @EurasiaReview од @BillNicholov

Претставете си: #Македонија. 1991 година до денес. Македонски политичари играат фудбал против некоја земја (не е важно која) и притоа - несакајќи да го навредат противникот - целото време играат само одбрана...
Кој ќе ми се придружи во создавањето на нов празник за сите делови на #Македонија во 2020 година? Ден во кој ќе го славиме враќањето на НАШЕТО ИМЕ и ќе ставиме КРАЈ на сите преговори.
Ќе успееме. Продадените политичари ќе мораат да не послушаат.
#НашетоИмеЕМакедонија

Who will join me to make a new national holiday in 2020 in all of partitioned #Macedonia? We will celebrate the return of OUR NAME & THE END of any change/negotiation. Demand it.We WILL get it. Gutless politicians have no choice but to listen. #HappyNewYear & #OurNameIsMacedonia!

Bill Nicholov
President, MHRMI

ВО ПРЕСРЕТ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА

Во ненормална држава нема државничко однесување

Танас Јовановски

Во телевизиско интервју не така одамна го гледам и слушам лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицковски како вели дека неговата партија како опозиција се однесува државнички, а исто така државнички ќе се однесува по изборите на 12 април кога тој и неговата партија ќе дојдат на власт. Тој е убеден дека тој ќе биде идниот премиер на земјата после се' што се случи последните три години. Мицковски сеуште не сватил дека за да се однесуваш државнички треба да имаш држава! Држава ли е Македонија какви што се другите европски држави? Сигурно дека не!

Ако сте опкружени со волци, не смееш да бидеш јагне. Ќе те изедат. Уште полошо е кога волците (домашните) ти се во стадото и ти изедоа се' она со што се гордееше мојата и вашата татковина Македонија. Ако не знаеш како да се бориш против волците, гледај ги што прават тие. БИДИ ВОЛК! Мојата татковина господине Мицковски, македонскиот народ очекува да му ја вратиш гордоста, да му ја вратиш надежта. Тоа е Твојата должност како опозиционер и како премиер. Советите од твоите сестрински партии нека си останат таму од каде доаѓаат (од Ангела Меркер само ден пред референдумот) затоа што кога станува збор за Балканот таквите совети не помагаат. Балканот и ден денешен се бори со дефицит од слобода на говор, на правда, на движење... но и со немање на три оброци дневно.

Нема друга држава во Европа каде се одржуваат избори по Пржински договор. Ниту по Муртински. Ниту по бриселски. Кога владата во една земја ќе ја изгуби довербата или пак ќе и' помине мандатот следуваат избори. Не се менуваат ниту министри ниту министерки ниту пак премиери. Некој за нас (Македонците) изнислил техничка влада сто дена пред избори. Тој што измислил таква влада и такви избори не е наш. Тој со сигурност тврдам дека е од оние напредните европејци кој никогаш не би прифатил таква влада во неговата земја затоа што и таква (техничка) влада нема гаранција за фер и демократски избори.

Христијан Мицковски мисли дека глупостите на Зоранчо Заев кои ги направи во последните три години (името, Уставот, јазикот...) ќе му ја донесат победата на изборите на послужавник со кафе и слатко. Се лаже! Христијан треба да ги отвори очите и да погледне во реалноста. Да погледне како три месеци пред изборите муртинецот Заев го лаже народот дека ќе им ги покрене платите, пензиите ... без при тоа никој од опозицијата да не го праша од каде ќе дојдат парите. Сигурно дека не од "цветечката" македонска економија туку од европските банки, пари кои порано или покасно некои ќе треба да ги враќа, а тие ќе бидат идните генерации синови, керки, внуци и правнуци.

Христијан Мицковски милува да зборува за Зоранчо Заев како за премиер во заминување. Дали е во заминување или на тримесечен одмор (со плата) ќе покажат резултатите од априлските избори. Не е умесно Мицковски да се залетува предвреме. Премиерската столица треба да се заработи со ум, со време, со пот, со подршка од сите слоеви во општеството без да се чека на победа без идеи каде треба да оди земјата. Зоранчо Заев во последните три години владеење на Мицковски му даде повеќе од доволно муниција да го направи прав и пепел ако тој умее како да ја искористи. Со толку голем арсенал на располагање би рекол дека и не треба многу умеење за еден универзитетски професор. (Носење затвореници да гласаат во Собранието, Ослободување на криминалци од затвор за да се отворат места за бранителите на Уставот на Македонија, кои се убијците на децата рибари кај Смиљковското Езеро...)

Професоре Мицковски, неколку недели по избувнувањето на аферата РЕКЕТ јавно мафтавте со неколку листови хартија и говоревте дека имате докази за вмешаноста на луѓе од власта во таа корупциска афера. Сега е време (не по изборите) да излезете во јавноста и да кажете што имате вие, а не знае народот, незнам јас, а имам право да знам. Ако советниците ве советуваат да чекате, да не се брзате, ќе стивне бурата, ќе спласнат емоциите... и на крајот пак ќе останеме да ја пееме старата песна. Затоа, г. Мицковски, бидете храбри и вратете ја вербата во срцата и душите на нас Македонците како во татковината така и во секое делче од планетата Земја. Колу е потребна храброст за да се биде предавник на својот народ, дупло повеќе е потребна храброст да се застане на патот против предавството. Предавникот нема ниту срам, ниту страв, ниту срце, апсолутно никаков интегритет, а има пријатели со кои го дели колачот.

Во јануарскиот број на овој наш весник на прашањето – По што ќе ја памтите 2019 година и што ќе и' посакате на Македонија во Новата 2020 година 18 познати општествници од нашата македонска заедница овде во Канада но и пошироко искажаа голема разочараност за се' што се случуваше во изминатата година, но исто така истите тие искажаа и голем оптимизам и надеж во Новата 2020 година водена од народна и за народот власт. Власт која ќе го поврати изгубениот морал, изгубената гордост, име, идентитет...
На крајот само дас потсетам дека на претходните избори во 2016 година ВМРО-ДПМНЕ доби 51 пратеничко место во споредба со СДСМ кои добија 49. Реално, ВМРО-ДПМНЕ требаше да добие мандат да формира влада но тоа не се случи: Не се случи затоа што СДСМ се покажаа далеку подарежливи кон барањата на Албанците со кои формираа коалициона влада. Тиранската платформа не дојде покасно. Беше најавена од страна на Заев во Швајцарија за време на изборите. Ова го пишувам за да го потсетам Мицковски дека патот до 60+1 или 80 во денешни услови ќе биде тешко остварлив.

OFFENCE IS THE BEST DEFENCE - TOO BAD MACEDONIAN POLITICIANS DON'T EVEN KNOW HOW TO PLAY THE GAME

Published in Eurasia Review, by Bill Nicholov, President, MHRMI

Picture it. Macedonia. 1991-present. Macedonian politicians playing soccer against [insert any country here] and – not wanting to offend their opponent – spend the entire time playing defence. Whenever they make a save, they celebrate like they're the best soccer team to have ever existed. When they inadvertently pass midfield, they immediately give up the ball and rush back to playing defence. They substitute different players, whose main goal is to get in the game but not to actually score. Instead of focusing on the game, they continue to scream and complain about how they should've been in the starting lineup. The fans are shouting "Go Macedonia! Shoot! At least TRY TO SCORE A GOAL!" and by sheer miracle, one player, actually listening to the fans, takes the ball, dekes out the other team, and scores! He is celebrated as the only Macedonian politician to ever put his team/country first but soon afterward, slinks away and completely hangs Macedonia and Macedonians out to dry.

And this is how Macedonian politicians, from both major parties, have always governed the Republic of Macedonia – with no balls. It's painfully obvious that they should have never played the game. You can't win by just playing defence – eventually the other team will score, and they will score a lot. And Macedonian politicians have played the game so poorly, they not only made their own team (the Republic of Macedonia) lose, they've taken all of Macedonia's partitioned territory – and all Macedonians, past, present and future – down with them.

I've met with a lot of Macedonian leaders and politicians. They're reading this - and they're offended. I'm telling them here, and I've told them personally: Look in the mirror and see how your actions – and inaction – are taking down an entire ethnic group.

I've also told them that going on the offence is not offensive, especially when you have the truth on your side. (Should I apologize for my Canadian spelling of "offence" by the way? They would.) Instead of apologizing for existing, Macedonian politicians should be standing up for an entire nationality from relentless, public attacks by our oppressors – to admittedly redefine, and eradicate, what it ever meant to be a Macedonian. And this is the very raison d'etre of the Western-imposed, ironically-named "Prespa Agreement" - the illegal document that changes Macedonia's name, and the identity and history of ALL Macedonians. By the way, Macedonian politicians would also apologize for my use of French – as that would anger their US overlords. Yes, the same ones who imposed the Prespa Disagreement.

So why would the US do such a thing? Imperialism. They want Macedonia in NATO, something that Greece (with Bulgaria hopping on board) had vowed to veto unless Macedonia gives up its name, identity and history and become "North Macedonians" from "North Macedonia" with a history beginning with the Republic of Macedonia's independence from Yugoslavia in 1991. The terms "Macedonia" and "Macedonian" were handed over to Greece and Bulgaria, depending on context – as explained in multiple Articles of the 19-page document telling me who I am and who my people ever were.

After Macedonia was partitioned in 1913 among Serbia (Yugoslavia), Bulgaria, Greece and later, Albania, each country brutally suppressed the name Macedonia and executed campaigns of ethnic cleansing against the indigenous Macedonian populations. The Prespa Disagreement officially validates Greece and Bulgaria's campaigns, as it explicitly denies the existence of Macedonians in these countries. Yes, the West wrote a handbook wiping out an entire people.

Additionally, and ironically, in 1988, Greece made a sudden, dramatic propaganda switch and began claiming that the Macedonian name belongs to them, but that Macedonian people still "don't exist". So then, who's writing this op-ed...? Greece decided to go on the offence with blatant, racist lies, while Macedonian politicians cower in the corner with the truth.

Since Macedonia has been a toy thrown around by our various oppressors, let's play a game too. It's called "What Would You Do?" Pick your character first, you're either a Macedonian politician or a normal person:

Question 1 – When an oppressor claims that your ancient history belongs to them, do you expose their attempts at wiping out your people? Not if you're a Macedonian politician, you either give your history away or you do nothing to prevent it (depending on which political party you serve).

Question 2 – When a different oppressor claims that your modern history belongs to them, do you hand it over then engage in dialogue with them and try to find "common ground"?

A normal person would go on the offence and point out that these acts violate their most BASIC of human rights. They would point out the sheer hypocrisy that the West – which CLAIMS to support human rights, democracy and the rule of law – are the ones aiding our oppressors in our eradication by forcing the Prespa Disagreement on us. (The oppressor behind Door #1, by the way, is Greece, and Bulgaria is behind Door #2. Now this is a Let's Make A Deal game that I would refuse to play.)

And a normal person would say OUR NAME IS MACEDONIA and the case would be closed. I told Macedonian politicians the same, repeatedly. I also told them to not negotiate the un-negotiable. That we already have a name. That it's not theirs to give away. And the only reason that the West was pushing for a name change was because they agreed to negotiate it.

I also tell them, repeatedly, that the forced name change can easily be reversed. An illegally-imposed law is not law. It's that simple. The Prespa Disagreement was forced on Macedonia in violation of Macedonian and international law, in defiance of the Macedonian constitution and parliamentary rules, and by ignoring every human rights convention that guarantees the basic right of self-determination. I tell Macedonian politicians that their ridiculous claims that "reversing the name change would be difficult" only serves to prove that they're either incompetent or complicit.

The irony is that Macedonia would have WON, if it were not for Macedonian politicians, who took it upon themselves to play games with - and lose - our name, identity and history. The vast majority of the world had recognized the Republic of Macedonia under its real name. The United Nations condemned Greece and Bulgaria for its persecution of Macedonians and demanded immediate recognition of their large Macedonian minorities. The European Court of Human Rights ruled in Macedonians' favour in numerous cases against Greece and Bulgaria. This is what happens when you show self-respect, stand up for yourself and demand support - like the Macedonian minorities do throughout the Balkans. But what did politicians from the Republic of Macedonia do when they found themselves on a breakaway, and only needing one goal to finally put the anti-Macedonian "name dispute" to an end? Instead of scoring (ending the name negotiations that never should have begun), they turned around and scored an own goal.

This brings us back to the analogies. I don't think there's any confusion about them (save for, possibly, the Golden Girls reference at the beginning), but I'll quote another old lady and explain them "just for case". (My mother-in-law's version of "just in case"). Gjorgi Ivanov, former president of the Republic of Macedonia, was the only player to have scored a goal – and he did so at the 2018 UN General Assembly when he decried the forced renaming of Macedonia and pointed out the sheer racism and hypocrisy of the West in imposing it. Self-determination was the key, and so is the fact that Macedonia and Macedonians have always existed as such. What did he do to follow up? Nothing. He had a multitude of options in preventing the illegally-imposed name change and he could've pardoned Macedonian political prisoners (those who dared to defy the West in opposing the name change) but he chose not to. He chose to obey the West instead, and he left the Macedonians who stood up for Western values (by defending their own human rights), to rot in prison.

The unathletic soccer players are Macedonian politicians from SDS and DPNE ("SDSM", the biggest traitors in Macedonian history and the US puppets who executed the Prespa Disagreement and "VMRO-DPMNE", the faux patriots who did nothing to stop the forced name change - so neither deserves the right to use the "M" for "Macedonia". Macedonian politicians, are you offended again? Then WAKE UP and defend Macedonia). The substitutes are whichever party is in opposition at the time. And the Golden Girls reference is the beloved TV sitcom character Sophia Petrillo, who would tell delightfully, twisted stories from her childhood ("Picture it. Sicily. 1922...") But, if the West's anti-Macedonian actions were applied to her, all of her stories would be changed, along with her ethnicity, memories, and very being. She would be forced to say "Picture it. Washington D.C. 2020. The year everything I ever was, was erased..." Welcome to Macedonia's world.

Bill Nicholov, President
Macedonian Human Rights Movement International



Бил Николов до Human Rights Watch: Замислете да сакаат да ве избришат, тоа се случува со Македонците

Лидерот на Македонското меѓународно движење за човекови (ММДЧП) Бил Николов поставува прашање на организацијата за човекови права Human Rights Watch со порака да ја разберат ситуацијата во која се наоѓаат Македонците.

"Замислете како би било ако сите особености на вашата етничка група се негираат, омаловажуваат, редефинираат – се за да се исполни целта на вашите угнетувачи за ваше целосно бришење. Замисливте? Така е да сте во кожата не Македонците, а целиот свет е соучесник" е барањето на Николов до Human Rights Watch.

ХРВ е една од најстарите и најмоќни глобални организации кои се борат за човекови права но во случајот со Македонците засега нема никаква нивна активност.

Macedonian Human Rights Movement International

Please read this message from MHRMI President Bill Nicholov about the passing of his father:

"My dad passed away. He was, and is, my inspiration. We were each other's voices of (at times, illogical) reason. All the inside jokes we shared, the loud inappropriate ones, the laughs, the stories. It's like we spoke our own language. Te (my cutesy version of Tate/father), I will always do my imitations of you, every sentence beginning with "Hey". I'll keep busting out the English terms you learned, and said with a major Macedonian accent: "Hey Beel, I'm going to take a cat...nap" (there was always a pause between the last couple of words). Everything reminds me of you Te. Just writing the word "couple" brought back a cuppla (his pronunciation) stories and songs he used to sing. You brightened everyone's day. Who is going to call and tell us "useless" (in fact, priceless) facts about why dogs and cats eat their food differently? Who will call and tell me to do something that I know needs to be done, but am too lazy to do? And when it's finally done, who will lovingly say "It's about time". Who will ask me, "You got any scoop?". When I have meetings related to Macedonian human rights, who will tell me to give people, figuratively, "the beats" if they're anti-Macedonian. Who will tell me how proud he is when someone meets him for the first time and says "Oh, you're Bill Nicholov's father?" I am your son, Te, and I love you so much. When doctors told him that he was on his death bed, he told me to take care of my boys, not to forget my mother and "Da se borish za Makedonija". (to fight for Macedonia). I told him that we WILL get our name back. I told him that my boys love him so much and will always remember his sayings. I told him that I will never forget my mother and that it is, in fact, her who takes care of us all. Majko, Tate and I would marvel at how you handle everything. He needed you and loved you. And Te, I can hear you now asking what the word "marvel" means, pronouncing it two different ways (actually the exact same way) and asking which pronunciation was better. I always said "The second one" so there was no confusion. That night, despite the news, my dad continued to tell us stories and make us laugh. His eyes lit up knowing that my mom was there, my kids, me, and my wife (they were instant friends from day one). My dad defied the doctors and stayed with us a few weeks longer. We needed him, and we will always need him. Teta Lena, he loved you and your loudness, and he loved Tetin Vlade. To all those close to us, Tate loved you too. I still can't believe it. Te, you've inspired us all. Every time I play with my boys, every time I make a joke, every time I do anything for Macedonia, I will think of you. I love you Te, and as I would always tell you in our weird way of speaking, I love you but."

- Bill Nicholov, President, Macedonian Human Rights Movement International

George Nicholov

February 21, 1947 - January 14, 2020

Последно збогум од весникот „Македонија„:

Драг пријателе, соработнику, уредник на рубриката (Readers Corner) Ѓорѓи Николов,
ти благодариме за секој збор, мисла и дело за македонската вистина, твојот патриотизам
ќе остане запаметен и во дело преточен. Бил, твоето чедо, прекален патриот, голем син македонски ја продолжува твојата мисија и рубриката што ти со љубовата кон својата напатена Македонија ја отпочна пред повеќе години.
Вечна ти слава. Почивај во мир и сонувај за родното Желево и Обединета Македонија.

Interview with Christian Rostankovski, President of the Macedonian Youth Network, the youth section of the Macedonian Orthodox Church "St. Clement of Ohrid", Toronto

IT IS IMPORTANT FOR YOUNG MACEDONIANS TO FEEL A SENSE OF BELONGING IN THE MACEDONIAN COMMUNITY

MK: Christian, first of all congratulations on all the activities you do throughout the year and we wish you success in this current year as well. Let us remind our readers what MYNET is and what your goals are?

Christian: MYNET began as an initiative to form a youth section at St. Clement of Ohrid in 2015. Over the years our membership has grown substantially and our events have become very popular with the Macedonian youth. Our three main goals are bringing together young Macedonians to celebrate our culture, involving our youth in the religious life and administrative aspects of our church, and inspiring love for our Macedonian community in young Macedonians so that we can create a generation of future leaders. We are celebrating 5 years as the active youth section of St. Clement this year and plan to continue bringing our youth together in larger numbers.

MK: Why is it important for young Macedonians to be members of MYNET?

Christian:It is important for young Macedonians to feel a sense of belonging in the Macedonian community so that they will want to be more involved. One of the biggest reasons some young Macedonians do not want to be more involved in the community is because they feel like they do not have any Macedonian friends and do not know anyone. It is important for our youth to be involved in MYNET because we provide young Macedonians with opportunities to connect with one another, make friends and work together to make a positive impact on our community. These are the reasons why MYNET has become so successful so fast.

MK: Every year in February you organize one of the most beautiful youth events of the year dedicated to Valentine's Day, which now has a long tradition. We know the event is attended not only by young people, but also by adults who feel young at heart and come to celebrate the Orthodox holiday of St. Triphon with good wine and love. How do you plan to celebrate Valentine's Day this year?

Christian: The Valentine's Day Dance has been organized for decades by the Ladies Auxiliary of St. Clement and only recently has MYNET taken on the task of organizing the dance. We have completely redesigned the dance and have turned it into the biggest and most popular youth event of the year. This year we are planning our annual Valentine's Day Dance on Saturday February 22nd in Hall A of St. Clement. There will be live music by Balkan Entertainment, a photobooth by Suzy G photography, food, specialty drinks, and of course the annual Mr. and Ms. Valentine contest which will feature new twists to make the contest more interesting. The event will start at 8pm and tickets are available at the door for $15 and online for $10. We are also allowing people to reserve tables for the first time because we are expecting a large number of guests. To reserve, you can contact us on Facebook, Instagram or call Alexis Jovanovski at 647-391-6708. It is important for our community to come out and support this event because it is one of the few events in the year that is organized by young Macedonians, for young Macedonians. All the proceeds go towards supporting MYNET and Macedonian youth initiatives.

MK: MYNET is expanding slowly but surely, you are bringing together young Macedonians in Canada and USA. We have information that some other Macedonian churches in North America have opened youth sections and where exactly?

Christian: We are very happy to see that this idea is catching on in other churches as well. At the American-Canadian Diocese convention last year in Buffalo, I attended the convention meeting to speak about MYNET and the work we do at St. Clement in Toronto. I emphasized the need for youth sections like ours at every church in the diocese because we believe every church can benefit from a group like MYNET that works to get young Macedonians more active in the church and community. Recently Sts. Peter and Paul in Crownpoint, Indiana and St. Mary in Detroit announced the formation of a youth auxiliaries at their churches and we could not be happier for them. We wish them both only success and we hope that we can someday collaborate and meet to discuss activating our youth on an even larger scale.

MK: You come from a traditional Macedonian family that has been actively involved in the life of the Macedonian Orthodox Church St. Clement of Ohrid here in Toronto for many years. For readers who don't know you, tell us about yourself, where your parents are from, and how much do you know about your ancestors' birthplaces?

Christian: I am a fourth year University of Toronto student studying life sciences and hoping to someday work in medicine. I am currently the President of MYNET, Vice President External of the Association of Macedonian Students at the University of Toronto, and a performer in Ensemble Makedonka.

Growing up, I always had 2 homes, one was where I lived and the other was our church, St. Clement of Ohrid. From a young age my parents took me to liturgies, signed me up in Ensemble Makedonka, and took me to language and bible classes. My upbringing instilled a very strong sense of Macedonian identity in me, and a love for the church and God. By the time I was a teen, I realized many of the Macedonian events I grew up with like the Valentine's Dance were dying out and our youth seemed not to care. There was a need for a youth organization to bring back the youth events of the past and get young Macedonians caring about our community again. I was one of the founding members of MYNET in 2015 and the mission of bringing young Macedonians back into our church was very dear to me. In 2017, I was elected the first President of MYNET and I helped grow the group into what it is today; a group that few people believed was possible when we first started. People often say, "you have no idea how much better off our community was back in the 80's and 90's" but I always respond, "compare how much stronger we are today because of groups like MYNET than 5-10 years ago".

My parents were both born in Macedonia and immigrated to Canada. My father Mitko is from Capari, Macedonia and my mother Violeta is from Bolno, Macedonia. My family has been involved in the Macedonian community in Canada and St. Clement of Ohrid for decades and I am proud to follow in their footsteps.

MK: How do you find time for all the activities in MYNET, Ensemble Makedonka, AMSUT and others in our community, despite your obligations at University?

Christian: It is difficult at times to balance school with my busy life in the Macedonian community but for me it all comes down to time management and the enjoyment I get from being a part of these groups. For me, being President of MYNET, a performer in Makedonka and Vice President External of AMSUT are not chores but a chance to take a break from school. Being a part of these groups, organizing events and socializing with other Macedonians is my favorite pastime. It is something I am passionate about and enjoy doing.

MK: What would you say to young people from Canada and the United States who are reading this interview to end our conversation?

Christian: I would simply say "get involved". Get involved in your churches, get involved in your community and get to know other young Macedonians. I have always been a quieter person but in my experience stepping out of my comfort zone and becoming involved in groups like MYNET has been an extremely rewarding experience. If there are young people reading this who are hesitant about coming to our events or meetings, do not be afraid to send us a message or approach me or one of our members in person and just say hello. We are always ready to welcome young Macedonians who want to be involved, make friends and join us on our mission to unite our youth and build a strong future for our community.

Thank you.

Kid's Monster Mash
Last year, we had a record high turnout at our Kid's Monster Mash and as a result we were able to donate $500 to SickKids Hospital! Thank you for supporting MYNET and making donations like this possible!

AMSUT AND MYNET JOINED FORCES FOR AN AWESOME CHRISTMAS BONDING PARTY

For many years now AMSUT and MYNET have been working together to supporting each other in everything they do. On January 10, the two teams joined forces for an awesome Christmas bonding party!
With lots of drinks, food, music, and a fun gingerbread house making contest, the night was definitely a success!!
Thank you to all members who came out! Your hard work and commitment is truly appreciated
St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral, Toronto


The Ladies Auxiliary at St Clement of Ohrid, Toronto
organizes
A special party with lunch and music for ladies and gentlemen
To celebrate International
Women's Day
Sunday
March 8th
12:00pm
Music by:
Petar Nechovski
and Sonja & Oliver Band
$40 / For reservation call:
Marina 416 699 2592 / St Clement 416 4217451



"St Clement of Ohrid" Macedonian Orthodox Cathedral
"Св. Климент Охридски" – Македонска Православна Црква
Еврархиски Соборен Храм
76 Overlea Blvd, Toronto, Ontario M4H 1C5 Canada
Tel: (416) 421-7451; fax (416) 421-0721
www.stclementofohrid.com E-mail: info@stclementofohrid.com
Fr. Sasho Celeski: (437) 225 – 0962; e-mail: celeskis@gmail.com

Литургиски живот во Македонската православна црква
"Св. Климент Охридски" – Торонто
Liturgical life at Macedonian Orthodox Church "St. Clement of Ohrid" – Toronto

ФЕВРУАРИ/FEBRUARY 2020

Ден Day	Датум Date	Празник	Feast day
Недела Sunday	2	Преп. Ефтимиј Велики 32. недела по Педесетница	Ven. Euthimius the Great
Недела Sunday	9	Пренос - св. Јован Златоуст *Недела на митарот и фарисејот*	Transfer-St. John Chrysostom *Sunday of the Publican and the Pharisee*
Вторник Tuesday	11	ВЕРОНАУКА 19:30	BIBLE SCHOOL 7:30pm
Среда Wednesday	12	*Свети Три Ерарси*	*Three Holy Hierarchs*
Сабота Saturday	15	*Сретение на Господ Исус Христос*	*Presentation of our Lord Jesus Christ in the temple*
Недела Sunday	16	Св. Симеон Богопримец *Недела на Блудниот син*	St. Simeon the Host of God *Sunday of the Prodigal son*
Сабота Saturday	22	ЗАДУШНИЦА	MEMORIAL SATURDAY
Недела Sunday	23	Св. свешт-мч. Харалампиј *Недела Месопусна*	St. Charalampos, hieromartyr *Meat – Fare Sunday*
Вторник Tuesday	25	ВЕРОНАУКА 19:30	BIBLE SCHOOL 7:30pm

* Литургиите почнуваат во 10:00 часот / The Liturgy's starts at 10am
**Литургијата на Задушница ќе почне во 7ч/ The Liturgy for Memorial Saturday will start at 7am

Наредната Литургија на англиски јазик ќе биде на ПРОЧКА – 1 МАРТ
Next Liturgy in English will be held on Forgiveness Sunday–PROCHKA–MARCH 1

Божиќна веселба во Св.Климент Охридски, Торонто

На Божик кога Христовата светлост го осветли домот, среќата ја победи тагата и Бог подари духовна сила сите се поздравуваа со зборовите Христос се роди и отпоздравуваа со Навистина се роди! Во нашата најголема македонска православна црква на овие простори, Св. Климент Охридски од Торонто црковната управа и женската секција организираа Божикна програма со богати содржини. Од изутрина храмот беше претесен да ги прими верниците кои дојдоа да ја следат Божикната служба со која раководеше парохискиот свештеник Сашо Целески.

Мишко Крстевски, Ице Димитриевски и Васко Петровски

Претседателот Владе Димитриевски (втор од лево) со истакнати личности од животот на црквата Св. Климент Охридски

По завршувањето на истата, активностите продолжија во големата црковна сала каде што родителите, бабите и дедовците ги донесоа своите деца и внуци кај македонските Дедо Мараз и Баба Мразица.
Новогодишните подароци што ги даруваа ги подготви женската секција со претседателката Марина Атнасовска и нејзината вредна екипа. Божикното расположение беше збогатено со песните на фолк sвездата од Македонија Мишко Крстевски во придружба на Васко Петровски и Ице Димитровски.

Женската секција од Св. Климент со претседателката Марина Атанасовска (трета од лево)

Евангелско четиво

Во Евангелското четиво одржано на 26-ти јануари, Неделата после Богојавление, ја слушнавме првата Христова проповед којашто Он јавно ја изговорил: „Покајте се, зашто се приближи царството небесно“ (Мт 4, 17).

Само со овие кратки зборови, Христос го започна Неговото спасително дело, сублимирајќи го целото Евангелие коешто треба да дојде. Првиот збор што Он го кажа е „покајте се“. Значењето на зборот „Покајание“ е „преумување“ – „промена на нашето срце“ и да се насочиме кон Бога. За да Го видиме Христа и да веруваме во Него, треба да се покаеме. За да го наследиме царството небесно, треба да се покаеме. Дури и да го направиме првиот чекор, треба да се покаеме.
Ручекот беше дониран од фамилијата на Гоце Кокарески.

Водици во Св Климент

Се јави денес на вселената, и светлината Твоја, Господи, се означи на нас, во разумот на тие што Те пеат: дојде и се јави Светлино Непристапна.
Самиот Бог во лик на човек влезе во водата и се соедини Себеси не само со човекот туку и со целата материја, претворајќи ја со тоа во сад со светлина, во светлосна материја која целата се стреми кон радост и живот. Меѓутоа, сето ова Богојавување и благодатта на Големиот Богојавленски водосвет не можеме да го почувствуваме, ниту да го доживееме без покајание, без преумување, односно без длабока промена и преобразба на умот и срцето кое ни овозможува да го согледаме светот во ново светло. Токму такво покајание проповедаше св. Јован Крстител и тоа покајание им овозможува, во ликот на Христа Кој доаѓа на Јордан да се крсти, да Го препознаат и со љубов да Го примат Бога Кој од вечноста го сака човекот и Кој поради човекот сиот свет го претвори во јавување на Својата љубов, вечност и радост.
Бог се јави!

Петар Петковски го фати светиот крст

Празнувањето на Василица

Во чест на македонската Стара Нова Година Василица која според јулијанскиот календар се празнува на 14-ти јануари, во црквата Св. Климент Охридски беше испочитувана нашата стара традиција.
Голем број македонски семејства за Василица, дојдоа во црквата да запалат свеќа и да му се помолат на Бог за себеси и за своите најблиски. Мнозина од нив на Василица ја празнуваа својата домашна слава, а оние кои го носат името на Свети Василиј Велики го славеа својот именден.
Женската секција со претседателката Марина Атансовска со нејзината неуморна управа за присутните подготви мазници со паричка, затоа што се верува дека на оној на кој ќе му се падне паричката ќе биде среќен во текот на целата година. По повод Василица во банкетната имаше и пригодна забавна програма со музичарите Васко Петровски и Ице Димитровски.

Петар Неговски
Sonja & Oliver - BAND
ПО ПОВОД "8ми МАРТ" СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЖЕНАТА
Сабота 7 ми Март 2020'
Женската секција при црквата "Св.Илија" од Мисисага
организира дамска забава со богата вечера и лотарија
$50
во свечената сала при
М.П.Ц. "Св. Илија" - Мисисага
Почеток: 7:00 pm
1775 Bristol Rd. West, Mississauga, On. L5M 2Y5
конт. тел.: 416-939-2026, 647-897-6793, 905-821-8050

Раѓањето Христово-Божик со почести пречекано и во црквата Св. Илија

Претседателот Ацо Крстевски го поведе празничното оро

Свештениците на Божикната литургија

Божикно расположение, претсдеателката на Женската Секција Весна Трајковска (средина)

Женската секција на Божикниот ручек

Сите знаеме дека Божик е меѓу највеселите празници кој се слави 3 дена. Започнувајќи на 7 јануари, денот на раѓањето на Исус Христос.

Од памтивека овој ден се поминува со семејството посетувајќи ги божјите храмови, поклонувајќи се на иконата и претставената пештерата во која се Јосиф и Богородица со новороденот Исус. Покрај нив се наоѓаат овчари кои им се поклонуваат, а над нив има ангели и ѕвезди кои го најавуваат доаѓањето на спасителот.

И годинава Божикното утро се најави со ѕвоната на православните храмови во Македонија и меѓу нас во исленишството. Во црквата Св. Илија во Мисисага во утринские часови се одржа божикната литургија, а по неа беше примена нафора при тоа насекаде се слушаше поздравот: Христос се Роди, на што се отпоздравуваше со зборовите: Навистина се роди! Со богослужбата раководеше парохискиот свештеник протојереј Константин Митровски.

Реката од верници потоа се слеа кон банкетната сала каде што женската секција го сервираше Божикниот ручек, а потоа со игри и песни во изведба на Соња и Оливер Бенд се веселеа до доцните попладневни часови.

Благодарност до дарителите на новите црковни дарови во македонската православна црква Св. Илија од Мисисага:





Анафорник – подарок од Трпана Марковик
Сад за света вода – дар од Трајче Јанакиевски
Аналој / Налон –даруван од Драган и Виолета Васовиќ
Црковни теписи – подарени од Мила Диневски
Славе и Весна Трајковски ги подарија крстовите за бајраците.

Водици 2020 во Св. Илија Мисисага

Спуштање на светиот крст и дарување на светитие икони. Среќата да го фати светиот крст ја имаше младото момче Александар Босилковски.

Бог се јави ,Навистина се јави !

Отец Константин Митровски со среќното момче Александар Босилковски

Нека ни е благословено Новото лето Господово!

Иван Точковски, Весна Трајковска, Ацо Крстевски,о.Константин Митровски, о.Илија Донев и Славе Трајковски

Сурова,
сурова година
голем клас на нива,
голем грозд на лоза
жолт мамул на леса,
живо здраво до година.
до година до амина.

Ова е само една од традиционалните народни песни кои во минатото се пееле и сеуште се пеат на Василица, од група деца кои како и на Бадник најпрвин собрани околу заедничкиот оган, а потоа одејќи по куќите низ селото или градот, пеат пригодни песни за што добиваат подароци.

Дочекот на македонската православна Стара Нова Година-Василица помеѓу нас иселениците во Канада е традиција која од година во година прима се поголем интерес од сите генерации Македонци.

Под покровителство на МПЦ Св. Илија од Мисисага на 11-ти јануари во новата раскошна сала Chandi Victoria Banquet Hall во Мисисага се одржа една од најубавите досегашни прослави на Василица.

Убавината започна со настапите на двете групи на фолклорниот ансамбл ,,Илинден,, од црквата домаќин кои се претставија со игри и песни од Македонија, а по нив следуваше традиционалното наддавање за Василичарското печено прасе, чин изведен од Славе Трајковски и Коле Димески во придружба на китните играорки и играорци на ,,Илинден,,. Најдарежливи во аукцијата и овојпат беа членовите на друштвото ,,Мала Преспа,,.

Водителите Весна Трајковска и Иван Точковски во продолжение го најавија обраќањето на претседателот на црковната управа Ацо Крстевски кој на сите им ја честиташе македонската православна Нова Година за потоа да се премине кон чинот на осветување на лебот виното и пченицата.

Истиот беше осветен од страна на свештениците протоерој Константин Митровски, парохиски свештеник во Св. Илија и архиерејски намесник на АКМПЕ за Канада и пензиониранот свештеник протаставрофор Илија Донев.

Свеченоста беше збогатена со убава македонска музика во исполнение на гостинката од Македонија Сани Гроздановска и оркестарот Балкан Ентертејнмент.

Според традицијата гостите во мазничињата ја бараа златната паричка која е симбол на среќа за оној кој ќе ја пронајде во текот на целата година.

Во Новогодишната лотарија најсреќна беше Јелена Васовиќ која дома си понесе телевизор, како главна награда од дарителите.

ФА ,,Илинден,,

Крис Димовски, Сани Гроздановска и Крис Кондовски

Нова управа на женската секција во македонската православна црква Св. Димитрија Солунски во Маркам

Претседателка Соња Алексовска Мириќ, Потпретседателка Деса Пишманов, Секретарка Мира Суковска, Заменик секретар Љуба Панов, Благајничка Менка Мачковска.

Им честитаме на изборот и им посакуваме многу среќа и успех во работата.

Подготовки за Василица

Женската секција од Св. Димитрија пред Василица имаше сериозна задача да подготви стотици мазници за една од најмасовните прослави на македонската Стара Нова Година на овие простори.

Вредните Македонки се покажаа како одлични домаќинки месејќи со љубов и голема посветеност кон црквата Св. Димитрија.

Тие и овој пат не го жалеа своето време, енергија и труд со единствена цел и овогодинешната Василица да биде успешна и бериќетна.



Успешна прослава на Василица

Во чест на Православна Нова Година, која започнува според стариот календар на 14 јануари и се совпаѓа со празникот Свети Василиј Велики по што во народот најчесто е познат како Василица, црквата Св. Димитрија Солунски од Маркам ја организираше една од најубавите македонски манифестации на овие простори.

Прославата се одржа на 11 јануари во салата на Кристал Фаунтајн, а присутните гости уживаа во изведбите на фолклорното друштво ,,Билјана,, од црквата Св. Димитрија чијшто настап секогаш плени со раскошот на македонските носии, кореографски умешности и ритамот на македонската изворна музика.

Веселите Македонци до раните утрински часови играа и пееја заедно со оркестарот ,, Децата од Буф,, како и естрадните уметници: Жаклина Маркоски од Рочестер, САД и фолк ѕвездата од Македонија Мишко Крстевски.

Претседателот на црковната управа од Св. Димитрија, Бале Гајтановски, им се заблагодарува на сите присутни, својата управа и женската секција кои направија ова да биде една од најуспешните прослави на Василица.

Hi everyone!

We will have church service in English on February 16 for the Family Day long weekend! All our welcome!
God bless
Драги верници! На февруари 16 ќе имаме литургија на англиски
Сите сте добродојдени.
Од Женската Секција

На Водици најсреќен Даниел Гајтановски

Водици или Богојавление е денот на кој според христијанското предание Св. Јован Крстител го крстил Исус Христос во реката Јордан. Крштевањето значи и духовно раѓање, односно почеток на човековото живеење во верата.

Во црквата Св. Димитрија и годинава беше фрлен осветениот крст, а среќата да го фати му се насмеа на младото момче Даниел Гајтановски. Му честитаме.

Коледе и Божик во Св Димитрија Солунски

Според македонските обичаи, на 5 јануари започна славењето на Божикните празници. Вечерта спроти Бадник коледарите го запалија и коледарскиот оган кој ја најави радоста за раѓањето на Исус Христос...

Женската секција се погрижи традицијата да продолжи, служејќи костени, ореви, бадеми, посни печива како и домашна кисела зелка.

Денот на Христовото раѓање според христијанската традиција е втор најголем празник во христијанството, по Велигден.

Откако на полноќ пред Божик (Бадник) завршија предбожикните пости утрото пред преполна црковна сала беше одржана свечената Божикна литургија под раководство на парохискиот свештеник отец Горан Ристевски во сослужение со отците: Трајко Босеовски и Јован Босеовски.

Македонскиот Дедо Мраз по повод Новата година и Божик на најмладите Македончиња им подели божикни пакетчиња.



Водици во црквата Св. Недела

Бог се Јави! Бог да ве благослови на овој ден! Се надеваме дека иконите што беа објавени денес на аукција, носат благослов во секое семејствата и нивните куќи. Честитки до Маркус Меија за фаќањето на блажен Светиот крст! - стои во соопштението по повод празникот Водици на црквата Света Недела од Ејџекс

God has Appeared! May you all be blessed on this day! We hope the Icons that were auctioned today bring blessing to each of the families and their homes. Congratulations to Marcus Meija for catching the Blessed Holy Cross!
St. Nedela Ajax

Коледе во црквата Св. Недела во Ејџекс

За Коледе според христијанската традиција и пред црквата Св. Недела во Ејџекс беше запален обредниот оган, а горењето на дрвото во народот е познато како Бадник или Бадникојца. Во врска со обредните коледарски огнови е и обичајот коледица.

Една од најпознатите песни за Коледе е следната:

Коледе, леде!
паднало греде,
утепало деде.
Дедо се мачи,
баба го квачи,
со четири јајца
гускини, паткини!
О. О. коледе!

По повод коледе учениците од неделното училиште во Св. Недела одржаа пригодна програма, а женската секција раководена од претседателката Милица Поповска подготви посни коледарски дарови како што се: ореви, костени, јаболка, портокали и др.

Василица со фолк ѕвездата Мишко Крстевски

На 12 –ти јануари црковната управа и женската секција во црквата Св. Недела организираа свечен ручек во чест на доаѓањето на Новата 2020 година според јулијанскиот календар. По повод Василица беа подготвени василичарски мазничиња со паричка, богата лотарија и прекрасен ручек од страна на готвачката Марија Ангелевска и нејзиниот тим.
Специјален гостин на прославата на Василица беше музичката ѕвезда од Македонија Мишко Крстевски придружуван од Соња и Оливер Бенд. Се нижеа песни и игри, насмевки и радост. За многу години Македонци!

Vasilica at St. Nedela

The future bakers at St. Nedela were busy making maznik for Vasilica . Thank you to Baba Vera Kozovski for preparing the dough.

28 ТРАДИЦИОНАЛНА ЗАБАВА

ТЕТОВСКО ДРУШТВО
ШАР-ПЛАНИНА

29-Февруари-2020 - 7 PM

И Нашиот фолклорен бисер од Македонија
ДЕЈАН НИКОЛОСКИ -ЧУЛЕ

Возрасни 60 $, Деца 30 $ Cash Bar Soft drink FREE !!

Вкусна храна Богата лотарија

Pearson Convention Centre
2638 Steels Avenue East Brampton , ON L6T 4L7

Контакт: Томас 647-216-5549, Драгче 289-988-7106, Миле 416-834-9545

До кога браќа, мили Македонци

Ристо Ристе
416.315.7375
ristoriste@gmail.com

Кога демократијата се претворат во интерес

И, се стори. Завршија војните, конфликтите... Барем засега. Барем на Балканот. Сега сите велет дека дошла некоја си демократија. Та, демократијата му рекла на сите, да ги слечет војничките униформи и да облечет најскпи костуми. Така ќе покажеле дека та навистина дошла. Јас пак, ја неам видено нејзе… та… демократијата. Можда пак и да ја видам не ја познавам!? Почвам и да се сомневам дали та вопшто и постојт? Сите велет – да!!! Ама не!!! Ќе ја познаеф јас!!! Нешто друго е то...

Измешани се тука… ама ми се чинит прва е демократијата, фтора е либерализацијата, трета е некоја си децентрализација, па тука е и денационализација, па неизбежната приватизација… и уште ногу, ногу …зации!!! Да немојт чоек да ги довелит. А едно е сигурно! Сите овие, другиве, се колнет во ова првава. Демократијава! Та да ти била главна и одговорна. Сите овие другиве работале во нејзино име.

И си седит така та, настрна, претежно тифка, по потреба гласна, на моменти невидлива, а на моменти "в уста на сите"… Ќе речете зш така? Зто шо "и нат попот имат поп". И нејзе имат кој да ја командуват. Тогаш от негде идат "сугестија" дека нас ни е во интерес да ја гледаме та… демократијата како растит, како се развиват. А ние пак, учени сме да гледаме во празно и да се насладвиме.
Не ни е ни прф, а немат да ни е ни последен пт.
И дури ние ја "гледафме" демократијата, анонимусите шо ја спроведвеја станаја најбогати и највлијателни.
И така, преку ноќ, демократијата се претвори во интерес!

Ристо Ристе

Иднина… во?

Деновиве се зборвит за некоја си **Иднина**… за некоја си благосостојба во некоја си **Унија.**
Услоф – Преспанскиот!!! Тој му е мајката!!!
Мене, то филмот… "Иднина" појќе ми личит и звучит како научно-фантастичен, во режија на дебитанти. Ниф изгледат идејата за "оаза на Балканот" уште ги фасцинират. А во та оаза имат све помалку и помалку вода. Прашање е на ден кога ке постаниме пустина.
И Вашите и Нашите упорно го употребвет Преспанскиот за и натаму да останет Ваши и Наши.
Како шо покажа искуството, ниту едните ќе го истуркет до крај, ниту другите ќе го поништет.
И, такви какви шо сме… чардак ни на_небо ни на_земја ко држава, ни за_дома ни за_надвор ко народ, не ни преостанвит ништо друго туку "утешение грешним" да бараме во сопствената пропаст… во смисол, отмено живејме - отмено пропаѓаме!

Така, отмено ја чекаме иднината, шо никош немат да дојт. Трчаме ние по та иднина, а стојме в_место! Трчаме, а на стазата - препреки.
Стално некој препреки! Тие препреки ги редет токму тие шо се враштет от та… иднината!
Ова ми звучит… " Дојдете… ногу е убо!!! Толку е убо шо ние одвај чекаме да заминиме".
Овде нешто не е ко шо требит! Работава не_чинит! Ке покажет времето и иднината!

Ристо Ристе

Овај Нострадамус… ме замисли

Сите велет погодвел. Врз основа на распоредот на планетите и ѕвездите во однос на Земјата.
Ам ак велет сите така, зш пак јас да не му_вервам. Имаф прилика да ги слушнам предвидвењата негови за 2020 год. Ауууу… умот да ти застанит!

Калифорнија, силен земјотрес и потонвење на целата. То би било (не_дај Боже) од 18 Јуни до 12 Јули ова година… тој мразот на Антарктик, се топел, се делел, па морињата ке се кренеле негде и до неколку метри… светската кономија, стагнирала веќе неколку години наназат… Трамп, пак ќе победел… Европа, Турција, ногу голем земјотрес. Велит, ќе бил со јачина од 7.4 по Рихтер… можна Трета Светска, од Блискиот Исток, поврзана со исламските терористи... пожари от големи размери во Грција… пеколно топло во Португалија, Германија, Холандија, Франција… Америка, и Јужна и Централна, рекорден број урагани, огромни торнада, погубни горештини… банкротирање на ногу меѓународни фондој… пазарот на девизи ќе се затворел на одредено време, како би се стопирала продажбата на акции… една Голема Сила од исток ќе ја победит друга Голема Сила од запад, а се мислит на Кина над Америка… во Голема Британија, ноф крал, а не велит шо ќе бидит со Бети…
И гледај сега ова!!!
Јужна и Северна Кореја, ќе се обединет во една држава!!!
Сега јас си велам… абе, Нострадамус… по некој след на логиката, и ние сме на ред. Македонците! И ние требит да сме во твојте прогнози!? Кога нашата Северна ке се обединит со нашата Јужна во една и единствена Македонија!!!???
Или уште не си дојден до та година?
Море… Нострадамус! Да знајш! Упорни сме ние. Ќе чекаме колку шо требит!!!
Знајме дек дек ќе дојт и та година!!!

Ристо Ристе

Лозано на МАС

Е како сега чоек да не му се поклонит на гестот на Лозано? Кој е тој? Па уметник! Му припаѓат на музичарите. Па тој постигна то шо "нашиве стручњаци" ни на_сон неможет да го сонвет.
Тој, Лозано, ги натера организаторите на МАС во Београд, Србија, нашата држава да ја ословувет без придафката. Едноставно, Македонија! Покрај него, за то се погрижил и менаџментот на Канал 5 Телевизија од Македонија. Гестот и на Лозано и на Канал 5 зборвит сам за себе.
От_друга_стрна, покрај политикантите, и појќето медиуми во Македонија како да се натпреварвет кој појќе ќе ја употребит та придафка. Колку ниско!!!??? Колку понижувачки кун својот народ!? Сигурно нивните уредници может да си дозволет на одмор да одет по 5-6 пти годишно.
Да се појаснит!!! Кј секоја една приватна телевизија или весник уредувачката политика морат да е независна! Ама не и кј нас! Напротиф! Кј нас све зависит от Владата.
Кј нас, Владата сугерират и препорачвит. Тие шо се непослушни, се неподобни. Така, за разлика од Црквата, кј шо за среќа, имаме подобен и пре-подобен, овде имаме ногу малку неподобни.
И уште еднаш! Секоја чест на Лозано и Канал 5. Можит с'мо да посакаме и другите уметници и медиуми да го следет нивниот пример.

Ристо Ристе

***

Дали на истиот ден, или утредента, Фејми Даут и Самир Љума од "Медена Земја", добитници на награда за најдобра кинематографија за документарен филм на 34-то доделување на ASC (The American Society of Cinematographers), во нивното обраќање, на сите присутни им дадоја до знаење дека се од Македонија. Каква храброст!!! Каква доблест!!! Каква почит кун својата држава!!!
Имат работи шо во даен момент се ногу поважни от националноста и от верата. Како и овде! Она сме шо сме! Од Канада сме! Така и таму! Она се шо се! Од Македонија се! Секоја чест на Фејми и Самир!!!

Пејчин го карат Старофчета

… е една от изреките кј нас, во Охрид. Цел_живот другари. И двајцата исти, стално гледет кој кому да подвалит и кој попаметен да испаднит!?
Така е и со Нашите и Вашите. От ко се формирани до денес, сите до еден мудрувет. Шемата е иста. Тој шо е на позиција, ја кривит опозицијата за загрозвење на иднината на државата. Со та шема се служет и Нашите и Вашите. И едните и другите, мува не ги лазит!!!
Најново… осомничено лице требело да престанит со праење циркус, зш со то му се нанесвело штета на светлата иднина на нашата држава!!!
Да, така е! Ушите требит да му се истргет на секој шо му штетит на државава. И јас сум за то!
Ама, пред да му ги истргаме ушите на осомниченото лице, да одлучиме шо да му направјме на порано осуденото лице шо веќе непроценето му наштети на државава?

Ристо Ристе



LERIN REGION MACEDONIAN CULTURAL ASSOCIATION OF CANADA

APRIL 5,2020

SUPPORT OF THE ICONOSTAS
SV.ZLATA MEGLENSKA VODENSKO S'BOTSKO (Aridea)

CHURCH SERVICE WITH
MACEDONIAN REVERANT:NIKODIME TSARKNIAS

M.O.C. St.CLEMENTS of Ohrid
76 Overlea Blvd Toronto
Hall "A"

12:00 to 4pm
Full lunch served
Sonja & Oliver Band

Please call to reserve your table

Greg Canev (416)887-4195
Jim Mangos (647)333-8052
Jim Daykos (416)209-0448
Bobby Temelkov (416)420-3177

Macedonian Wines and Spirits Licence No. 54522

To order call Andy 416-735-2401 macedonap@rogers.com
www.MacedonianWinesAndSpirits.com

Свечено прославени Божиќните и Богојавленски празници

Беше одбележан празникот на Св. Наум и беа осветени Бадниковите гранчиња

Свечената Божиќна Литургија ја отслужи парохискиот свештеник Е. Атанасов во сослужение со пензионираниот отец Мустеников

Учениците од неделното Црковно училиште под водство на отец Емил ја исполнија песната "Вечниот Бог", а потоа им беа врачени пригодни награди, подарени од Женската секција

Св. Василиј и Обрезание Господово - Православна Нова Година беа одбележани со вечерна молитва, литургија и вечера со банички во кои имаше медаљон со ликот на Богородица. Оваа година среќениот добитник беше Маре Т. Стефанова

На празникот Водокрст, по Литургијата беше извршен Голем Богојавленски водосвет. На големиот празник Богојавление - ВОДИЦИ по Богослужбата беше осветен празничниот колач принесен од Илија и Љуба Јанчеви. Потоа се одржа лицитација на икони и беше извршен Голем водосвет, на кој Богојавленскиот крст истовремено го фатија Кристијан Прокопец и Матју Здравковски

Претседателот Талески им врачи признание за донатори на годината на Лора и Брендон Прокопец

Во името на Џон и Софија Чисхолм, признанието за еднократна најголема донација го прими Васил Панов

На почесната маса од десно на лево седат: Крег Ериксон, Џорџ Гертсакис, Бранкица и Крсто Стојановски (кумови за наредната година), отец Емил Атанасов, Менде и Елизабет Талески и овогодишните кумови Љуба и Илија Јанчеви

mary TERPO
sales representative
Offering you the best of both worlds:
Resale and Pre-Construction homes
Recipient of multiple awards
INTERCITY
REALTY INC., BROKERAGE
3600 Langstaff Road #14,
Woodbridge, ON L4L 9E7
(416) 798-7070
D: 416-988-2696
maryhome.ca
mary@maryhome.ca

Beef, Veal, Lamb, Pork, Poultry
ST. LAWRENCE MARKET
UPPER CUT MEATS
Wholesale and Retail
Meat Packers Ltd.
"A Cut Above The Rest"
Blaze & Anica Stojanovski and Staff
Tel: 416.362.3142 Fax: 416.362.9045
93 Front Street (@Jarvis) Toronto, Ontario M5E 1C3

FOR LEASE near SQUARE ONE in MISSISSAUGA
1+ 1 Bedroom, South View, Parking Included.
Walk to Square One Shopping Centre, Close to all major Hwys
Renovated, ready for occupancy.

"FOR SALE in Richmond Hill"
2 Bedroom Condo Apartment ,1200 Sqft.+ 2 Washrooms,

Parking , Locker
Mainfloor unit with private back yard, Move in Condition.
Bayview/ Hwy 7, Asking $719,900

MACEDONIAN CHILDREN RELIEF FUND

LUNCHEON

ST. CLEMENT MOC, TORONTO

76 OVERLEA BLVD

SUNDAY FEBRUARY 9, 12:00 NOON

(AFTER CHURCH SERVICE) COST $20

FULL LUNCH WILL BE SERVED, ENTERTAINMENT

CASH BAR. FOR SALE: MACEDONIAN BAKED GOODS, SOUVENIRS

ALL FUNDS TO SUPPORT CHILDREN AND ORPHANAGES IN MACEDONIA

Најиновативна промоција во нашата заедница за 2019-та година

Литературното друштво Браќа Миладиновци за најиновативна промоција во нашата заедница за 2019-та година ја избра промоцијата на Благојка Филипчева од Скопје, Македонија која беше одржана на 8-ми декември . Освен промоцијата на нејзините дела, преку читање песни од страна на членови на друштвото ,,Браќа Миладиновци,, од Св. Климент Охридски Торонто, беше презентирана и авторовата уметност на сушени цветови, како и акапела пеењето на Ристана-Рина Николова која беше гостинка од Македонија.



Св. Јован заштитникот на селото Болно прославен со сите почести

По повод големиот христијански православен празник Водици друштвото ,,Болно,, од Торонто, Канада чиј што заштитник е Св. Јован на 18 јануари го одржа традиционалниот банкет во негова чест.

Кумови на годинешната слава беа Дорче и Мара Савевски со нивното семејство кои го принесоа лебот, виното и пченицата, а за кои благословот и молитвата ги изрече отец Сашо Целески, парохиски свештеник во МПЦ Св. Клоимент Охридски во Торонто.

Догодина ќе кумуваат Дорче и Дана Суклевски кои исто така долги години се посветени и доследни на црквениот живот во македонската заедница во Канда.

По благословот и кршењето на погачата истата беше разделена, а млади момчиња со осветена вода крст и босилек за добро здравје ги прскаа гостите, исто како што тоа од памтивека и до денденес се прави за Св Јован во селото Болно.

Беше послужена славската вечера со вкусно одбрано мени од кујната на црквата Св. Климент Охридски, а речиси секое семејство донесе дарови за лотаријата која оваа година навистина беше богата.

Болнската вечер секоја година ја посетуваат не само Болнци, туку и нивни роднини и пријатели, зетови и снаи кои родум не се од Болно, така оваа слава се збогатува продолжувајќи ја преубавата преспанска традиција..

Како и на секој банкет беше весело, разиграно и распеано со бендот на Соња и Оливер, а со неколку убави македонски песни од ресенскиот крај публиката ја почести Болнецот Дорче Таневски. За многу години Св. Јован.

MK ESTRADA PRESENTS
VELIGDENSKA 2020 TURNEJA
SUZANA GAVAZOVA
VLATKO MILADINOSKI
ZLATKO MILADINOSKI
CHRIS BAJMAKOVICH
CELE PASKOSKI
SASKO APOSTOLOVIC
For Info Call
416-895-5835
APRIL 4 - TORONTO -ST CLEMENTS
APRIL 10 - HAMILTON - SV NAUM
APRIL 12 - MISSISSAUGA - SV ILIJA
APRIL 17 - FLAMINGOS - ETOBICOKE

ЗАПИСИ ОД НЕКОИ ИСЕЛЕНИЧКИ СПИСАНИЈА

ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ

Во најбројната македонска заедница во Канада,во метрополата Торонто, низ годините што изминуваа се публикувале многубројни весници, списанија и билтени , повеќе од нив се печателе периодично, но ние сега ќе се задржиме само за списанието “Духовна искра” што е орган на МПЦ Св.Климент Охридски” Торонто.По моја меморија ќе ги заокружам и другите печатени весници што излегувале во 60 тите до 90 тите години во 20 четиот век , да набројам само некои од нив кои мене ми се познати : ”Македонски живот”,”Македонски глас”, ”Македонија”, илустрирано списание , “Илинден”, овие се гласила на Организацијата Обединети македонци Во Торонто. Извесно време го забележуваме во нов формат “Македонски гласник” што е орган на Организацијата на Обединети македонци во Канада, тој весник се преименува во “Канадско-македонски глас” за покасно пак да се публикува под ново име “Македонски глас “ и така ќе биде за извесно време, со тоа се мисли дека така пообемно ќе може да се расветлуваат Гоцевите идеали како и клучните зафати на Организацијата Обединети Македонци. Во времето кога се прошируваше патриотското дело се појавува ново гласило некој го нарече најтиражниот весник “Македонски печалбари” чии уредник беше Ратка Шапас а како помошник и соработник го среќаваме името на Ристо Димитриев додека сопственик и креатор беше Миле Бакаловски, овој весник се разликуваше од другите по тоа што во неговите страници забележуваме статии кои рефлектират на созревањето на македонското национално осмислување кај македонците на овие простори од членови на ОКМ ,(ослободителен комитет на Македонија) во кој членуваше и сопственикот на овој весник и затоа ова гласило меѓу македонците тука ,ќе буди патриотски импулс. Да го спомнеме и гласилото ” Климентов збор” орган на МПЦ Св.Климент Охридски,Торонто,истото списание се појавува со мала измена сега под ова име “Свети Климентов збор” , потоа читачката публика ќе го има и патриотскиот лист ”Македонска вистина” орган на македонското национално ослободително движење или попознато како ОКМ (ослободителен комитет на Македонија) , за содржините на материјалите на овој весник не треба многу објаснувања, публикување на еден ваков лист има јасна претпоставка да го вдахнува и буди чувството и патриотскиот дух и морал кај македонците каде што не е доволно застапено или присутно и националното чувство ,па затоа целта ќе биде да ги здружи и мобилизира тврдокорните патриоти кои ќе работаат за доброто на Македонија. Меѓутоа во месец август 1974 година не случајно здогледав и друг печатен лист под името “Toronto Sunstars” , овој весник со неколку страници на кирилично писмо ќе биде насловен кон расветлување на македонската кауза , а во него ќе бидат поместени статии од македонски здруженија од Европа. Како уредник се забележува името на Методија Апостолов (Македон), кој се обидуваше да ни го раскрили македонскиот борбен оган , кој пулсира како една основна заложба за да го чуваме нашето вековно постоење. Малку подалеку во Мисисага МПЦ СВ.Илија го публикуваше билтенот “Илинден” за покасно да се појавува под насловот “Билтен” , на двата билтени уредник беше свештеникот Илија Донев,потоа се појави гласилото на пензионерското друштво “River side”, “Пензионерски глас” при МПЦ Св.Илија во Мисисага и уредникот Томе Арсовски, додека технички уредник и јазична корекција Зоран Андоновски. Овој весник не само што ќе информира за животот и активностите на пензионерите, македонци во Мисисага, туку и за случувањата на нашите и во другите црковни заедници, за нивното црковно , духовно , културно , спортско па и политичко живеење и дејанија во Канада. МПЦ Св. Илија од Мисисага прави уште еден зафат , сега ќе се појави и друг печатен лист под името “ Форум “ месечно издание во чии издавачки одбор ќе се најдат имињата: Одговорен :Томе Арсовски , уредник: Александар Вражиновски, технички уредник : Зоран Андоновски. На видикот се појавува и друго илустрирано списание “ Македонски Живот” (Macedonian Life) ова списание се печати исклучиво на англиски јазик со повремени статии и на македонски јазик на светлосна хартија со многу софистицирани дизајнирани страници и колор, негов главен уредник беше Ник Кубуровски , уредник Keith Whiting , уметнички директор Milorad Eftoski . Ова месечно списание информираше за збиднувањата на сите македонски заедници во Торонто и околината а спонсирано од македонските бизнис заедници. Моментално во македонската заедница во Торонто и Мисисага се печатат два редовни македонски весници “Македонија” кој го уредува Соња Лозановска и “Македонски вести” со уредникот Лиљана Ристова,како и информативниот гласник на организацијата Обединети македонци кој се публикува еднаш годишно за време на илинденскиот празник 2ри август. Животот на македонските иселеници во Торонто и околината практично започнува во 60сеттите години,да бидеме по точни и по прецизни,во 1965 година со осветувањето на МПЦ Св.Климент Охридски која беше осветена на 18 април 1965 год. Не дека до тогаш немаше организиран живот кај нашинците во Торонто,но тоа се одвиваше во друга насока,а сега почнува духовен живот,духовна сплотенос и здружување.Уште со самото осветување на првата македонска црква во Канада почнува и организирано живеење , едно поинакво, почнуваат да се организират разни здруженија и клубови.Еден позабележлив момент се смета идејата за издавање на месечно изданије што ќе преставува како информативен билтен ,патоказник и

гласник на македонската заедница во Торонто и околината. Како иницијатор за покренување на идејата за печатење на литературното списание што ќе го добие името “Духовна искра” се јавува свештеникот Атанас Попов,тој за редовен парохиски свештеник при црквата Св.Климент Охридски беше назначен во 1964 година.Попов го наследува првиот свештеник на црквата протаставрофор Кирил Стојановски,кој служеше од 1962 до 1964 година.Со доаѓањето на протаставрофор Атанас Попов,тој не само што е креатор на литературното издание “Духовна искра”, туку тој ќе биде и организатор на бројни активности на црковно,културно и просветно поле, со што ќе отпочне патот кон афирмирањето на македонските иселеници низ целата Канада.И под негово залагање ке почне редовното печатење на списанието “Духовна искра”. Свештеникот Атанас Попов роден во селото Горно Дупени, Ресенско, важи за еден од поистакнатите свешстеници МПЦ што ги имала. Тој беше авторитетен и ценет во општеството, беше најголем говорник кој остави добар впечаток во средината каде што живееше и делуваше. Со неговите способности тој имаше голем придонес и кон црковните остварувања , посебно во оние темелни одлуки за обновата на Охридската Архиепископија а со тоа и афтокефалноста на македонската православна црква .Во периодот на неговото свештеничко и мисионерско работење македонската црковна заедница во Торонто почнува да прави крупни и претпознатливи чекори, а со тоа македонците почнуваат да се вклопуваат и да бидат препознаени во канадското општество, дали тоа било во бизнес секторот, на културно, духовно , спортско па и на политичко поле . Како парохиски свештеник со неговите интелектуални способности,со неговата мудрост , духовитост, блага душа и големо срце остави длабоки спомени на што нашите и денес се сеќаваат на нив. Тој знаеше на секому верник или не да му внесе ведрина на секоја душа, на оние кој доаѓаат кај него со тага, знаеше да ги испрати со насмевка, оние со плач и солзи, ѓи испраќаше полни со духовна утеха и љубов, а сеирџиите (љубопитните) ѓи испраќаше со соблазниво чувство и божји благослов и полно срце со задоволство. Ете затоа Отец Атанас Попов, човек со животна опитност и по толку време остана незаборавен меѓу нашите во Торонто и пошироко. Уште со неговото пристигнување во Торонто, јас ја имав таа можност и чест да се запознаам со него и по редовно да го посетувам во неговиот стан на Торнклиф парк во близината на црквата. Разговорот со него ќе расточи многу слатки и чудотворни зборови со една премудрост и златозрачни искажани мисли и богогласни пораки, ќе ти го наполне срцето со една духовна расцветеност а ти ќе ги разоткриеш сите духовни мегдани. Тој ги поттикнуваше младите за да се вклопат во канадското општество , да постанат видни личности , но не и да го заборават коренот на нивното потекло. Уште ги помнам неговите пораки што ми ги упати, како да беа вчера: “ Вие сте Ангелите , Апостолите на македонската вистина, чувате ја, ширете ја, бранете ја и бидете горди на она што сте, бидете пред се македонци. Тој николец што се родил во вас, никој да неможе да го одкине од вашето тело”. Првиот број на “Духовна искра “ се појавува во месец февруари 1968 година,чии главен и одговорен уредник ќе биде токму тој Атанас Попов, во почетокот го работи тој сам за покасно да се формира редакциски одбор составен од:како помошник во уредувачкиот одбор се назначува Ристо Кочовски,други, Крис Димов,Крис Божанин,-Филип Ангелковски , Славе Николовски и др.Списанието “Духовна искра” за извесно време излегуваше редовно секој месец за покасно да премине во периодично изданије,но нити тоа не ја намали значајноста да овој печатен лист кој ќе преставува вистински гласник,и како прво печатено издание значеше како информатор и водич на македонците во Торонто и пошироко,за нивните организирани активности од различен карактер. Списанието “Духовна искра” престанува да се печати во 1972 година,кога тогаш се појавува илустрираното списание “Климентов збор”, сега ке се отпечатат само 11 броеви за тој пишан збор да продолжи со “Билтен” а тие страници ќе ги уредува протоерејставрофор Михаил Теохарев,кој ќе биде свештеник во МПЦ Св.Климент Охридски,Торонто од 1972 до 1979 година. Во 1980 година на видикот повторно се појавува весникот “Духовна искра” сега како гласило на македонските црковни општини од северна Америка.Во овој формат весникот ќе се печати до 1984 година.Во уредувачкиот одбор ги среќаваме имињата на:Вангел Стојковски,свештеник Илче Миовски, свештеник Илија Димитриевски , Атанас Ралевски, Весна Костич и Џан Црвенковски , Главен и одговорен уредник Вангел Стојковски,јазичен уредник за македонски јазик е назначен проф. Атанас Ралевски.Пред нас го имаме августскиот број на “Духовна искра” за 1983 година кој беше посветен на деветтиот црковно-народен собир,и на 80 години од Илинденското востание,со посебни страници за мултикултурниот фестивал “Караван”, на кој МПЦ Св.Климент Охридски учествуваше со свој павилјон што го носеше името “Скопје”, и во таа година беше награден со второ место за храна , На овој фестивал Македонија најафтентично беше претставена со македонски артефакти и други историски експонати од ризницата на македонското културно,уметничко и религиозно богатство, а од фолклорниот блесок, културно-уметничкото друштво “Македонка” со кореографот Алекс Петличков ја презентиреше богатата македонска култура забавувајќи ги иљадитните посетители кои уживаа во убавата изведба на народните изворни ора од сите краеви на Македонија. На сите фестивали “Македонка” се закитуваше со награди и пофалници.Караван на нациите беше една од најатрактивните мулти културна манифестација во државата Онтарио во Канада, за што секој посакуваше да биде член во неа а бројот на членките беше повеќе од 40 националности кои ги претставуваа нивните матични земји .Весникот “Духовна искра” никако да згасне ,и во 1984 година повторно светнува, сега се појавува во формат на списание со 42 страници.Во уредувачкиот состав се: Прота Илија Димитриевски,прота Илче Миовски и Весна Костич . Овој тримесечен број за март,април и мај ќе биде посветен на десеттиот црковно-народен собир,на МПЦ во САД и Канада,што ќе се одржи во црквата Св.Кирил и Методиј во Бафало САД.Фактички овој број ќе значи и крај на ова литературно издание до наредната 1985 година и по долгогодишна пауза повторно ќе го сретнеме и пак со ново име, сега “Св. Климентов збор” кој ќе се печати на македонски јазик со кирилица,со одбрани статии на англиски јазик.Уредници на ова списание кое ќе се публикува до 1988 година ќе бидат:Прота Иилче Миовски и Јован Босеовски.Списанијата “Духовна искра” и “Климентов збор” кои беа орган ма МПЦ “Св.Климент Охридски”, од Торонто служеа како информативен гласник од што црковните верници се запознаваат за културните случувања во метрополата Торонто и другите градови каде што има македонски цркви. Покрај тие генерални информации, се забележуваат статии и записи со роднокрајски репортажи од татковината Македонија,а воедно и рекламно- пропагандни материјали на наши видни фирми и профили на деловни македонски иселеници.Македонските печалбари или македонските иселеници поинаку наречени, во тој временски период носталгично неразделни од родната грутка , едно и единствено што ги поврзуваше со татковината беше пишаниот збор како што беше “Духовна искра”.Преку страниците на ова списание ги црпеле сите потребни информации,затоа што во тоа време немаше социјални мрежи како денес, фејс бук ,твитер, интер нет и слично.Најпотребниот алат ќе им биде “Духовна искра”,информативно и духовно да ги приближува до своите најблиски во Македонија за да не се чувствуваат осамени и заборавени во ова далечна земја. Покрај сето ова наведеново , не треба да пропуштиме а да не ги спомнеме два радиогласници кои преку радиобрановите беа присутни за многу години во секој македонски дом.Во шеесеттите и седумдесеттите години на 20 век во македонската заедница се емитуваа две македонски радиопрограми. Една уредувана од Дени Стојчевски а другата од Илинка Петрова.И тоа укажува дека овие радиочасови се смета дека биле најраните информатори на македонскиот збор,јазик и култура,репрезентери на македонската нација во Канада. Повторно се навраќаме кај весникот “Духовна искра”,иако тој излегуваше периодично и некогаш паузираше,тој сепак се сметаше како единствен фактор од кој нашите иселеници се информирале за сите случувања и активности што се забележувале во македонските заедници во Канада и САД.Тој претставуваше како водич ,прирачник и патознак на нашите во овие прекуокеански држави.Дека е тоа така го потврдуваме со еден сегмент од писмото на еден читател испратено до редакцијата. Господинот Атанас Јоноф од Њу Јорк,САД,меѓу другото ке напише: Почитувано уредништво на “Духовна искра”. Вашиот весник со наслов “Духовна искра”,уште со самото излегување ја разгоре искрата што во мене и во целото мое семејство долго тлееше. Таа искра е пишаниот мајчин македонски збор,топол како сонцето,сладок како првиот залак на светот.Затоа со нетрпение го чекам секој нов број за да можам да прочитам македонски збор и да се запознам со работата и успесите на моите мили браќа македонци, собрани во крилото на мајката македонска православна црква во северна Америка…Уредувачкиот состав на овој мартовски број 1982 година го сочинуваат: Вангел Стојковски,свештеник Драги Костадиновски, свештеник Илија Димитриевски , Атанас Ралевски историчар,Филип Ангелковски професор,Питер Кондов професор,Петар Ристевски,Џан Црвенков, а главен и одговорен уредник Вангел Стојковски,јазичен уредник свештеникот Драги Костадиновски. Македонските иселеници (печалбари) печателе свои списанија и весници многу порано од она време што ние го забележавме, затоа што печалбарството од Македонија започнало некаде кон 1890 години ако не и порано.

ГОРАН ЈОВАНОВСКИ

We would like to share our sincere thanks to our clients, friends and family for putting their trust in our team with their business and referrals.

We are proud to be a part of the Top 10% of all Royal LePage agents

ROYAL LEPAGE
PRESIDENT'S GOLD
AWARD 2017, 2018, 2019

AURORA

GEORGETOWN

MISSISSAUGA

TORONTO

GEORGETOWN

SCARBOROUGH

MILTON

SCARBOROUGH

MILTON

MISSISSAUGA

MISSISSAUGA

MISSISSAUGA

We specialize in Buying/Selling your home, Mortgage approvals, New to Canada and if needed major or minor renovations to get your home ready for the market!
We are proud to be in the Top 10% of Royal LePage Agents in our Marketplace!!

Call Vasko Nedanovski @ 647.333.9628

Македонското Етно Културно Здружение „Пиреј„ има за цел да биде вистински амбасадор на македонската традиција и култура во Канада

Петре М. Андреевски
„Пиреј е троскотна трева, а некои ја викаат и коштрева. Ама ти колку сакаш кошкај ја, корни ја, таа пак не умира. Само малку да се допре до земјата и пак ќе се фати, ќе оживи, ќе потера. Ништо не ја ништи таа трева“, вака почнува културниот роман „Пиреј“ на Петре М. Андреевски, објавен во 1980 година. Ова е всушност и пораката на Андреевски во која тој го идентификува нашиот човек.

За настанувањето на новата организација за негување на македонскиот етно мелос ,,Пиреј,, од Торонто разговараме со директорот Маја Доневска Ивановска и уметничкиот раководител Васко Петровски.

МК: Пиреј сме сите ние Македонците, а како настана ,,Пиреј,, во облик на нова организација во Торонто и која е нејзината основна цел?

Маја: Точно така, Пиреј сме сите Македонци, мислам дека пирејот ни е во нашата генеза. Со векови не' ништат, негираат ни ја бришат историјата, идентитетот, но пак не' има, тука сме, неуништиви сме.

Сметам дека Македонците во Дијаспората посебно ги вреднуваат своите корени и со гордост го чуваат и негуваат својот идентитет, култура и традиција. Со Васко уште пред 10-на години го отворивме прашањето за проектот ,,Пиреј,, кој како непрофитна организација има сериозна задача. Појдовната замисла и идеја е да го промовираме македонскиот етно мелос, македонските традиционални и староградски песни кои за жал полека паѓаат во заборав на оваа страна од светот. Замислата е да се преработат македонските етно песни во малку помодерен аранжман со примеси на џез елементи кои сум сигурна дека ќе им се допаднат на нашите Македонци во Канада и пошироко. Нашата цел е да се претставиме пред мултикултурната публика и да им го доближиме нашиот македонски етно мелос. На крајот на денот ,,Пиреј,,- Македонско Етно Културно Здружение ќе се труди да биде вистински Амбасадор на македонската традиција и култура.

Васко: Јас ќе додадам уште дека целта на новоформираната музичко-пејачка иструментална група ,,Пиреј''во Торонто е да ја негува македонската богата музичка ризница на песни како што се: традиционалните, старогратски и забавни обработени во мелоритмика со богата хармонија во етно џез стил. Јас, како музички раководител на ,,Пиреј '' познавајќи го нашиот убав македонски музички звук, со моето долгогодишно искуство, заедно со членовите на ,,Пиреј '' меѓу кои имаме различни таленти од оние кои сакаат да научат, до добро музички потковани. Ќе дадеме се' од себе со работа да го завртиме вниманието и ги привлечеме се' повеќе... и да ги пренесеме нашата македонската песна и музика се поблиску до помладите генерации , генерациите коишто доаѓаат и пошироко да слушнат повеќе за нашата култура ...

МК: Само што го создадовте ,,Пиреј,, а веќе наредниот месец ја организирате првата активност, солистички концерт на популарниот поп пеач од Македонија Влатко Лозаноски кому деновиве Македонците планетарно му се поклонуваат на ставот и достоинството, тој имено,среде Белград му порача на светот дека неговата земја се вика Македонија. Гест за почит и следење од сите нас. Маја, Васко, како течат подготовките на овој концерт?

Маја: Да бидам искрена, бев многу изненадена кога добив повик од младиот и успешен естраден уметник Ристе Тевдовски кој живее во Детроит , кој ме информираше дека ја организира американската турнеја на Влатко Лозаноски- Лозано во повеќе градови низ Америка. Разговаравме за можностите на концерт во Торонто и со Васко му предложивме заедничка соработка. За волја на вистината работите сами се наредија во вистинскиот момент. Неизмерно сме среќни што ни' се пружи оваа прилика и како новоформирана непрофитна организација ќе

дадеме се' од себе концертот на Влатко Лозаноски -Лозано да се прераскажува во наредниот период како успешен проект на нашата заедница во Канада. Интересот за Влатко Лозаноски е неверојатно голем и позитивен, а за само 3 дена откога излезе информацијата, 70 проценти од масите се резервирани. Имавме во предвид 50 маси, но моравме да додадеме уште 8 за да го задоволиме интересот. Побрзајте со вашите резервации зошто многу веројатно е дека масите ќе бидат продадени до средината на февруари.

Васко: Нашата догогишна идеја и желба веќе стана вистина , се роди ,,Пиреј''.

Раѓањето на музичката група ,, Пиреј'' ја осветли еден вистински повик во вистинско време од нашиот почитуван пријател и музички колега Ристе Тевдоски од Детроит кој е организатор на турнејата на Влатко Лозавовски –Лозано низ САД , со негова придружба од музичари.

Влатко -Лозано ќе ни биде гостин на ,,Пиреј,, на 28-ми март во МПЦ Св. Климент Охридски-Торонто. Сето ова се случи како предходно договорено ... Влатко Лозановски-Лозано е ретка музчка sвезда во Македонија и пошироко.

Се искачува на врвот ... Неговиот гест во Београд , кажувајќи од каде доаѓа и која е неговата земја ... Македонец од Македонија е пример и гордост за сите нас..Секоја неколку настани од мултиетнички карактер и искрено се надевам дека ќе бидеме препознатливи и квалитетни. За прв пат ќе се претставиме како предгрупа на концертот на Влатко Лозаноски со неколку избрани нумери, па ќе имате вистински суд, а ние прилика да дознаеме дали ќе бидеме прифатени и пофалени или обратно.

МК: Што би им порачале на читаталите на весникот Македонија кои го читаат ова наше прво интервју по раѓањето на ,,Пиреј,,?

Маја: Од мое име и од името на членовите на П И Р Е Ј би сакала да ги поздравам сите наши Македонци кои живеат во Канада и да им порачаме дека од голема важност е сите ние колку можеме и умееме да ја негуваме и промовираме нашата македонска култура и традиција и никогаш да не заборавиме кои сме, од каде доаѓаме или потекнуваме. Не смееме да го заборавиме нашиот македонски јазик и култура, не треба да дозволиме нашите деца и нивните поколенија да не го познаваат македонскиот јазик и нашите обичаи. Се надевам дека нашиот пример ќе го следат и помладите Македонци и дека покрај нас ќе се формираат нови групи и здруженија чија основна цел ќе биде промоција на Македонците и македонската култура и традиција во Канада.

Васко: Поздрав до сите вас почитувани читатели и организаторите на весникот Македонија. Ваш Васко Петровски.

МК: Маја, Васко, ви благодарам на разговорот среќно и бериќетно.

Да му посакам добредојде и уште многу успеси во неговата кариера ...

МК: Кои се плановите на оваа организација за следниот период?

Маја: Имаме големи предизвици пред нас. Уште од самиот старт на нашето формирање-средината на јануари 2020-та, со професор Васко Петровски собравме една млада екипа на професионални пеачи и музичари (ги чекавме да порастнат, па веројатно и затоа ни' зеде 10 години од начелниот разговор) со кои правиме еден феноменален репертоар на македонски етно песни со кои во наредниот период ќе се претставиме пред македонската, но и канадската публика. Веќе имаме закажано чест!

Како дојдовте, така ќе си одите

Живе Македон Латиновски Андон Лазов, Ќосето - Канада

Оној, името дури несакам да му го споменам, оној кој веќе еднаш бил премиер во мандат од три години, оној кој не се грижи за името на сопствената земја или за достоинството на неговите сограѓани Македонци, тешко е да се замисли дека тој всушност се грижи за други прашања од интерес за Македонците:
економијата, работните места, корупцијата, здравството, образованието итн. Истиот тој аболициран премиер, човекот кој бараше евро за црквата и евро за Вицето позади на Мирчо бишкарникот, започнува предизборно велејќи "Не гласајте за Вмро Дпмне, ќе ве вратат 25 години уназад, ќе го поништат Преспанскиот договор, плус ќе го вратат името Македонија и нема да ве примат во Нато", во меѓувреме, повторно колнејќи се во семето и жицата барајќи уште еден мандат дека "жими мајка овојпат ќе донесам живот во Македонија". Деновиве, во разговори со пријатели по црквите наши македонски низ Канада, но и во разговори со пријатели на социјалните мрежи на фејсбук, кај најголемиот
дел од нив можев да сретнам искрен страв од натамошното нивно владеење. Не страв за себе, не страв од репресии и насилства, затоа што на тоа веќе
навикнавме, туку страв можноста во овој краток период да го "допродаде" уште она малку што не' одржува како Македонци. Позитивното е што 2020-та година започна без него во својство како премиер, меѓувремено да му порачаме: "како дојдовте, така ке си одите". Иако сега се заканувате, и правите поткуп на гласови, реалноста е таа, 12-ти Април се ближи и вие си одите! Ќе одите во опозиција како најнеспособна

влада, а ти, како најголем душман на Македонскиот род.
Ветивте „алпски воздух", но бизнисот со Италија гледам ви цвета, поради увозот на токсичен отпад, дишиме отров, дури во Чернобил воздухот е почист! СЈО го најавувате како "спас за правдата" во Македонија, и наместо правда донесе рекет од најшироки размери. Таа ваша перална на пари, единствено што успеа да направи е да заплаши само неколкумина, меѓувремено изрекетира многумина.
Ветувавте петсто евра просечна плата, на кое што мора да признам дека убаво звучеше, а народот јаден, се понадева дека конечно ќе може да скрпи крај со крај. Но секогаш "сиромавиот дупло плаќа". Единствено што успеавте, е да ги наполните вашите џебови, вашите приватни банкарски сметки, и ги проширивте бизнисите. Врз грбот на напатениот Македонски народ, спечаливте милијарди за само три години. За вашите криминали, допрва ќе одекнат бомби, се ќе исплива на површина од вашите, оние на кои им верувавте. Но "Каменот секогаш од блиску доаѓа". Доколку се сеќавате, и е факт дека не победивте на претходните избори а сите знаеме како дојдовте на власт. Премногу им ветивте, а една канализација во Арачиново не им направивте. Ќе те паметиме по тоа што цел месец си зборуваше со лажниот Порошенко на телефон, по тоа што на најперфиден начин ги злоупотреби смртта на Младенов, Тамара, Мартин и децата од Смилковско езеро само за да дојдеш на власт, по тоа што направи невидена поделба во македонското општество за да можеш да седнеш на Бихачка и да работиш за лични интереси, каде што брат ти Вице постана главен произведител на канабис во државата. Еве да го спомнам и да се изнасмеам на лажниот датум што го "добивме ама не го добивме" нема да го заборавиме. Премногу работи се случија за нецел мандат. Премногу скандали кои неможат да се добројат, во кои се вмешани ваши најблиски соработници. Одбравте соодветен наследник за водење на техничката влада во предизборниов период, вашиот Оливер Спасовски кој што е поврзан со сомнителни набавки и незаконски тендер на возила од „ДеЛукс Ауто" кој е ваш

партиски донатор. Оди си, нема на никој да му фалиш, никој нема да те спомне ниту побара. Единствено ќе останеш како пример, како не треба да се владее. Од кога дојдовте на власт не се знае кој јаде, кој пие, кој плаќа, се знае само кој краде. Оди си со кичмата свиткана, со главата наведната, со достоинството погазено. Ке бидеш вечно запишан на темната страна на историјата. На нас Македонците потребно ни е името. Зандани не не плашат, и нема да не замолчите. Поради сето ова народот нема да ви прости, поради ова мојот народ Македонски ќе ве казни на наредниве избори, ќе ве пензионира, а како стојат работите некој и пензионерските денови може во Идризово да ги дочека. Потребен ни е идентитетот, затоа и ке излеземе на избори, ке гласаме против исчезнување на Македонија и Македонците. Ниту сме бивши Југословенски, ниту сме Северни, едноставно сме Македонци родољуби на својата татковина Македонија, од која никогаш нема да се откажеме. Потребни сме си, ние на нејзе, а и таа на нас, едно без друго неможеме.

Македонија на Македонците, и Македонците за Македонија.

Danny Risteski
Marketing Coordinator - Europe
phone +1 416 631 3141
cell +1 416 399 6314
fax +1 416 736 8533
toll free 1 800 668 7475
101-8800 Dufferin street Concord, ON L4K 0C5
danny@victours.ca
www.victours.ca



850
O' Connor Drive
Toronto On
M4B 3L6

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors
Limited subsidy available, subject to eligibility
Balcony or patio walk out
Outdoor parking available
For more information please call
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski at 416-755-9231
ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com
MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com

Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 54 години
Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш
Располагаме и со паркинг места за станарите
Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација
За повеќе информации јавете се на:
Златка Чоков или Маргарита Донаковски
416-755-9231
ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com
MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com

49-та Гоцева Комитска Вечер во Торонто

Свечениот банкет во чест на легендарниот Гоце Делчев и сите знајни и незајни македонски родољуби кои ги посветија своите животи во борбата за слобода на Македонија, организиран од Обедитени Македонци се одржа на 1-ви февруари во банкетната сала на македонската православна црква Св.Климент Охридски.

Оваа година гостин на вечерта кој за оваа пригода допатува од Македонија беше оперскиот пеач маестро Игор Дурловски светски признат уметник, суден за „тероризам“ во Македонија затоа што се обидел да ја сочува сопствената држава.

Програмата ја отпочна водителот и секреатар на Организацијата Обединети Македонци Никола Делов кој го најави интонирањето на канадската и македонската химна.

,,Денес над Македонија се раѓа,, предизвика возвишени чувства по интерпретацијата од страна на длабокиот моќен и елоквентен бас на големиот уметник Дурловски.

По настапот на фолклорниот ансамбл "Македонка" со прекрасната изведба на "Комитското Оро", започнаа поздравните говори, најнапред на претседателот на организацијата Драги Стојковски и следеа: маестро Игор Дурловски, Роберт Олифант, пратеник во Собранието на Канада за Дон Вали, Владе Димитриевски, претседател на МПЦ Св.Климент Охридски од Торонто, Грегори Цанев, претседател на Леринското Македонско Културно Здружение во Канада, Кочо Стерјовски, претедател на МПЦ Св.Наум од Хамилтон, Живе Латиновски, претседател на МПЗ Андон Лазов Јанев - Ќосето и Ана Дуковска која за оваа пригода допатува од Вашингтон, САД.

Поздравот од Неговото високопреосвештенство надлежниот архиереј за АКМПЕ го пренесе канадскиот намесник на епархијата отец Константин Митровски.

Во текот на програмата поетесата Блага Дафовска прекинувана со бура од аплаузи од страна на гостите на Гоцевата Вечер емотивно ја рецитираше својата поетска творба инспирирана од Македонија.

. Ученици пак од црковното училиште по македонски јазик при црквата Св.Климент Охридски настапија со рецитал подготвен од претседателот на канадско-македонското историско друштво Тони Марковски.

Организацијата годинава ја востанови наградата ,,Македонски непокор,, а нејзин прв носител е маестро Игор Дурловски.

Забавниот дел од вечерта со родољубиви македонски песни го исполни оркестарот "Децата од Буф.

49-та Гоцева Комитска Вечер во Торонто

Говорот на претседателот на ООМК Драги Стојковски на Гоцевата, Комитска Вечер

Добровечер сестри и браќа Македонки и Македонци,

Од мое име и од името на управата на Организацијата

Обединети Македонци во Канада, Ве поздравувам и Ви се заблагодарувам на Вашето ценето присуство.

Честит Божиќ, Среќна Нова Година и да ни е честит четврти февруари, денот кога во 1872 година е роден легендарниот македонски револуционер Гоце Делчев. Чествувајќи го Гоцевиот роденден, ние ги честиме родендените на сите македонски родољуби кои ги посветиле своите млади животи за слободата на Македонија и македонскиот народ.

Не дозволуваме некои да си играат со нашите национални чувства, па тие и да се врвни политичари во незаконската и неморална Влада во Република Македонија. Не доволуваме воопшто да се разговара за етничката припадност за нашиот великан и апостол Гоце Делчев. Гоце е етнички Македонец, роден во Македонија, од родители Македонци, кој сиот свој живот се бореше за ослободувањето на Македонија и македонскиот народ, како и обесправените малцинства во Македонија. За оваа цел и го положи својот млад и бурен живот.

Затоа одбиваме секаква врска и соработка со поединци и установи кои го сменија името на нашата татковина Република Македонија, и се обидуваат да ни го сменат етничкото име и национална историја. Но, мора секој да знае дека порано или подоцна, ние, национално свесните и храбри Македонци ќе си го повратиме државното име Македонија, ќе си го вратиме како службено знаме македонското шеснаесеткрако златно сонце и ќе си ги зациментираме за секогаш македонската етничка припадност и македонскиот јазик.

Имам еден сон кој секојдневно ми се повторува од моите младешки години. Ова не е ноќен сон додека спијам, туку сон со кој станувам, го поминувам целиот ден и легнувам со него. Тоа е сон Македонија да биде цела, во своите етнички, природни и оддржливи граници. Македонија без граници. Да нема граница помеѓу Битола и Лерин. Да нема граница помеѓу Струмица и Петрич. Да нема граница помеѓу Охрид и Поградец. Да нема граница помеѓу Отешево и Пустец. Да нема граница помеѓу Гевгелија и Солун. Да нема граница помеѓу Делчево и Благоевград. Да нема граници и делби во живото македонско тело.

Додека јас, а сигурен сум дека и многу од Вас имате сличен сон, размислував што и како треба да се направи за остварување и исполнување на сонот за Обединета Македонија, настаните не‘ претекнаа и од раце ни ја одзедоа државноста во единствениот дел од Македонија каде изградивме држава.

Без разлика колку години ќе земе да си го остариме сонот за Обединета Македонија, ние сепак мора да мечтаеме и секојдневно да работиме кон остварување на тој сон. Има многу примери во светот кога народите мечтаеле за својот совршен сон и само тие кои никогаш не се откажувале го постигнале. Еден пример за најдолгото чекање погоден момент се Евреите кои, по две илјади години прогон од својата татковина, конечно по Втората светска војна и најголемата трагедија која ги снајде, т.е. Холокаустот, си основа своја држава во лицето на Израел. Нешто помалку години за остварување на еден сон, кој најдобро беше претставен од Мартин Лутер Кинг, беше сонот за слобода и рамноправност на црните Американци. Нив им зеде околу 250 години. Сигурно е дека нас ќе ни земе многу помалку години да си го остариме сонот, но важно е да сме истрајни и достојни на великаните како Филип Втори Македонски, неговиот син Александар Трети Македонски, Цар Самоил, Капрош, Ѓоргија Пулевски, Јане Сандански, Ѓорче Петров, Крсте Мисирков, Методија Ченто, и секако Гоце Делчев, човекот чиј роденден го славиме вечерва.

Да не заборавиме дека Македонија е поделена во 1912 година, пред само 108 години. Да не заборавиме дека само 32 години по делбите нашите великани од Втората светска војна излегоа победоносни и на еден дел од македонската земја успеаја да основаат македонска држава. Замислете, само 32 години по делбите и Букурешткиот договор кој требаше да ја зациментира делбата, македонскиот народ воскресна од пепелта и основа своја држава. Не ни требаа две илјади години како Евреите, бидејќи нашите великани демнеја за да ја искористат секоја можност за своја слобода и држава. Така и ние сега треба да демнеме за секоја можност и веднаш да ја зграпчиме. Следните собраниски избори во Република Македонија се една од тие можности која мора да ја зграпчиме преку избор на слободоумни, независни македонски родољуби, кои се кристално чисти и не извалкани од сите досегашни анти-македонски дејанија на продадените и корумпирани политичарчиња кои владееја со Република Македонија.

Затоа и не е премногу да се бара ние Македонците постојано и секогаш да се поздравуваме со повикот „До година во слободен Солун“, главниот град на самостална, независна и обединета Македонија.

Благодарам на Вашето присуство, имајте пријатна вечер, уживајте во вечерашната програма, веселете се со прекрасните македонски песни и ора, и до година во слободен Солун.

Обраќањето на маестро Игор Дурловски на Гоцевата Комитска Вечер

Почитуван Претседател на Организацијата Обединети Македонци од Канада,
Драги пријатели, роднини, мои Македонци!

Дозволете ми на почетокот да ве поздравам и срдечно да ви се заблагодарам за укажаната чест да бидам со вас, на овој голем настан , кој го слави името на македонскиот револуционер Гоце Делчев. Вечерва сум илјадници километри далеку од дома, но без чувство дека сум во туѓина, бидејќи сум меѓу пријатели,меѓу свои, бидејќи силно ја чувствувам вашата љубов кон татковината и сплотеноста во желбата да си ја сочуваме државата во овие тешки и мрачни премрежија.Токму заложбите за правда и родољубието на големиот Гоце Делчев денес му се и повеќе од потребни на секој Македонец! Затоа овој настан е убава можност да се потсетиме на неговиот влог, да се поклониме пред неговото дело и храбро и одлучно, да ја прифатиме нашата историска задача и одговорност, да ја сочуваме Македонија за идните генерации.

Ценети браќа и сестри,

Во изминатите две години се соочив со најголемите предизвици во мојот живот. Освен {to kako уметник кој што со гордост ја претставувал татковината насекаде низ светот, заедно со моите истомисленици i се посветив и на борбата за Македонија. Насетувајќи дека може да се случи тоа што подоцна na`alost и навистина го доживеавме, решив да се вклучам во gra|anskata иницијатива За заедничка Македонија каде so денови и месеци бевме по улиците низ целата држава , секој како што умееше и можеше. Сторивме се за да ја зачуваме унитарноста, да ја сочуваме Македонија за која се бореа нашите предци. И поминавме многу.

Потоа, следеше завршниот удар- заради бранење на Уставот, не затворија со обвинението терористичко загрозување на уставниот поредок и упатија силна и јасна порака...дека никој не смее да им се спротистави во исполнувањето на нивните замисли за иднината на нашата земја. Живот во молк и со наведната глава. Разделени и поделени.

Верувам дека гледате и пратите како на брзина се брише, ништи, се што е македонско. Исчезнува придавката македонски пред институциите, ги менуваат топонимите.

Од соседите слушаме дека македонскиот јазик бил дијалект на бугарскиот, некоја „стручна“ комисија ни ги ревидира учебниците, ја менуваат историјата. Уште еден катастрофален пример е што веќе трета година во Република Македонија не се доделува државната награда што го носи името на Гоце Делчев.

Драги пријатели,

Македонскиот народ не смее да се потценува. Македонската дијаспора несмее да се потценува. Знаеме колку голем, чист и искрен е вашиот патриотизам.Тие се плашат од него. Но, затоа поддршката од вас за нас е драгоцена и од срце сакам да ви се заблагодарам за се. Оваа благодарност не е само од мене туку и од Македонците кои во моментов уште лежат во затворските ќелии, осудени со долгогодишни казни. .

Во периодот што следува пред нас стои огромна задача. Мораме да им покажеме дека овој народ, каде и да е, е мудар. Македонскиот народ постои. Можеби е мал по бројност, но е голем по суштина и значење, а епски по својата историја која нема да дозволиме некој да ја избрише. Ние, Македонците сме повторно на нозе. И нивниот удар врз нашето минато, врз сегашноста и иднината на генерациите што доаѓаат, не прави само посилни. Она што, верувам, а е заедничко за сите нас, е силната верба и оптимизмот. Ја имаме правдата и вистината на наша страна и знам дека ќе успееме да се издигнеме и да излеземе од оваа темнина. Затоа ни треба вашата поддршка, со разум, со мудрост, да се обединиме за Македонија. Да му покажеме на светот дека оваа медена земја постои и ќе постои, дека е наша и нема да дозволиме да биде територија за поткусурување!

Ние, сите заедно, мораме да излеземе како победници, посилни од кога bilo. Можеме да победиме само сплотени заедно!

Ќе завршам со мудрата мисла на великанот Гоце Делчев, кој верувал дека, не силната индивидуа, туку организираната сила на народот треба да ја извојува победата.

Да сте ми живи и здрави, da `ivee Kanada, да живее Македонија! Македонија вечна!

Ви благодарам!

70 ГОДИНИ НАТО, И ШТО ПОТОА?

ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ

И што толку чекориме во уште една Нова Година за која сите имаме свои желби и посакувања, да ни' биде среќна, да ни биде успешна и се разбира да ни се оствари сето она што сме го посакале. Сите држави имаат една иста желба, поголем раст во економијата и секако да има мир во светот, љубов и разбирање и поголема грижа за климатското затоплување. А додека,пак, Македонија сега кога Зоран Заев си замина од политичката сцена, барем за сега, се уште се залага за членство во Европската Унија и НАТО, а за нашите политичари и партии се знае: да се добијат парламентарните избори закажани за 12 април годинава, и божем ние ќе очекуваме некакви драстични промени во интерес на македонскиот народ и нација. Туку да се молиме на Бога да не се повратат истите врагови па да видеме од лошо по лошо. Минатата година, поточно на 4-ти декември 2019 година НАТО Алијансата славеше 70 години од формирањето, но поради што немаше причина што да прославува се одржа само обичен Самит за да се прегледаат неговите достигнувања, или просто речено "самит на несигурност ", што по моја проценка базирана врз некои елементи и критериуми или од мое наједноставно различно гледиште на нештата поврзани со оваа алијанса , кое нема некое соодветно делување , што ме тера да помислам дека тука нема некоја голема или барем основна дистинкција од оние други организации чии човечки животи не се заштитуваат. Добро ако овој збор е тежок или чувствителен , тогаш посочете ми барем една извршена мисија каде НАТО може да се отслика како помирувачка организација каде се почитувало човековото право и човековото достоинство. Сите воени операции извршени од НАТО Алијансата се нехумани и оставиле стравотни траги, жртви на невин народ, рушевини, пустошења, симнување на влади... На секаде се гледа дека оваа Алијанса по теркот на Америка е создадена само со една цел да води остри и иритирачки мисии против оние кои што имаат поинакво становиште во својата политичка определба. Така, како што ќе рече и поранешниот помошник на Винстон Черчил, Лордот Исмеј " Целта на НАТО е за да ја чува САД внатре, Русија надвор а Германија долу". Американската политичка идеологија позната ние од многу порано: "ако не си со нас , тогаш си против нас". Токму и таа им беше целта за формирањето на НАТО Алијансата, да се сруши Сталиновата ера, од која Америка се плашеше ,потоа зафатот на студената војна со Русија, и сега Руската федерација која станува се помоќна политичка и воена сила, и економски силна , сето тоа на западот не им одговара. Светот посебно САД се уште стравуваат од Русија и Кина и нивното влијание на блискиот исток, западен Балкан и Африка. Ова не доведува до прашањето дали Македонија треба да постане членка на НАТО и зошто? Па тогаш сето ова нека биде потсетник или ни послужи како утеха на семожните аргументи кои некогаш припаѓаа на едни други времиња и контексти. Но сепак желбата на Македонија е пре голема за зачленување во НАТО Алијансата, дали тоа е само обична желба или само лична глорификација што ја доживува Заев "вие не можевте , ние го направивме невозможното". Да се совлада невозможното тоа е голем потфат и е за поздравување, а да ги симнеш гаќите и да влезеш ? Е тоа е нешто сосема друго и понижувачки. Заев се гордее што Македонија ќе влезела во членството на ова семејство , а ни најмалку не е важно што државата тотално ние уништена. Смешно и понижувачки звучи што и опозицијата ДПМНЕ побрза да се смеша во горделивоста на Заев, да покажат дека демек и тие заслужуваат симпатија оти и нивните заложби придонесле членството да добие зелено светло. А она што Македонија ојде Курбан помогнато од оние 8 члена на ВМРО ДПМНЕ тоа не е ни најмалку битно, битно е да се освојат неколку поени пред парламентарните избори и неколку столчиња повеќе. И така, како што јас реков, лидерите на НАТО самитот меѓусебно немаја некои индиции дека може да имаат слични позитивни мисли, некои се сосема со оддалечени амбиции дури беа и смешни. Па ние како да не знаеме дека во НАТО од секогаш , па дури и од самиот почеток имало несогласувања во неговото функционирање . Во далечната 1950 година по кризата на Суец (Суетскиот канал) се предизвика расправија помеѓу Франција и Велика Британија, а по некои тврдења , та тензична атмосфера трае и до ден денес. Да го спомнам и случајот, таа случајна појава во 1960 тата година, тогашниот француски лидер Шарл Де Гол , одби да ги подржи мисиите на НАТО и со тоа ги повлече вооружените сили на Франција од интегрираната воена команда на НАТО. А за Доналд Трамп нема дилеми, тој со доаѓањето на власт на Америка, постојано го критикува НАТО за начинот на кој тој работи. Трамп понекогаш најавува и повлекување на САД од воената Алијанса , а на Самитот ја нарече "застарена" која нема иднина, без јасна визија, таквата изјава приреди незадоволство кај членките на НАТО, некои дури се однесуваа скептички, не го гледаат нивното членство како стабилна цел. Нити изјавата на францускиот претседател Макрон кој го нарече НАТО "мртов мозок" не му даде некакво храбро расположение на членките во Алијансата. Пресно е и сеќавањето со конфликтот со Ирак, Авганистан, Либија, Србија, и други држави, сите овие воени операции на НАТО оставиле катастрофални последици со многу човечки жртви и материјални штети кои никогаш не ќе можат да ја надокнадат загубата. Сите овие не човечки војни дејствувања можеа да се решат по мирен пат, пат кој не е познат за НАТО. За вакви и слични воени операции НАТО и нејзините членки трошат 800 милиони евра, за воена опрема и за сите други воени операции, и замислете што може да се направи со тие пари: за болните, гладните, за бездомниците, сиромашните, мигрантите, луѓе со посебни потреби, загаденоста, глобалното затоплување, медицински истражувања и многу други работи потребни за подобар живот. Со 6 800 вработени, членките на НАТО се обврзани да отплаќаат 2% од својот БДП за одбрана и одржување на оваа воена Алијанса од која никој нема некаква полза. Познато е дека само неколку земји ги исполнуваат своите обврски, додека другите вклучувај ќи ја и Канада, не се придржуваат на своите определени должности. Токму од овие гледишта Трамп неколку години станува критичен , само САД редовно исплаќа 22%, и затоа тој на Самитот ги прозва сите членки да се придржуваат на своите обврски, посебно ја нагласи Канада од поразвиените индустриски држави да се придржува на своите морални обврски. Па можеби и затоа премиерот на Канада, Џастин Трудо , и другите европски лидери се исмејуваја со Трамп од зад грб, за подоцна Трамп да го нарече Трудо "дволичен". НАТО Организацијата има многу слаби точки за водење на ефективно работење, без некаква функционална програма со што ќе понуди блескава иднина. Па затоа францускиот претседател Макрон не случајно го нарече "мртов мозок", нешто нефункционално чии опстанок е во прашање. Но не е само НАТО институција која нема идеи и јасна визија, слично е и со Европската Унија, таа има многу нерешливи проблеми, таа се чувствува немоќна, имајќи во предвид дека поголем број од членките на Европа се и членки на НАТО , а тоа значи од еден проблем на друг , се префрла како топка. Тоа наѕира и на една неодамнешна смислена идеја Европа да формира своја посебна војска, и тоа ќе ни покаже колкава ќе биде љубовта помеѓу НАТО и ЕУ, доколку дојде до реализирање на таа замисла. Но ЕУ има и други дилеми, се почувствително е присуството на силен популизам. Некои ја обвинуваат САД за глобалните проблеми, тука да ја спомнеме и граѓанската војна во Сирија, глобалното присуство на Кина, и секако тензичните ситуации креирани од афторитарното раководење на претседателот на Турција, Реџеп Тип Ердоган, или напнатоста со Русија. На Европа и е потребен внатрешен консензус за да се справи со овие и други проблеми што демнат. Да не се пропушти и тоа дека Европа има и други состојби со кои треба да се занимава, ја имаме и Унгарија а сигурно има и други со афторитарни влијанија во владеењето што ги успорува сите агенди на Унијата, од кои: осудување на злоупотребата на човековите права на Кина, на турската интервенција во Сирија, со кризата на емигрантите, прашањето со Каталонците кои се сметаат како заложници на шпанската агресивна политика, тие бараат независност, потоа Балканската нестабилност и др. Ако оревот се скрши, сите овие проблеми ќе излезат на виделина и така Европа ќе има полни раце да ги решава некои од нив нерешливи проблеми. Во прашање е и дали новата методологија предложена од претседателот на Франција , Макрон ќе послужи како солуција за решавање на компликуваните случувања што ја обвиткуваат Европската Унија. Дали тие нови методологии ќе бидат доволни за да бидат прифатени од унгарската авторитарна влада на Виктор Орбан, за што, неодамна неговиот министер за надворешни работи најави дека Унгарија ќе го блокира влезот на Украина во членството на НАТО Алијансата.

И за крај, НАТО е НАТО, ТРАМП е ТРАМП, ни кај едниот ни кај другиот не се очекува нешто ново. НАТО и во иднина ќе ги продолжи своите воени операции, дали ги прифаќаме или не. А додека, пак, Доналд Трамп пред својот импичмент за неговото отстранување од функцијата претседател на САД, игра политика како ништо да не се случува, само ке рече дека тоа е само хајка на демократите кои со неосновани факти се обидуваат да направат државен удар. Тој на Светскиот економски форум кој се одржа во минатиот месец во Давос, на делегатите им порача дека: " ова не е време за песимизам, туку за оптимизам". Неговите забелешки беа дека "песимистите" повеќе се грижат за климатските промени и за забавување на економијата. На изјавите на Трамп не остана мирна ни активистката Грета Тунберг таа рече: "За разлика од вас, мојата генерација нема да се предаде без борба".

Пензионерски ручек и седенка на ,,Риверсајд,, од МПЦ Св.Илија, Мисисага

Пензионерското друштво од МПЦ (Македонската Православна Црква) Св.Илија од Мисисага на 4-ти февруари годинава го одржа својот редовен месечен ручек кој воедно е и прекрасна можност за средба на пензионерите од Мисисага и околните градови. Истиот беше подарен од Љуба и Здравко Терзиевски, а во чест на нивната слава Св. Атанас. Претседателот на ,,Риверсајд,, Горнан Јовановски со неговата управа упатува голема благодарност до семејството Терзиевски за богатата трпеза и ги поканува сите пезнионери да повелат на пензионерски ручек на 3-ти март. Дарители за посната трпеза во март ќе бидат Славе и Тасија Дамјановски. Сите сте добродојдени.

Real Estate specialist 44+years experience
Residential & Commercial investment
REALTY ASSOCIATES INC. BROKERAGE
Steve Dzandzurovski, RRS

REALTY ASSOCIATES INC. BROKERAGE
1051 McNicoll Ave.
Toronto, Onatrio, M1W 3W6
p. 416.293.1100 f. 416.293.6700
CELL 416.817.3583
e. sdzan@trebnet.com

Интервју со Драги Стојковски претседател на Организацијата Обединети Македонци од Канада

МК: Почитуван г-ине Стојковски штотуку заврши уште една прекрасна Гоцева Вечер, манифестација со традиција посветена на сите досегашни македонски јунаци, комити, војводи, дејци и борци за Македонија, а која го носи името на апостолот на македонската борба за слободна Македонија од илинденскиот период Гоце Делчев. Кои пораки беа пренесени од Гоцевата Вечер?

Драги: Главните пораки од новогодишната Гоцева – комитска вечер беа дека ние, македонските родољуби сме храбри, истрајни, сплотени и обединети околу македонските национални интереси. Истовремено, како и на Илинденскиот пикник, излеговме со Проглас кој е наша водилка и каде се заветуваме дека оддано ќе работиме во одбрана македонските национални интереси.

Како и што видоа посетителите, Организацијата Обединети Македонци во Канада започна со доделување „Признание за Македонски непокор“ на видни и достојни македонски родољуби. Првото Признание беше врачено на почесниот гостин од Македонија, маестро Игор Дурловски. Би сакал да споделам што точно напишавме на Признанието – „Игор е стаменит уставобранител, непоколеблив во својата национална определба, гордост на секој национално свесен Македонец и достоен претставник на Република Македонија, македонскиот народ и македонската култура низ целиот свет“.

Мислам дека Гоцевата – комитска вечер беше еден вдахновен настан за сите присутни.

За жал на настанот имаше и една црна дамка која ја направи гостинот, пратеник во канадското сојузно Собрание, г-динот Роберт Олифант. Имено, за прв пат по неговите многубројни настапи во македонската заедница, од него само познати причини, го употреби срамното „С“ кога го спомна името на нашата татковина. Со овој потег г-динот Олифант ги навреди националните чувства не само на присутните на Гоцевата – комитска вечер, туку и сите македонски родољуби низ целиот свет. Реакциите од страна на неколку присутни беше оправдана и јас потоа му објаснував на гостинот дека секое име освен Република Македонија за државата и Македонци за народот е омаловажување и расистичко кон Македонците. Истовремено, ја искористив можноста да закажам состанок со пратеникот, кој истовремено е и втор човек во канадското Министерство за надворешни работи, каде со наша делегација преку приложување документи и разумно објаснување за целиот незаконски и наметнат спор за името ќе бараме да не ја прифаќаат срамната додавка на државното име, и во никој случај додавката да не ја користат во однос на народносното име како и името на македонскиот јазик.

МК: Организацијата Обединети Македонци е најстарата македонска патриотска организација во Канада која постои од далечната 1959 година. Ако некогаш целта на нејзиното делување беше насочена кон семакедонско сплотување и борба за независна македонска држава, што и се оствари, со кој мотив се води организацијата во својата работа овие дни?

Драги: Точен Ви е заклучокот дека се оствари сонот за независна македонска држава, меѓутоа, за жал, од 2016 година независната држава ни ја превзедоа велепредавници и сега мораме да ги засилиме нашите напори и умеење за да си ја повратиме државата во наши, македонски родољубиви раце. Тука мора да напомнам дека и кога тоа ќе се оствари, сепак, независната македонска држава во лицето на Република Македонија е само на еден дел од македонската земја. Ние како организација се стремиме за етнички, јазични, културни и весрки права за сите Македонци во етничка Македонија, а заради порекнувачките и неонацистички поробувачи, тоа може да се оствари само во рамките на обединета Македонија во своите историски и оддржливи граници.

МК: Каква е соработката со останатите македонски организации и здруженија во Канада, дали сте обединети во овие невремиња за Македонија?

Драги: Како и што можеше да се види за време Гоцевата – комитска вечер, ние блиску соработуваме со сите македонски организации, црковни општини и спомагателни друштва. Можам посебно да ги спомнам организациите како што се Македонското меѓународно движење за човекови права и Леринското македонско културно задружение со кои редовно соработуваме, се советуваме и заеднички настапуваме.

МК: Пред неколку месеци ја посетивте Македонија и лично учествувавте во мирните протести, каков што беше и денот на македонското знаме од Кутлеш, првото државно знаме во самостојна Македонија и единственото национално знаме на Македонците. Има ли надеж за негово враќање, како и името и сите идентитетски ознаки кои секојдневно ги брише немакедонската влада?

Драги: Се‘ што злобниците и велепредавниците имаат направено во последните неколку години, македонските родољуби можеме и ќе го исправиме.

Знамето со шеснаесеткракото македонско златно сонце сигурно ќе го вратиме. Кон таа цел и ние го прифативме тоа знаме како знаме на нашата организација. Сакаме секогаш и насекаде каде ние организираме настани гордо да се вее шеснаесеткракото македонско златно сонце. Ги поттикнуваме и охрабруваме сите македонски организации и здруженија низ целиот свет да постапат исто со прифаќање на истиот симбол и шеснаесеткракото македонско златно сонце да постане македонско национално знаме и симбол на македонскиот непокор.

Во однос на државното име, иако предавничката власт го заплашува народот дека тие се‘ зациментирале, сакам да кажам дека заевистите заборавиле во мешавината да стават вода и цемент. Тие само промешале предавнички песок и на тој начин заборавиле да вклучат сврзна состојка како вода и цемент, кои во овој случај се Македонците. Ништо не може да се бетонира без согласност на македонскиот народ, како што се покажа кога народот во огромно мнозинство им го бојкотираа референдумот. Решението за името е многу едноставно и лесно, а тоа се прави едноставно со доставување Нота до Грција и ООН дека Преспанскиот договор е ништовен и како таков ние го раскинуваме. Тука не се потребни никакви големи бројки на пратеници како што се зборува. Нас ни треба национално свесна Влада која ќе ја испрати Нотата.

Окончувањето на наметнатиот спор за името треба да се изврши во рамките на ООН. Во меѓународните односи не постојат спорови за државни имиња. Грција во ООН наметна лажна слика за измислен спор со цел да го прикрие геноцидот кој го има спроведено врз македонскиот народ во егејскиот дел од Македонија кој сега е продолжен со постојниот културен геноцид. За жал, нашите политичари во последните 28 години беа недораснати на грчките притисоци и големите пари ги заслепија да си ги продадат националните интереси.

Ние имаме меѓународно признати правници по меѓународно право и кои истовремено се национално свесни. Мораме нив да им дозволиме да го решат измислениот и наметнат целосно во наша полза.

МК: Честопати јавно ги изразувате вашите ставови по важни прашања и неправди кои ја разнебитуваат Македонија, а со тоа и нас Македонците. Што е тоа што најмногу ве тишти и ги повредува вашите чувства како човек, лидер на Обединетите Македонци и пред се’, како Македонец?

Драги: Многу ме тишти дволичноста на т.н. меѓународна заедница, која во стварност е САД и ЕУ, и која без никаков морал не‘ присилуваат самите да се уништиме. Но, морам да признам дека најповеќе ме тишти податокот што токму наши Македонци, некои и лажни родољуби, во лицето на политичарчињата на власт, ја спроведуваат геноцидната политика која ја заговараат нашите соседи поробувачи, се разбира поддржани од истата дволична меѓународна заедница која нас ни дели некакви си морални уроци а истовремено ги прекршуваат сите човечки морали.

МК: На 12-ти април се одржуваат предвремени парламентарни избори во Македонија.

Кои се прогнозите за исходот од истите и кому Организацијата Обединети Македонци ќе ја даде поддршката за подобро утре на Македонија?

Драги: Кој и да е исходот, според анкетите се насетува дека овие избори нема да доведат до македонска родољубива Влада. Сепак, се надевам дека еден број независни родољубиви Македонци ќе успејат да постанат пратеници, за потоа на некои следни избори да може народот да се охрабри и поттикне да гласа исклучиво такви пратеници за со мнозинство да основаат македонска народна Влада. И Организацијата Обединети Македонци ги охрабрува сите национално свесни Македонци да гласаат за такви Македонци за да си ја повратиме Македонија на Македонците и верните малцинства.

МК: Која е вашата порака до читателите на весникот Македонија, особено оние кои со ова интервју ги заинтересиравме да и’ се приклучат на Организацијата Обединети Македонци во борбата за здружено делување за Македонија?

Драги: Мојата порака до читателите на Вашиот и наш весник е, да се сплотиме во одбрана на македонските национални интереси и за секогаш да ги зациментираме македонското државно име, знамето со шеснаесеткракото македонско сонце, народносното и јазично име, како и името на нашата македонска православна црква. Ги охрабрувам сите кои сакаат да помогнат и имаат идеи и можности да помогнат, без разлика дали ќе се зачленат во организацијата или не, да ни се јават за заеднички да ја оствариме нашата цел.

МК: Ви благодарам.

Драги: И јас Ви благодарам за можноста да се обртам до пошироката македонска јавност преку Вашиот ценет весник „Македонија“.



Маестрален концерт на Давор Јорадановски и групата Вода

На 25 јануари под симболичниот наслов 'Keys at the Castle' во ресторанот Ivy Castle Restaurant by Renaissance the Creek во Мисисага се одржа уште една прекрасна вечер со музика создадена во продукција и изведба на Давор Јордановски, еден од најголеми-



те и најзначајни македонски клавијатуристи и композитори на денешнината со неговите специјални гости на вечерта гитаристот Кире Најдовски од Рочестер САД и вокалот Васил Гарванлиев.

Огромно браво оди и до тапанарот Алек Секуловски гитаристот Огнен Георгиевски и саксофонистот Фло Клонта. Повод за овој единствен настан во македонската заедница во Канада беше објавата на новиот носач на звук од музичката работилница на Давор Јордановски под оригинален наслов: ,,Dix Nocturnes Pourpres,,

Маестро Јордановски кој плени со својата сценска маестралност и беспрекорна блородност и едноставност зад сцената ја подели неизмерната радост од дружбата со љубителите на неговата музика.



ДАРУВАЊЕТО Е ИЗРАЗ НА ЉУБОВ

УМЕТНИКОТ ГЛИГОР СТЕФАНОВ ПОДАРИ 21 ДЕЛО НА МСУ

Уметникот Глигор Стефанов, еден од најзначајните македонски автори, кој лани имаше ретроспективна изложба во Музејот на современа уметност (МСУ), одлучи делата од оваа поставка да ги подари на музејот.

„По пат на подарок, уметникот ги пренесе неговите авторски права и овластувања на МСУ за сите дела од поставката 'Грабење во просторот'. Горди сме што колекцијата на МСУ е побогата за една толку значајна збирка составена од 21 ремек дело на нашиот уметник, Глигор Стефанов" велат од музејот.

Стефанов, кој три децении живее во Канада, вели дека дарувањето е израз на благодарност и љубов.

„Не можам да го заборавам оној тмурен ноемвриски ден во 1981 година, неколку месеци по моето дипломирање, кога како млад и анонимен уметник, без препораки и познанства, влегов во канцеларииите на МСУ за да замолам ако некој сака да го погледне моето портфолио. Таа посета на МСУ го промени мојот живот. Марика Бочварова во последен момент ме вклучи во изложбата 'Млада генерација', Соња Абаџиева ме покани да земам учество во изложбата 'Интервенции во простор', Зоран Петровски ме предложи за наградата 'Млад борец' а Мирослав Поповиќ ме избра во годишната изложба "Критичарите бираат' Така започна веќе познатата долгогодишната соработка. Конкретно, подарувањето на делата од ретроспективната изложба на МСУ е упатување на благодарност кон институцијата и секој еден со кој соработував и работев во минатото и во деновите на подготовки на истата, благодарност до сите што го вреднуваа и подржуваа моето творештво. Ретроспективната изложба, монографијата и сместувањето на делата во колекцијата на МСУ се една целина која ја заокружи мојата уметничка активност, која интезивно се одвиваше во 80те и 90те години на минатиот век и е директно поврзана со македонското поднебје и сензибилитет", вели Стефанов.

Стефанов, кој во 1993 заедно со скулпторот Петре Николоски беа првите македонски претставници на Венециското биенале, е роден во Кавадари, а дипломирал (1981) и магистрирал (1985) на Академијата за ликовни уметности во Белград, отсек вајарство. Од 1988 живее и работи во Лондон, а во 1995 се пресели во Виндзор, Канада.

Од срце за Сандра Нически
Апел за помош од семејството Нически

Почитувани,

Сандра Ническа, 9 годишно девојче од Охрид е дијагностицирано со Миелодиспластичен синдром (MDS) – група на малигдни заболувања кои го спречуваат созревањето на клетките во коскената срж, т.е. не дозволуваат овие клетки да се развијат во здрави клетки, се наоѓа во Педијатрискиот центар за трансплантација на матични клетки во Yeditepe University Hospital Istanbul во Турција. На 26-ти април 2019 година и беше направена трансплантаија на коскена срцевина (од донатор кој не е од крвно сродство) бидејќи тоа е единствен лек за Миелодиспластичен синдром кај деца. Меѓутоа посттрансплантационо Сандра разви стероидно зависна хронична болест калем-против-домаќин (Graft versus disease GvHD) на долниот гастро интестинален тракт и на црниот дроб. Вообчаен третман за лекување е пресадување на коскена срж од сроден или несроден донор, зафат кој заедно со сите пропратни испитувања, третмани и престој на потесното семејство на клиниката, не' чинеше повеќе од 200.000 евра сопствени средства, средства од кредити, позајмици од роднини, пријатели и добронамерници.

Третманот што ветува искоренување на GvHD синдромот ќе повлече повеќе од 100.000 евра дополнителни средства, за кои немаме други опции да ги обезбедиме. Од наше име, ве замолуваме за парична донација во рамките на вашите можности. Однапред ви благодариме за вашата хуманост.

Податоци за сметката на која можете да донирате:
200002729851107 MKD -транзакциска сметка
Instructions for payment:
BANKA: STOPANSKA BANKA AD SKOPJE – BRANCH OHRID
SWIFT CODE: STOBMK2X
IBAN:MK07200002729853241 EUR
BENEFICIARY: LENCHE NICHESKA
ADRESA: KONJSKO, OHRID
Тел: 0038978277256

Stanka Karapanceva,
Real Estate Sales Representative

stanka@rogers.com
t.416-975-5588 c. 647.237.9330
f. 416.975.8599
wwww.foresthillyorkville.com

Forest Hill
REAL ESTATE INC. BROKERAGE
YORKVILLE

28A Hazelton Avenue
Toronto, ON M5R 2E2

Македонско литературно друштво „Браќа Миладиновци„ - Торонто

ДАНА СКЕНДОВА – СКОТЛАНД ПОБОРНИК ЗА МАКЕДОНСКАТА ВИСТИНА

Судбината Дана Скендова Скотланд била, да ја напушти Македонија во немирните времиња исполнети со прогони, неправди, страв и се' она што може да го донесе војната и недемократските системи. Таа од родната Македонија го понесе единственото чувство дека е Македонка и дека ќе остане тоа до крајот на животот

Животот на Дана започнал во Битола во 1944 година, во градот на конзулите и градот на културата и образованието, за потоа во 1951 година заедно со родителите да замине во Канада каде и сега живее. Таа од родната Македонија го понесе единственото чувство дека е Македонка и дека ќе остане тоа до крајот на животот.

Нема поблагородна работа од чувството да се осветли историската вистина за една Македонка и нејзиното поколение како што е Дана Скендова-Скотланд. Проникнувањето во индивидуалните хоризонти на Дана ја откриваат сликата за судбината на Македонеците од библиска Македонија, особено за прогонетите од своите дедовски корени од егејскиот дел на Македонија.

Нејзината судбина била, да ја напушти Македонија во немирните времиња исполнети со прогони, неправди, страв и се' она што може да го донесе војната и недемократските системи. Патот ја однел на повеќе балкански простори, за на крајот да се пресели во Канада, каде Дана со своето семејство живее повеќе од педесет години.

Меѓутоа, иако ова доблесна Канаѓанка од македонско потекло со семејството живее во демократска Канада, во нејзината втора татковина, таа остана доследно на својата вековна македонска национална припадност и на своите дедовски корени во Македонија.

Со право може да се рече дека Дана е голем приврзаник и почитувач на втората татковина–демократска Канада и родната Македонија и дека таа е еден вид мост меѓу Македонија и Канада. Тоа се потврдува со зборовите на Дана, дека треба човек да се бори за својата иднина, да ги чува семејните обичаи, традициите, религијата, мајчиниот јазик, културата и сите други придобивки, со цел да остави трајни белези за идните генерации, кои треба да ги продолжат древните македонски вредности.

Животната приказна на Дана е, истовремено и еден вид сторија и историска вистина на Македонија, а преку неа и на македонското иселништво. Тоа е особено изразено со нејзината Автобиографија за нејзиниот животен пат, каде сублимирано се проектира најновата фаза на историјата на една скромна иселеничка која е на распетие меѓу Македонија и Канада. Со тоа значењето на оваа автобиографија, која ја подготви авторот на овие редови Славе Катин, ги надминува рамките на обично дело за животот на едно македонско семејство надвор од Македонија.

Инаку, автобиографијата „Сеќавања" на Дана Скендова-Скотланд, е огледало на нејзиниот животен пат, судбина, минато, сегашност, дел од нејзините лични и семејни постигнување, како и дел од иднината на нејзиното семејство. Затоа може да се каже дека со оваа автобиографија во куси црти се проектира еден дел од македонската историја. Таа е интересна и претставува вечно дело на едно скромно македонско семејство од Егејска Македонија.

Во оваа книга даден е дел од сликата за Дана и нејзиното семејство Скендови, младото поколение, нејзиниот сопруг Блер Скотланд, нивната животна прикаска и судбина, нивниот заеднички живот и постигнувања. Во автобиографско дело, на многу интересен, наративен начин, на англиски и на македонски јазик се презентирани историскиот, животниот, семејниот, иселеничкиот и творечкиот опус, пред сè на Дана Скендова–Скотланд.

Дана, покрај тоа што е вљубеник во Торонто, во канадскиот живот, демократските процеси и слободи, таа е голем роднокраен поборник и вљубеник во македонскиот поетски пишан збор, во македонското духовно живеење и македонската заедница. Во исто време со своето скромно поетско постигнување е позната, докажана и призната во македонската заедница во Торонто, особено преку Литературното друштво „Браќа Миладиновци" што е во рамките на МПЦ „Свети Климент Охридски" во Торонто.

Во автобиографијата на Дана Скотланд се прави обид да се фрли светлина врз нејзиниот животен пат. Трудот е компониран во неколку дела, во кои секој има по повеќе глави, претставувајќи хронолошка и тематска заокружена целина, иако во основа тие меѓусебно се надоврзуваат и се дополнуваат. Во делото се поместени голем број фотографии и други материјали кои треба да придонесат за поцелосно запознавање на нејзината многустрана значајна личност.

За авторот на овие редови посебно значење е и еден друг факт. Тоа е познанството, пријателскиот однос и добрите релации на нашите родители од пред педесетина години до денес. Затоа и мојата лична благодарност кон Дана и нејзиното семејство за укажаното внимание и чест да ја уредам, преведам и отпечатам оваа значајна автобиографија, дело со дел од интересната животна сторија на Дана Скендова-Скотланд и нејзиното почитувано семејство, која се чита во еден здив.

Исто така, во монографијата се дадени податоци за нејзиниот сопруг Блер Атол Мур Скотланд кој бил роден во болницата „Свети Јосиф" во Торонто, на 26 јуни 1940 година, и бил помладиот син на Џорџ Скотланд и Елена Харви Скотланд. Брат му Џон е постар шест години. Неговиот татко Џорџ кој бил роден во Пертшир, Шкотска, при крајот на XX век, бил единствено момче во семејството со четири сестри. Играл фудбал во клубот „Свети Џонсон" и во 20-тите години на XX век, од далечната Шкотска дошол во Канада во потрага по подобар живот.

Блер учел во државното училиште „Свонси", но ја имал таа привилегија да го посетува колеџот „Свети Андреј", приватно училиште за момчиња во Аурора. Колеџот „Свети Андреј" бил во интернат и секое утро учениците морале да стануваат рано, да го наместат креветот, да ги светнат чевлите, да одат на молитва во капела, а потоа да појадуваат. Секоја недела учениците оделе в град да присуствуваат на служба во некоја црква по нивен избор.

Уште од рана возраст Блер имал дарба за спорт и токму тука имал можност да учествува и да игра во многу спортски тимови како што се: крикет, ватерполо и фудбал. Амбицијата на Блер во тоа време, според писмото од директорот, била да стане одбранбен играч во фудбалскиот тим. Морал да оди на лекарски преглед пред да учествува во каква било спортска активност и откако утврдиле дека има срцев шум, не му дозволиле повеќе да спортува.

За Блер немало здравствени правила што ќе го спречат да учествува во кој било спорт бидејќи тој е роден спортист. Во младите години играл хокеј каде бил голман. Учествувал на спортските натпревари „Хамберсајд" и бил одбранбен играч во фудбалската екипа на средното училиште и шампион во пинг-понг. Преку бизнисот, членовите на неговото семејство биле членови на „Вестон голф" и „Кантри клуб" и како јуниор Блер бил брилијантен во голф и ветувал голема иднина, но, за жал, го напуштил интересот за овој спорт, но продолжил да игра колку што можел почесто.

Блер живееше и дишеше за спортот и имаше радиофоничен спикерски глас. Можеше да ги рецитира составите на тимовите и статистиката за секој играч во Големата лига, бејзбол, фудбал, хокеј, и за тековните и за многуте години наназад. Секогаш зборуваше за неговата желба да стане спортски коментатор.

Сепак, по завршувањето на средното училиште, Блер се приклучил во семејниот бизнис на татка си и брат му и останал таму додека компанијата не се продала во 1984 година. По продажбата на компанијата, Блер работел во фирмата „Декорал пеинтинг", како менаџер на канцеларијата, во „Симпсон" со скратено работно време, а потоа 25 години работел во „Сеарс"до неговото пензионирање во јуни 2012 година.

Блер ги сакаше и почитуваше својот брат и снаата Мерилин, како и нивното семејство. Тие му беа единственото негово семејство во Канада. Блер како личност беше многу чувствителен и внимателен, беше длабоко погоден од раздалбата на своите родители кога имал само седум години и од прераната смрт на мајка си. Единствениот подарок што му беше многу драгоцен од мајка му беше еден прекрасен сино-сив џемпер-палто и секогаш кога не се чувствуваше добро, ќе го облечеше бидејќи тоа му даваше утеха. Тој исто така беше тажен и огорчен од прераната смрт на неговиот внук Блер Андреј (Дру) кој беше крстен по него.

Блер не знаеше ништо за Македонија и за македонскиот народ. За една недела, направи истражување и набргу доби низа сознанија за историјата на македонскиот народ. Поради неговата љубов кон Дана, Блер го прифати народот, културата и религијата. Се запиша во македонско училиште и две години учеше со професорката Софија Росовска и таа навистина беше импресионирана од неговата трудољубивост.

Научи да чита и пишува македонски, но јазикот му беше предизвик. Уживаше во музиката и играше ора. Имаше голем апетит и ја ценеше храната, посебно домашно вино и зелник. Работеше во градината и, освен цвеќињата, научи како да сади пиперки и домати, главни продукти во секој македонски дом, а исто така во нивниот дом растеше и здравец (цвеќе што носи здравје во куќата). Всушност, Блер стана вистински амбасадор за Македонија.

Бидејќи Дана немаше привилегирана можност да оди на училиште во Македонија, нејзиниот македонски речник е ограничен, но се обидува да пишува најдобро што може и тоа доаѓа од нејзиното македонско срце, од нејзината душа.

Нејзината поезија се темели на нејзината филозофија, од тоа што таа го чувствува и таа вели: „Она во што верувам во срцето е мојата верба во Бога: да се живее смирено, со љубов и со почит кон човештвото и самиот живот".

Таа е член на Литературното друштво „Браќа Миладиновци". Објавила поезија на англиски и на македонски во делата „Корени", „Литературна мисла", „Незаборавени" и „Носталгични воздишки"

Дана Скотланд е медицинска сестра и е хуманист, човекољубец, помагач и волонтер во многу организации. Така, таа, меѓу другото, е Член во Комитетот за контрола (архивски секретар) на црквата „Свети Климент Охридски", Член на Женската секција на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски", во "Македонски детски фонд,, член на Организацијата „Обединети Македонци",- на Македонско историско друштво на Добротворното друштво „Неволјани" и на Женското здружение „Неволјани". Дана Скотланд, меѓу другото е добитник на Награда за волонтирање 1993 - 10 години од Канадско-македонското здружение.

Пишува: СЛАВЕ КАТИН

КУЗМАН ШАПКАРЕВ – СОБИРАЧ НА МАКЕДОНСКОТО НАРОДНО ТВОРЕШТВО

(1 февруари, 1834 г. Охрид - 18 март, 1944 г. Софија)

Почитувани читатели, зачекоривме во февруари или Сечко, вториот месец од летото господово кога на 1 февруари, 2020 година се навршуваат 186 години од раѓањето на македонскиот преродбеник и собирач на народни умотворби, охриѓанецот Кузман Шапкарев. По тој повод, ќе се насочиме кон неговото време, живот и значајно дело. Во литературниот прилог, покрај народните песни од неговиот Зборник, ќе бидат застапени песни и цитати од пошироката фолклорна ризница, со различни жанрови и мотиви, како и од „Зборникот на Браќата Миладиновци“. Но љубовта како главен мотив, во животот застапена е во многу песни, и на почетоков, за пријатно расположение, ќе цитирам една убава љубовна песна во која се пее за струшките моми и Струга, родниот град на Димитар и Константин; зачетниците на фолклористиката во Македонија, чии живот и дело е поврзан со животот на К. Шапрарев:

„Што ми е мило ем драго
во Струга дуќан да имам,
на кепенците да седам,
струшките моми да гледам
како си одат на вода...“

Уште од дамнешни времиња македонскиот народ искажал безброј приказни, песни, гатанки и други умотворби, кои денес го сочинуваат нашето богато народно творештво, меѓу кои, народните песни гозафаќаат првото место по својот вид и тематика на настаните, по својата емотивност и изразита музикалност. Низ сите времиња песната била секојдневен придружник на нашите далечни претци која и денес живее со нас и ќе ги придружува идните поколенија. Животот на народот е поврзан со песната, така да сите временски периоди и настани од нашето историско постоење, песната ги сочувала од прашината на заборавот. Пренесувајќи се од поколение на поколение, народното поетско творештво, уште во 19-от век било запишувано во бројните Збирки на првите собирачи на македонското народно творештво, во кои се опеваат празниците, свадбите, љубовта, печалбарството; меѓу кои значајно место завзема Кузман Шапкарев. Печалбарските песни се појавиле за време на печалбарството во Македонија и во нив е опеан тешкиот живот на народот како и разделбата со најблиските:

ПОАЃА СТОЈАН ТУЃИНА

Поаѓа Стојан туѓина,
туѓина – мака голема!
Стара го мајка испраќа,
верно го либе не пушта:
- „Не оди, Стојан, туѓина!
Лоши сум сништа сонила:
на сон ме змија укаса
- левата страна ногата!“

Собирањето на македонското народно творештво се одвивало во 60-те, и 70-те години од минатиот век, и е поврзано со развитокот на македонскиот јазик, кога ќе се постави прашањето народниот јазик да прерасне во литературен, со кое ќе се бават луѓе со повисока наобразба, и со познавања на лингвистиката. Јазичното прашање први ќе го постават т.н. македонски учебникари и преродбеници, и тоа; Партение Зографски, Д. Миладинов Прличев и др. а, како најплоден пишувач на учебници е Кузман Шапкарев, заштитник на македонскиот јазик; еден од највидните борци против елинизмот во Македонија. Своите активности и собирачка дејност ги развиваше во периодот на македонската национална и културна преродба кога образованите луѓе бараат формирање на еден, единствен јази и ја зацврстуваат народната култура.

КУЗМАН АТАНАСОВ ШАПКАРЕВ е роден на 1 февруари, 1834 г. во Охрид и е еден од најзначајните собирачи, публицисти и афирматори на македонските народни умотворби и прв македонски учебникар. Основно образование завршил во родниот град. И покрај тоа што се борел против елинизмот, во прво време и самиот под влијание на елинизмот бил грчки учител во Охрид. Но, откако се зближил со Д. Миладинов отворил училиште на народен јазик воСтруга, тој му станува најблизок соработник на Димитар, а потоа и зет од ќерка. Учителствувал во Битола, Кукуш и Солун каде отворил две гимназии за македонските ученици За време на своето учителствување секаде го воведувал мајчиниот јазик во наставата, отфрлајќи го грчкиот.

Забележувајќи го недостигот на учебници на мајчиниот јазик во наставата, Шапкарев напишал неколку учебници, и во 60-те и 70-те години, во македонските училишта се учело по неговите учебници: -Кратка свештена повесница, - Кратко земјописие, -Буквар, -Голема читанка, - Првоначални познанија за мали деца. Овие први пет учебници излегле во 1868 г. во Цариград и биле напишани на охридски говор. Учебникот „Мајчин јазик“ излегол во Солун, исто така напишан на охридски говор, со кого Шапкарев укажува дека македонскиот јазик треба да се развива како посебен македонски јазик. Токму затоа,неговите учебници играле голема улога во истиснувањето на грчкиот јазик од училиштата.Со тоа на грчката пропаганда и беше зададен коначен удар. Покрај учебниците, значајно дело на Шапкарев е и биографијата на браќата Миладиновци: „Материјали за животописанието на браќата Миладиновци“(Пловдив, 1864). Кога веќе станува збор за Миладиновци, кон литературниот прилог за Шапкарев, ќе приведеме една народна љубовна песна од нивниот „Зборник на македонски народни песни„во која народниот пеец со голема лиричност ја опишува убавината на момата и љубовта на момчето кон неа:

„Ој ти моме хубаво и лично!
Роб ќе ти бидам до три години,
За да ти видам рамната става,
Црните очи, тонките веѓи
Твој црвен образ, медната уста,
Белото грло, белите гр’ди.
Де гиди лудо, де гиди младо!
Дека ќе видиш, шчо фајде имаш?
Полните очи, празните р’це.

Поттикнат од браќата Миладиновци најзначајниот дел од културно-просветната работа на Шапкарев е собирањето и публикувањето на македонските народни умотворби. Неговата собирачка работа од „подрачјето на македонското народно поетско и прозно творештво“ датира кон крајот на 1858 г. Запишал материјали од повеќе места; од Охридско до Солунско; и тоа, со сеопфатна народната литература, и етнологија.

Во историјата на македонската фолклористика и кај јужнословенските балкански народи, нема пообемно собирачко дело од Шапкаревото, зашто своите материјали ги публикуваше во осум томови на својот Зборник (Софија 1891-94). Значи, напоредно со учителската должност, неговата 30 годишна собирачка дејност ќе се круниса со издавањето на Осумтомовиот Зборник во кого се содржат приказни, песни, предании и др. од повеќе краеви на Македонија. Неговиот Зборник претставува огледало на македонскиот бит и култура, и наиде на голем интерес ширум Европа, афирмирајќи ја македонската народна уметност и фолклорна ризница. Интересно е да се напомни тоа што во Зборникот е забележано:



ПРЕДАНИЕ ЗА АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ

„Простите луѓе велат и веруваат дека војните најпрво биле изнајдени од Александар Велики Македонски. Кога тој шетал по море, одеј„смртна“ вода, за да се напие та да не умира никогаш, кога видел во морето рибите да се бијат помеѓу себе, како во војна, намислил и тој да го направи истото, та кога дошол во царството свое, на овој свет, ја извадил прв војната.“

Во Зборникот застапени се 1318 народни песни од сите жанрови: Обредни песни, Митолошки, Љубовни, Печалбарски, Родољубиви и др. Ќе ја презентираме митолошката песна со лирски чувства, која за мотив ја има метаморфозата што значи олицетворенија и претворања на луѓе во животни, самовили,природни сили и обратно. Со орото и моќта на самовилата, преку дијалог, доаѓа до израз народниот говор со лирски напеви:

САМОВИЛА ОРО ВИЛА
Самовила оро вила,
оро вила на планина.
Свекрва е викум викат:
- Самовило, снао мила,
пушчи оро, дојди дома
от ти плачит м’шко дете!
- А свекрво, мајко мила!
Ќе ти пушча овца с млеко,
да нацицат м’шко дете;
ќе ти пушча тивка роса,
да иск’пит м’шко дете;
ќе ти пушча тивки ветер,
да залејлат м’шко дете.

Народни песни и приказни се добар пример за пошироко презентирање на македонската народна уметност врз кои инспиративно и континуирано се темели македонската литература. Кузман Шапкарев по 30-годишна разновидна работа; учителствување, собирање на народно творештво, пишување на учебници и др.- даде голем книжевен придонес за време на националната преродба. Умре на 18 март, 1909 г. во Софија. Оваа година се навршуваат 111 години од неговата смрт. Зад себе остави импонзантен книжевно-фолклористички опус од големо значење за македонската книжевност и култура.

Култот за него засекогаш ќе биде осветлен со неговото монументално дело со кое „целосно го оцртува нашиот народен бит и живот, определувајќи ја националноста на населението и нивната припадност; на која и припаѓа и тој ,МАКЕДОНЕЦОТ од Охрид, Кузман Шапкарев.

ПОЕЗИЈА СО ПОВОД
Пишува и уредува
БЛАГИЦА ДАФОВСКА

Низ Годините

Февруари или Сечко е второт месец во годината според Грегоријанскиот календар. Тој е месецот со најмалку денови, 28 дена во редовните години и 29 дена во престапните години.

На 4-ти февруари 1872 во Кукуш, Егејска Македонија е роден Апостолот на македонската револуционерна борба Гоце Делчев.

На 6 февруари 2016 година во Торонто се одржа традиционалната Гоцева Вечер во организација на Организацијата Обединети Македонци од Канада чиј што претседател Мендо Бакаловски упати порака до Македонците: Да си подадат рака независно на која партија и уверување припаѓаат.

Пратеникот во македонскиот парламент за Северна Америка Павле Саздов го одликуваше претседателот на Организацијата Обединети Македонци од Канада Мендо Бакаловски со посебно признание испратено од Собранието на Република Македонија.

Прота Илија Донев, парохиски свештеник во Св. Климент Охридски во Торонто ја пренесе пораката од името на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Американско-канадски Господин Методиј. При тоа тој истакна:

-Да си ја сакаме Татковината - МАКЕДОНИЈА, да си го сакаме својот народ, да си ја сакаме нашата Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија. Тоа се вредности кои ја гарантираат нашата иднина како посебен народ и идентитет.

Присутните ги поздрави и неговата екселенција Амбасадорот на Р.Македонија во Канада Тони Димовски,а Претседателот на црковната управа во Св. Климент Охридски госпоѓа Вера Белчевска во своето обраќање пред присутните на Гоцевата Вечер истакна:

-Ние, Македонците, се гордееме со Гоце Делчев и затоа, наша обврска е да го чуваме и продолжуваме неговото дело.

Специјален гостин од Македонија беше Стефан Влахов Мицов,професор на Националниот институт за историја на универзитетот Св. Климент Охридски во Скопје, активист, историчар, писател и филозоф.

Почесниот македонски конзул во Аризона Џејсон Мико добар понавач на состојбите во нашата земја и продуцент на документарниот филм ,,Името е име,, се осврна за наметнатиот спор со нашето вековно име и позициите за влезот во Нато.

На свеченоста присуствуваше и пратеникот во Собранието на Република Македонија Зоран Георгиевски, а познатиот интерпретатор на македонски песни во фолклорен дух Спасен Силјановски одново ги зававуваше гостите на Гоцевата Комитска Вечер.

На 11 февруари 2017 година на традиционалната забава која секоја година се одржува кон средината на месец февруари повод денот на вљубените, а во органзација од МАЈНЕТ, за најубави млади Македонец и Македонка беа прогласени: Веле Тошевски и Џенифер Рачковска.

Прва придружничка беше Христина Велјановска а втора Елена Јовчевска..

На 12 ти февруари 2014 година во тогашниот Air Canada Centre (денешна Scotia Bank Arena) повеќе од 600 Македонци ги обоија трибините во жолто-црвена боја.

Нашиот спортски херој, македонската гордост кошаркарот Перо Антиќ чија што екипа Атланта Hawks се натпреваруваше во гости со домашниот Торонто Рапторс и покрај огромната поддршка на македонските навивачи

од трибините ја загуби играта со 104:83 за домаќините. Во соработка со Рапторс, Македонска Нација предводена од Боне Темелков овозможи на 28 млади Македончиња директно присуство на теренот за време на интонирањето на канадската и химната на Сад.

Неколки дена пред тоа на 8 ми февруари Македонска Нација, организираше забава во очи на натпреварот, каде што Македонците кои дојдоа во голем број имаа можност да ја обезбедат комплетната навивачка опрема: македонски капи, маички и шалови на кои најмногу им се радуваа најмладите. Оваа преднатпревар забава беше надополнета со музика, пијалоци и закуска. На истата присуствуваше и врвот на македонската дипломатија во Торонто.

На 13 февруари 1947 година во Скопје, Македонија е основано Друштвото на писателите на Македонија. Основачи биле: Блаже Конески (прв претседател),Димитар Митрев, Славко Јаневски, Ацо Шопов, Владо Малески, Ристо Крле, Васил Иљоски и Иван Точко.

-На 26 февруари трагично, во авионска несреќа заврши животот на вториот претседател на Македонија Борис Трајковски кој својата должност ја извршуваше од 15 декември1999 година до 26 февруари 2004 година,

Многумина Македонци сметаат дека Претседателот Трајковски загинал под неразјаснети околности, незадоволни од официјалното објаснување дека се работи за грешка на пилотот во авионот. Постојат шпекулации дека тој можеби бил жртва на атентат.

На 28 февруари 1934 година основан е Музејот на град Битола сместен во некогашното Битолско военo училиште, основано во 1847 година.

Заводот и музеј Битола во вршењето на својата дејност ги користи следните објекти: Стара касарна, антички локалитет Хераклеја Линкестис, Уметничка галерија (Јени џамија (Битола), Ајдар-кади џамија, Спомен-куќа на Гоце Делчев, Спомен-куќа на Стив Наумов, Магазата на ул. „27-ми Март".

Во музејот можат да се видат многу поучни работи, како на пример статуи од познати борци (Гоце Делчев, Питу Гули итн.), праисторијата на луѓето и др

НАПРАВИ САМ

Во оваа рубрика НАПРАВИ САМ ќе може да се запознаете како да направите прекрасен дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои ги користам во изработката на предметите и облеката се веќе искористени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не ни треба повеќе. Рециклирањето е број еден за заштита на нашата убава планета земја.

Затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно!

Да почнеме:

Денес ќе ви дадам идеја како да си направите од стариот фустан нов дизајн и изглед:

1. Фустан со принт;
2. Ножици;
3. Машина за шиење;
4. Окер ролка со куси ракави;

Фустанот кој ќе решиме да го дизајнираме во нов модел, со нов изглед треба да го прилагодиме со

ролката(блузата) која ќе ја споиме на долниот дел. Најпрвин одлучуваме да го исечеме фустанот на половината. Потоа на машина за шиење ги спојуваме долниот дел на блузата и сега добиената сукња од пресечениор фустан. Во мојот случај се решив за принт фустан споен со ролка во окер клот боја бидејќи ја има на самиот принт. Одлична комбинација! И самата се изненадив колку елегантно изгледа новиот фустан. Горниот дел на фустанот го подрабив и добив сега блуза елече која можам да ја носам врз фустанот со ролка или врз кошула. Можете да ставите акцесорис во една боја и креацијата е спремна за вас!

Уживајте во секоја ваша идеја и креација!

Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви Каролина Ристеска.

Ташко Кубановски

Афоризмите на Ташко Кубановски

► Луѓето градат многу ѕидови, а малку мостови.

► Секое зло е мало во споредба со она кое доаѓа од жената.

► Во комунизмот беше човечка трагедија затоа што сите луѓе немаа исти права, тука сите права ги имаа истите луѓе.

► Не е виновно виното, туку тој што го пие.

► Кој се храни од надеж-умира гладен.

► Девојките мислат на брак, мажените на љубов.

► Ако вашиот сопруг купил двоглед, знајте дека сте добиле нова сосетка.

► Минатото е кофа плна со пепел.

► Жената може да го остави мажот, своите фустани никако.

► Пред сексот, алкохолот ја зголемува желбата, но ја намалува можноста.

► Колку вреди нештото ќе дознеш кога ќе го загубиш.

► Не прашувајте како умрел. Прашајте како живеел.

Вицови

Несоница

Пациент му се жали на докторот:
– Докторе патам од несоница, не знам што да правам.
– Зошто не пробате со стариот трик за спиење – да броите овци?
– Не, доктор! Јас сум трговец, ќе ги избројам, па ги товарам на воз за продажба, па после цела вечер размислувам колку даноци треба да платам.

8-ми Март

Трпана го прашува Трпе:
– Маженце, каде ќе ме носиш за 8-ми Март?
– Кај мајка ти.
– А за Велигден?
– Тогаш ќе те земам!

Вера

– Љубов, сакаш ли да ме ожениш?
– Сакам љубов, ама мојата вера не ми дозволува!
– Која вера?
– Жена ми, Вера.

Позитивно

Шефот:
– Колеги, денес сите може да кажете по нешто позитивно.
Трпе:
– Денес плачев само еднаш.

Документи

Полицаец застанува некое типче со БМВ:
– Документите ќе ве молам.
– Ти бе, знаеш ли кој ми е татко?!
– Не знам, за тоа ќе си ја прашаш мајка ти, а мене ќе ми ги дадеш документите.

Жена на диета

– Жено, нели си на диета ма?
– Така е.
– Така е, ама само што изеде 3 банички!
– Е да де, ама јас сакав да изедам 6, а изедов 3!

Колкава доза ракија ти е таман?

Пиеш 100 грама – спремен си да го започнеш животот од почеток и… да си пуштиш во грлото уште 100.
200 грама – буквално праќаш љубов кон ближниот, особено ако тој е жена.
300 грама – ти се отвораат очите – сите кои седат покрај тебе на маса, ти се браќа.
400 грама – моментот на вистината – излегува дека сите покај тебе, се идиоти.
500 грама – филозофска доза – од мозокот ти течат генијални мисли, но толку се генијални што не се преведуваат на македонски, а другите мислат дека јазикот ти се плетка.

Вилата на еден македонски политичар

Македонски политичар кој своевремено бил министер кани гости во својата луксузна вила. Гостите се воодушевени. Базен во дворот, скап мебел, мермер и луксуз нсекаде. Еден од гостите го прашува:
– Колку те чинеше овој дворец?
Политичарот одговара:
– Многу, ужасно многу! Само за базенот сакаа да ми залепат три години.

Македонија е стабилна држава

Стабилно растат цените.
Стабилно се земаат кредити.
Стабилно се краде од државата.
Стабилно се иселува населението.
Стабилно се загадува природата.
Стабилно се уништува иднината на младите.
Стабилно пропаѓаме уште и уште, иако одамна го достигнавме дното.

Од каде потекнуваат татковците, а од каде мајките?

Детето ја прашува мајка си:
– Мамо, ние луѓето, од каде потекнуваме?
Мајката:
– Па, Бог нѐ создал.
Детето:
– А зошто тато вели дека сме настанале од мајмуните?
Мајката:
– Тој си зборува за неговите роднини!

Какви вести ќе гледаме после 100 години?

Годината е 2120. Вести.
Изградена е првата директна линија Земја – Марс. Македонија наредниот месец очекува да добие датум за почнување на преговорите со ЕУ. Автопатот Охрид – Кичево е во завршна фаза.

Како да станеш лош човек?

1. Дај пари на заем
2. Чекај долго да ти ги вратат
3. Прашај кога ќе ти ги вратат
Готово – ти си ла*но…

Македонски песимист и оптимист

Песимистот:
– Од ова полошо не може да биде!
Оптимистот:
– Може, може…

Современа класификација на ракијата

Класификација на рикијата во ИТ круговите:
0,1 литри – demo
0,25 литри – trial version
0,5 литри – personal edition
0,7 литри – professional edition
1,0 литри – network edition
1,75 литри – enterprise
3 литри – for small business
5 литри – corporate edition
Бочва – home edition
„За по пат“ – Service pack
Средство против мамурлак – Recovery tool
Мезиња – plugins
Повраќање после препивање – (Undo) Backup Sollution

Скопско кафуле

Во еден скопски кафич…
Келнерката:
– Повелете, господине?
– Џек Даниелс.
– Цеца од Богданци, мило ми е.

Типичен македонски маж

Македонско семејство. Мажот се испружил на каучот и гледа телевизија, додека неговата жена напорно чисти низ дома. По некое време тој станува, оди кај неа и и вели:
– Душо, ми стана непријатно. Не можам да те гледам како се мачиш. Ќе фатам да излезам малку надвор да прошетам…

Не им е лесно ни на државните службеници

Се враќа државен службеник капнат од работа и жена му му вели:
– Што си вака преморен? Сигурно си решавал некој многу тежок крстозбор.

2020			ФЕВРУАРИ	29 дена
Д	нов	стар	СЕЧКО	
С	1	19	Преп. Макариј Велики; св. Марко Ефески	
Недела 32 по Педесетница, Гл. 8; Ев. В 11, На Литургија Апостол 1 Тим (4, 9-15); Ев. Лк 94 (19, 1-10)				
Н	2	20	Преп. Ефтимиј Велики; св. цар Лав Велики	
П	3	21	Преп. Максим Исповедник; преп. мч. Неофит Никејски	
В	4	22	Св. ап. Тимотеј; преп. мч. Анастасиј Персиец	
С	5	23	Св. свешт-мч. Климент Анкирски; св. мч. Агатангел	
Ч	6	24	Преп. Ксенија Римјанка; преп. Македониј Сириски	
П	7	25	**† Св. Григориј Богослов**; св. свешт-мч. Владимир Киевски	
С	8	26	**Св. Јосиф Солунски**; преп. Ксенофонт и Марија со чедата	
Недела на Митарот и Фарисејот, Гл. 1; Ев. В 1, На Литургија Апостол 2 Тим (3, 10-15); Ев. Лк 89 (18, 10-14)				
Н	9	27	Пренесување на моштите на св. Јован Златоуст	
П	10	28	Преп. Ефрем Сирин; преп. Исак Сирин; преп. Паладиј	
В	11	29	Пренес. на моштите на св. свешт-мч. Игнатиј Богоносец	
С	12	30	Свети Три Ерарси; св. свешт-мч. Иполит Римски	
Ч	13	31	Св. бесребр. Кир и Јован; св. мч-чка Трифена	
П	14	1	*Прет. на Сретение;* **† св. мч. Трифун**; св. мч-чка Перпетуа	
С	15	2	Сретение на Господ Исус Христос	
Недела на Блудниот син, Гл. 2; Ев. В 2, На Литургија Апостол 1 Кор (6, 12-20); Ев. Лк 79 (15, 11-32)				
Н	16	3	**† Св. Симеон Богопримец и пр-ца Ана**; св. Николај Јапонски	
П	17	4	Преп. Исидор Пелусиот; преп. Николај Исповедник	
В	18	5	Св. мч-чка Агатија	
С	19	6	Св. Вукол Смирненски; св. Фотиј Цариградски	
Ч	20	7	Св. Партениј Лампсакиски; преп. Лука Еладски	
П	21	8	Св. пр. Захариј; св. вмч. Теодор Стратилат	
С	22	9	*Одд. на Сретение;* св. мч. Никифор; ***Задушница***	
Недела Месопусна, Гл. 3; Ев. В 3, На Литургија Апостол 1 Кор (8, 8 – 9, 2); Ев. Мт 106 (25, 31-46)				
Н	23	10	**† Св. свешт-мч. Харалампиј**; преп. Прохор Лободник	
П	24	11	**† Св. мч. Георгиј Кратовски**; св. Власиј	
В	25	12	Св. Мелетиј Антиохиски; св. Алексиј Московски	
С	26	13	Преп. Мартинијан; св. ап-ли Акила и Прискила	
Ч	27	14	**† Упок. на св. Кирил Солунски**; преп. Авксентиј Витински	
П	28	15	Св. ап. Онисим; преп. Евсевиј; пре. Пафнутиј и Ефросинија	
С	29	16	Преп. Памфил, Порфириј и др. мч-ци	

2020			FEBRUARY	29 days
D	new	old	ORTHODOX CALENDAR	
S	1	19	Venerable Makarius the Great; St. Mark from Ephesus	
33th Sunday after Pentecost, Tone 8; Res. Gospel 11; on Divine Liturgy: 1 Tim. **224**; Lk. **94**				
S	2	20	Venerable Euthimius the Great	
M	3	21	Venerable Maximus the Confessor	
T	4	22	St. Timothy, the Apostle	
W	5	23	St. Clement, bishop of Ancyra; St. Agathangelos, martyr	
T	6	24	St. Xenia from Rome	
F	7	25	**† St. Gregory the Theologian**	
S	8	26	Venerable Xenophont and Maria; St. Joseph, Bishop of Solun	
Sunday of the **Publican and the Pharisee** Tone 1; Res. Gospel 1; on Divine Liturgy: 2 Tim. **296**; Lk. **89**				
S	9	27	Transfer of the relics of St. John Chrysostom	
M	10	28	St. Ephrem the Syrian, venerable	
T	11	29	Transfer of the relics of St. Ignatius Theophoros	
W	12	30	**Three Holy Hierarchs:** Basil, Gregory and John Chrysostom	
T	13	31	Sts. Cyrus and John, Unmercenary Physicians	
F	14	1	**† St. Tryphon, martyr** (*Antef. of Presentation*)	
S	15	2	**Presentation of our Lord Jesus Christ in the temple**	
Sunday of the **Prodigal Son**, Tone 2; Res. Gospel 2; on Divine Liturgy. 1 Cor. **135**; Lk. **79**				
S	16	3	**†Sts. Simeon the Host of God and Ana**	
M	17	4	Venerable Isidore of Pelusium	
T	18	5	St. Agatha, martyr	
W	19	6	V.Bukolos of Smyrna; St. Photius f. Const.	
T	20	7	Venerable Parthenius of Lampsacus	
F	21	8	St. Thodore Stratilates; Holy Prop. Zachariah	
S	22	9	St. Nikiforos, martyr (*Apod. of Presentation*); **Mem. Saturday**	
Meat-Fare Sunday, Tone 3; Res. Gospel 3; on Divine Liturgy: 1 Cor. **140**; Mt. **106**				
S	23	10	**† St. Charalampos, hieromartyr**	
M	24	11	**† St. George of Kratovo, martyr**	
T	25	12	St. Meletius of Antioch	
W	26	13	Venerable Martinian	
T	27	14	**† Repose of St. Cyril of Solun;** Ven.Auxentius	
F	28	15	St. Onesimus, apostle	
S	29	16	Ven.Pamphilus, Porphyrius and other Martyrs	

АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ

ЧИТАЈТЕ ГО НАШИОТ ВЕСНИК

ПОЛСКИ КОМПОЗИТОР ФРЕДЕРИК

К

АВАНС, АКОНТАЦИЈА / ГОВОРНИЦИ

СКАПОЦЕН МЕТАЛ / ПРЕФИКС: НАЈВИСОКА ВРЕДНОСТ

З

ПЕЈАЧКАТА АПОСТОЛОВА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КРУШЕВ. РЕПУБЛИКА КАРЕВ

ВИД ДИВА ВРБА

АФИРМАЦИЈА, ПОТВРДА / НАТРИУМ

Д

ДРВОДЕЛСКА АЛАТКА

Д

МАКЕДОНСКИ ОПЕРСКИ ПАЈАЧ

ПРЕТСЕД. НА ТЕТОВСКО ДРУШТВО ВО ТОРОНТО

ТЕТОВСКО ДРУШТВО ВО ТОРОНТО

АРТИСТКАТА УЛМАН / ДЕЛ ОД ТЕЛОТО

ИЗВРШЕН ОРГАН ВО НЕКОЈА ФИРМА

ГРИЖА ЗА БОЛЕН / НЕСПОРЕН ВИСТИНИТ ПОДАТОК

БОЛКА, СТРАСТ, СТРАДАЊЕ

ФОТОГРАФИЈА / КАША ОД МЕЛЕН СУСАМ

СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАЈНЕТ, ТОРОНТО

ЛАЗО НАУМОВСКИ

ХЕРЦЕГОВЕЦ / НАШ ПИСАТЕЛ ЈОРДАН

"ОПШТОНАТРОДНА ОДБРАНА" / "ТЕЛЕВИЗИЈА"

ИНДИСКИ ПОЕТ РАБИНДРАНАТ / "ПЛУРАЛ"

С

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОРГ. НА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА

ЗАГАР / РЕКА МЕГУ С.А.Д. И КАНАДА

ЈУЖНОАМЕРИКАНСКО ЖИВОТНО / АМПЕР

ДРАГИ ЈОВАНОВСКИ / НАЧИН НА ПИШУВАЊЕ

О

ОРАНИЦА / "НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА БОРБА"

СТАРА ФРАНЦУСКА СИТНА ПАРА / ДАСКА

РЕВОЛУЦИОНЕРОТ ЧОПЕЛА / КАВКАСКИ НАРОД

МУСЛИМАНСКИ БОГ

Н

ВИД ПРЕСЕЛНА ПТИЦА / ДЕН ВО НЕДЕЛАТА

ДЕПАРТМАН ВО ФРАНЦИЈА

МОДЕЛ НА ФИАТ / РУСКИ БАСНОПИСЕЦ ИВАН

ТАШКО ГЕОРГИЕВСКИ

СВЕЧЕНА ИГРАНКА / ПИСАТЕЛОТ ПОПОВ

К

"ИЗВЕСТИТЕЛНО ИЗБОРЕН СОБОР"

ГАЛИУМ / ЈАПОНСКА КОПНЕНА МИЛЈА

К

"ВЛЕЗ" / БУНАР, СТУДЕНЕЦ (МН.)

О

ПОСЛЕДН ОГРАЧ ВО ОРОТО / ФРАНЦ. ХЕМИЧАР ЖАН

РУСКИ ВИОЛИНИСТ ДАВИД / ЗВЕЗДА ОД СОЗВ. ОРЕЛ

МЕТО ЈОВАНОВСКИ

"ЕВРОПСКА УНИЈА"

НАЈГОЛЕМ МОРСКИ ЦИЦАЧ / РИСТО САМАРЏИЕВ

К

А

ПЕЈАЧОТ РАХИМОВСКИ / КОНАК, МЕАНА

АВСТРИЈА / ДРЕВЕН АСИРСКИ ГРАД

"ВИСОКО КВАЛИФИКУВАН" / МУЗИЧАРОТ ШАНКАР

КАМБОЏАНСКИ ПОЛИТИЧАР ЛОН

ВИД ПЛАТНО, АСЕ / МУЗИЧКИ ЗНАЦИ

КАПЕТАН НА БРОД / ВИД ЛОВЕЧКО КУЧЕ

О

РИМСКИ ИМПЕРАТ. РОДЕН ВО МАКЕДОН. / "АД АКТА"

КАЛИУМ / ИЗРАБОТУВАЧИ НА КИЛИМИ

ПЛАНИНА ВО ЦРНА ГОРА / ОГИСТ КОНТ

"ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА" / ИГРА НА СРЕКА

НАВИКНИВАЊЕ (МН.)

ОСТРОВ НА ЈАДРАНОТ

Р

КРИТИКА (ТУР.)

ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА / РАСТЕЖ, ПОРАСТ

ГРУПА ОРГАНСКО ХЕМИСКИ СОЕДИНЕНИЈА

ВОЗМОЖНА ОПАСНОСТ ОД НЕШТО (МН.) / ВНАТРЕ

СВРЗНИК / ПРИСТАНИШТЕ ВО ЧИЛЕ

Р

"ПОНД" / МАШКО ИМЕ

Л

ИВАН ТОЧКО / СКАПОЦЕН КАМЕН, ДИЈАМАНТ

А

ВЖАРЕНА ВУЛКАНСКА МАСА

ТЕНКИ КИЛИМИ / РЕКА ВО СИБИР

ГРАД ВО ИТАЛИЈА / КИЧЕВО

ИРИДИУМ / ВИД ПАПАГАЛ

РЕКА ВО БЕЛГИЈА

П

ГРАД ВО ТЕКСАС (С.А.Д.) / БАРЕМ НАЈМАЛКУ

МЕТАЛНА ЏЕБНА КУТИЈА ЗА ЦИГАРИ

ГРАД ВО УНГАРИЈА (ВИНО!)

ИЗРАБОТУВАЧ НА ОЧИЛА / ОПЕРСКА МЕЛОДИЈА

ОКСИГЕНИУМ

СТАРОЕЛИНСКИ ЈУНАК / ВИД ЈАГЛЕВОДОРОД

МОЈСЕЕВОТО ПЕТКНИЖИЕ

ЧОВЕК КОЈ ВРШИ ПОТВРДУВАЊЕ

МУСЛИМАНСКО МАШКО ИМЕ

ВИД БАКТЕРИИ ШТО СЕ СОБИРААТ КАКО ГРОЗД

ФРАНЦУСКА АРТИСТКА ЛЕСЛИ / ВИНАРСКИ ПОДРУМИ

ИЗЛЕТНИЧКО МЕСТО КРАЈ СКОПЈЕ / ИТАЛИЈА

В

ПОКОРЕН НАРОД ПОД ТУРЦИТЕ

РЕШЕНИЕ: ШАР ПЛАНИНА, ЛИВ, ОПЕРАТИВА, НЕГА, ПАТЕТИКА, ФОТОС, ЕРО, ОНО, ТАГОРЕ, СК, ЛН, РТ, АЛПАКА, ДЈ, ОРДЕ, НИВА, АЛАТ, СУА, ИРОНИ, Н, ШТРК, САВОЈА, СТИЛО, ТГ, БАЛ, КРИЛОВ, ИИС, ГА, КЕЦ, ВЛ, ОЈСТРАХ, ДАРСЕ, АТАИР, ВКВ, НОЛ, АМЕРИКАН, РЕИС, ОРЈЕН, ЈУСТИНИЈАН, К, ОК, ОА, НАВИКИ, ШОЛТА, РИЗИЦИ, ТВОИ, ВО, ИЛИ, РАСТ, П, ЛАВА, ИТ, АНКОНА, ИРАМИ, КИ, ИР, ОЧИЛАР, О, АКАДЕМ, ТАБАКЕРА, ВЕРИФИКАТОР, РАМИЗ, СТАФИЛОКОКИ, КАРОН, САРАЈ, ВИНАРИИ, РАЈА

МОЗАИЧЕН КРСТОЗБОР



За овој крстозбор ви се дадени решенијата. Обидете се да го реконструирате крстозборот со тоа што на долунаведените поими ќе им го најдете соодветното место во крстозборот.

ПОИМИ СО ПО 2 БУКВИ: АВ, ЕТ, ЈА, НА, ПЕ, РС

ПОИМИ СО ПО 3 БУКВИ: АЛА, АТИ, ЕЛА, ИЈИ, ИКА, ИЛК, ИРИ, ИТА, НАЛ, ОЗА

ПОИМИ СО ПО 4 БУКВИ: ГИРА, ЕТИЛ, ЕРАК, ИВАН, ИРАН, КЛЕЈ, НОРА, ОТЕЦ, РЕ-НА, РИВА

ПОИМИ СО ПО 5 БУКВИ: АЛАВА, АЛЕЈА, АМАТИ, АНОВИ, АТОМИ, ИВОРИ, ИТАКА, ИЦАНА, КАВАЛ, ОВУЛА, ОЦЕНА, РАЦИН, РЕЗИЛ, ФАБЕР

ПОИМИ СО ПО 6 БУКВИ: ПРИЛИВ, РАСИНА, РЕГИНА, РИВЕРА, РУСИЈА, ТЕТОВО, ФУЗИЈА

ПОИМИ СО ПО 7 БУКВИ: АНАТОМИ, КРУГОВИ, ЛЕГАТОР, РАМИРЕЗ

ПОИМИ СО ПО 8 БУКВИ: ЛАТАКИЈА, РЕЦИТАЛИ

ПОИМИ СО ПО 9 БУКВИ: ЛЕВИЈАТАН, ОПЕРАТОРИ, ОРИГИНАЛИ, ОТОМОТОРИ, СЛОВЕНИЈА, ТЕЛЕМЕТАР

ПОИМ СО 11 БУКВИ: БИЛАТЕРАЛЕН

ПОИМ СО 20 БУКВИ: ОТОРИНОЛАРИНГОЛОГИЈА

АНАГРАМ

СЕМ ВОЗИ ПЕДАЛИ ...

... КОГА СЕ ЗАНИМАВА СО ОВОЈ СПОРТ

ПОМЕСТУВАЛКА

ДЕСТИНАТОР
ПРЕТОВАР
ТИОСАВА
ОДМЕРЕНОСТ
АНТИДОТИ
ПРЕПОРОД
СЛАДОЛЕД
БЕДОКСИН

СО ПОМЕСТУВАЊЕ НА ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ЗБОРОВИ ВЛЕВО И ВДЕСНО, ВО ТРИ ВЕРТИКАЛНИ КОЛОНИ ЧИТАЈЌИ ПО ТРИ БУКВИ ОД СЕКОЈ РЕД ОДГОРЕ НАДОЛУ СЕ ДОБИВА ЕДНА МАКЕДОНСКА ПОГОВОРКА. КАКО ПОМОШ ПОСЕБНО СЕ ОДБЕЛЕЖАНИ ТРИТЕ БУКВИ ОД ПРВИОТ, СРЕДНИОТ И ПОСЛЕДНИОТ РЕД.

ГАТАНКИ

ДВЕ ДРВА ЗАКАЧЕНИ НА ЕДЕН ТРУП

* * * * *

ДЕБЕЛА БАБА СО ДВАНАЕСЕТ ПОЈАСИ

СКАНДИНАВСКИ КРСТОЗБОР



МАЛ КРСТОЗБОР



ХОРИЗОНТАЛНО: 1. Стаклен покрив на бродска палуба (мн.); **2.** Справа за мерење количество на топлина; **3.** Кратенка за ампер – Патен прирачник со детален опис на патот (мн.); **4.** Луѓе кои вршат измачување, садисти – Извик; **5.** Припадници на џиновското библиско племе Енак – Аземина нагалено; **6.** Дел од зграда, балкон – Вид цвеќе.

ВЕРТИКАЛНО: 1. Повик за молитва од минаре; **2.** Хемиски знак за лантан – Името на карикатуристот Василевски; **3.** Бездомник, скитник; **4.** Вид земјоделска алатка; **5.** Воспаление на ирисот на окото; **6.** Француско женско име; **7.** Името на француската тенисерка Морезмо; **8.** Името на американскиот артист Мур – Хемиски знак за калиум; **9.** Отилија нагалено – Мерка за земјиште; **10.** Вид мирски ракови; **11.** Другото име за Нова Гвинеја.

РЕШЕНИЈА:

МОЗАИЧЕН КРСТОЗБОР: ОТОРИНОЛАРИНГОЛОГИЈА, ПЕ, СЛОВЕНИЈА, РЕЦИТАЛИ, ЕЛА, КРУГОВИ, РИВЕРА, АВ, РЕНА, АЛАВА, РЕГИНА, П, А, АМАТИ, АТИ, ФУЗИЈА, ИРАН, ТЕТОВО, О, РАСИНА, ЕТИЛ, ОТОМОТОРИ, БИЛАТЕРАЛЕН, РАМИРЕЗ, КЛЕЈ, ЛАТАКИЈА, ИРИ, ИЦАНА, РАЦИН, КАВАЛ
АНАГРАМ: ВЕЛОСИПЕДИЗАМ
ПОМЕСТУВАЛКА: ИНАЕТОТ И ОД МЕДОТ Е ПОСЛАДОК
ГАТАНКИ: РАЦЕ; БОЧВА
СКАНДИНАВСКИ КРСТОЗБОР: СОПИЛА, МАЈКА, КОМИЧАРИ, РОНА, ФЕН, МИРСАДА, ИМАН, НАТКА, С, ЈОКОХАМА, ТАУ, АРОМАТИЦИ, УМ, ЛАТИНИ, ИНТ, А, ОЦЕНА, ПОДЕСТ, АРИКА, ТЕНИСЕР, ЕЈА, МАРАЈА, А, НА, МИНЕРАЛИ, ВИПИЦИ, КСИ, ПАГАНИНИ, МАТС
МАЛ КРСТОЗБОР: ИТУМИНАТОРИ, КАЛОРИМЕТАР, А, ИТИНЕРАРИ, МАЧИТЕЛИ, ОЈ, ЕНАКИТИ, АЗА, ТЕРАСА, КРИН

Valentines Day by Marija: Bruschetta Fried-Pesto Chicken

Ingredients:
4 Chicken Breasts (4-5 oz. each)
Homemade Pesto Sauce (Recipe below)
2 medium tomatoes (chopped)
Mozzarella cheese (shredded)
vegetable oil (3 tbsp.) for frying
salt & pepper to taste
parsley for garnish

Recipe:
Take the chicken breasts and slice them in half down the middle, vertically (long ways).
Sprinkle salt and pepper onto the chicken breasts.
In a large pan add vegetable oil on high temperature.
Begin to fry the chicken breasts, evenly on both sides (2-3 minutes on each side).
Take off when beautifully golden brown and leave to cool on a separate plate.
Now take a ceramic oven pan (non-ceramic is fine) and line it with parchment paper.
Place the fried chicken on the paper and spread your homemade pesto sauce all over the chicken breast pieces.
Pour all over the chopped tomatoes, and shredded mozzarella.
Place it in the oven heated at 350°F, for 30 minutes, until the cheese is beautifully melted.
Recipe for Homemade Pesto

Sauce:
1 bunch of basil (wash and chopped)
1/2 bunch parsley (wash and chopped)
6 garlic cloves (peeled)
pinch of salt
3/4 cup olive oil
Place all in high-power blender (or magic bullet), mix together and enjoy this wonderful addition to many dishes!
This is all a recipe great quick, light Valentine's Day dinner!

Valentines Day by Marija: Steak Dinner w/ Spring Salad & Potatoes

Ingredients for Steak seasoning:
1 oz. New York Steak
1/2 cup Mushrooms - sliced
The Keg style Steak seasoning

Mashed Potatoes:
1 lb. Potatoes - peeled & boiled
1 tbsp. Margarine
Salt to taste
Milk

Directions:
Wash the steak and season it with the mix above.
Grill for 7 minutes on each side on the barbecue.
Place it then on a tray covered with parchment paper, lather with oil and place in the oven for 15 - 20 minutes at 350°.
Then leave to the side.

Take a large pot place the potatoes inside and cover them with water.
Place them on medium heat to boil, or until tender.
Then drain the water.
Pour in the margarine and salt to taste.
Then begin to mash it all together.
Begin to pour in milk slowly, pour enough to make the mashed potatoes the desired consistency.

For your side of vegetables, you can use seasonal vegetables (any kind)

I used vegetable gravy for the steak:
1/2 cup celery
1/2 cup onions
1/2 cup carrots
1/4 cup diced red or green peppers
all chopped.
1 tbsp. vegetable oil

Place them on the stove top in a large pan and fry until tender.
Then sprinkle salt, a bay leaf, crushed black pepper and 1 oz. white wine.
Then pour in 4 cups of water, and leave to boil for 1 hour.
If the veggies are ready & tender, pour in 2 tbsp. corn starch.
1 tbsp. ready mix gravy powder.
Mix with cold water to thicken like gravy.

At the last moment, place in the sliced mushrooms.

Boil for one second, and pour over the steak and mashed potatoes!

For the Spring Salad:
Use spring lettuce, avocado, peeled & sliced oranges
served with homemade dressing with sprinkle of lemon & white vinegar.
Season with oregano, salt, pepper & olive oil.

Serve with a nice glass of red or white wine.

Made specially for valentines day to infuse the senses!

Recipes by Marija: Homemade Rollate Cake

Good Morning! This is a beautiful cake to enjoy on those great days with a nice cappuccino coffee!

Ingredients:
8 medium Eggs
8 tbsp. Flour
8 tbsp. Sugar
1 tsp. Vanilla
2 tsp. Baking Powder
1 touch of Salt.

Preparation:
In a large mixing bowl put in the eggs and sugar, mix them to become fluffy and thick.
In another large bowl mix in the flour, baking powder and salt. Then add to the mixing bowl of eggs, and pour in the vanilla.
Mix all together and pour onto a large flat rectangular cooking tray covered with parchment paper.

Place in the heated oven at 350°F for 15 - 20 minutes.
When done baking flip it over onto a wet table cloth, leave it to cool a little.
Once cooled cut the rectangular cake into 3 large pieces, cutting short ways from top to bottom.

Next, cover 2 of the pieces with your favourite icing, I used the ready-made Duncan Hines Creamy Home-Style Chocolate Icing.
And covered the one piece with Vanilla.

Begin with a chocolate piece and roll it short-ways upwards.
Then take that rolled piece and place it onto the spread out vanilla piece and roll those together the same way.
Then take the roll and place it on top of the 3rd chocolate piece and roll them all together to make a nice large roll.
Take a large plate and place the large roll on its side so its standing tall!
Use the same chocolate icing from before, melt it for some time so its easily spreadable and cover the whole cake.

Decorate with whatever fruits, creams, or sprinkles you like.
Peanuts and ground walnuts are a good choice too!
Place in the fridge for about half an hour before serving to stiffin up!

Enjoy this delectable treat!

Valentine's Day Layer Cake

Preheat oven 350°F
Use 9-inch round pan (glass or metal)
1 package ready-made Devils Food Cake Mix
3 Eggs
1 cup water
1/3 vegetable oil
Mix together for 2-3 minutes
Grease the pan and pour in batter
Place in preheated oven for 25-30 minutes
If ready, take it out of the oven and flip it onto a plate where it stays to cool.
Cut 2 layers out of the cake and cover with icing (I used here; white and chocolate) stack layers on top of each other cover with fruits, nuts and other additional toppings.

Janovski
COUNTER TOPS Ltd.
Since 1975

We Are The Manufacturer - Over 1000 Colours

Laminates	Quartz	Custom Edges
• Formica	• Silestone	• Oak
• Wilsonart	• Hanstone	• Maple
• Arborite	• Ceasarstone	• Solid Surface
• Pionite		• Bevel Edge
• Nevamar		

OUR COUNTERS ARE TOPS

Residential - Commercial - Prompt Service - Quality Work

905-475-0185



25 Spy Court - Markham, Ontario

SB Video

Weddings, Engagements, Christenings, Anniversaries, Birthdays
Transfer VHS to DVD and PAL to NTS System

bozarovskistefo@aol.com
Phone: 416 -299-7710
Cell: 647-962-7710

Бошко Рајчовски - Пелистерски
070/947-957 MK

Boshko Rajchovski - Pelisterski
Tel: 810-335-5552

eMail: brajcovski@gmail.com
P.O. Box 152
Sterling Heights MI 48311

,,Оро Македонско,,
Радио Програма на македонски јазик

Detroit: Saturday 3:00pm WPON 1460AM,
Sunday 8:00pm WNZK 680AM
& Chicago: Sunday 3pm WNWI 1080AM

C.J.A.M. 99.1 Fm Every Saturday 1:00 to 2:00 pm
Radio Program
VARDARSKI BRANOVI
Hosted by Tom Damceski "Vardarski",
Cell: 519-980-2988;
Studio Phone: 519-971-3630
e-mail:maknettome99@hotmail.com
www.cjam.ca

MakBiz.Net
International online business directory of Macedonian Businesses and Professionals


Dr. Andy Plukov
Family Dentistry
Healthy teeth and gums are a vital part of your overall well being. They are also a part of your appearance and confident smile. We provide dental services in a comfortable, caring and professional environment.
416-265-0197
STEELES AVE.
HWY #404
GORDON BAKER RD.
VICTORIA PARK AVE.
FINCH AVE.
716 Gordon Baker Road, Suite #107, Toronto, ON, M2H 3B4

THE MECHANIC'S SHOP
79 WINTER AVE., SCARBOROUGH, ON M1K 4M2
Danny Indzevski
T: 416-267-6033
F: 416-267-7852
REPAIRS TO ALL MAKES, DOMESTIK & IMPORTED CARS & TRUCKS
COMPUTERIZED FOUR WHEEL ALIGNMENT

CANADIANA
FLOWERS
www.canadianflowershop.ca
FTD
TEL: 416-265-6867

MAKEDONSKO PATRIOTSKO RADIO
"OBEDINETA MAKEDONIJA"
Секоја сабота од 9-10 на СНКТ АМ 1430
Tel. 905-265-2197
dimovskid@rogers.com

AR
All-Risks
Insurance
BROKERS LIMITED
Auto | Home | Life | Commercial
Tommy A Boichevski Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9
Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com

Louis P. Strezos
Barrister & Solicitor
Criminal, Constitutional
& Appellate Advocacy
Tel: 416.944.0244
Cell: 416.459.0575
lps@15bedford.com
15 Bedford Road, Toronto Ontario M5R 2J7

Sonja&Oliver Band
Music for All Occasions
Phone: 647-406-4500

Formula Honda, 2240 Markham Road, Scarborough, ON M1B 2W4
www.formulahonda.com

JIM VASILEVSKI
Used Car Manager
Languages Spoken:
English & Macedonian
(416) 754-4555 ext. 1530
jim@formulahonda.com
Web: www.formulahonda.com

BILL BEKAROVSKI
Sales & Leasing Consultant
Languages Spoken:
English, Macedonian, Serbian & Croatian
(416) 754-4555 ext. 1533
Cell: (416) 999-1237
bill@formulahonda.com

TONY STOJANOVSKI
Sales & Leasing Consultant
Languages Spoken:
English & Macedonian
cell: 416-428-7007
(416) 754-4555 ext. 1535
tony@formulahonda.com

JIM MISEVSKI
Sales & Lease Consultant
Languages Spoken:
English & Macedonian
Cell: (647)231-0204
(416) 754-4555 ext. 1534
jimm@formulahonda.com

HONDA

Formula Honda

Where You're Treated like Family.

Симбол на бесмртноста на македонскиот народ

Симбол на еден народ е репрезантативен препознатлив знак, кој на индиректен начин ни ја претставува неговата култура, традиција и вера. Самиот симбол е историски производ кој произлегува од народните обичаи и преставува еден сублимат на сите аспекти од самобитноста на заедницата. Отука симболите преставуваат еден континуиран атрибут од животот на заедницата, било тој да го отсликува, родот, племето, државата, религијата или пак разни други облици на здружување на заедницата.

Симболите како знамето, химната и грбот подразбираат народ, татковина, сувереност, граници и идентитет. Тие ја означуваат припадноста, честа, слогата и единството на заедницата. Без нив е назамисливо уредувањето на државите и нивните институции. Тие го поврзуваат народот, територијата и настаните низ историјата. Следејќи го човекот низ различните стадиуми на неговиот развој, во зависност од културниот развој, се раѓаат нови симболи кои го отсликуваат новото време и новите вредности. Во тој процес, како вечен сопатник на народот, некои од старите симболи одумираат, некои се видоизменуваат, а некои се возобновуваат и со извесни прекини имаат повеќевековен континуиетет, изразувајќи го притоа заедничкото и далечно паметење на идејата, целта, стремежот и состојбата во која се наоѓа народот. Сето тоа овозможува преживување и опстојување на народот пред напливот на новите современи цивилизациски вредности.

Во повеќе милениумската историја на Македонија, сонцето се сретнува како доминантен симбол. Главно сонцето се сретнува исклесано или насликано во камени стели, сакрални објекти и обредните предмети, облеки, штитови и монети. Најстарите соларни симболи на територијата на Македонија, датираат од времето на неолитот, т.н. „варварска идила“. Прекрасната керамика од времето на неолитот, полна со симболика поврзана со годишните времиња, јасно сведочи за тогашниот изразен култ кон сонцето и космосот. Дека навистина овој култ кон сонцето е изразен покажуваат примерите со Цоцов Камен и опсерваторијата Кокино. На овие места освен извршувањето култни обреди, се следат звездите што овозможувало создавање на прецизен календар кој помагал да се одреди времето за жетва или други важни датуми, што од друга страна пак укажува за постоење на една високоразвиена цивилизација кај древните Македонци. Печатот од Говрлево на кој е преставено дванесетокракото сонце, не само жто го потврдува сонцето како симбол на народот од Македонија, туку зборува за можноста од постоење на организирана држава многу порано од легендите за потеклото на владателската куќа на Македонците, поврзани со митскиот полубог Херакле, односно неговиот потомок Темен.

Првите пишани докази за култот кон сонцето на Македонците се поврзани со „таткото на историјата“ Херодот (484. ок.425,г.п.н.е.). Тој 200 години по владеењето на Пердика I (653г.пр Хр.), ќе раскаже: "...Трите потомци Теменови, браќата: Гаван, Аероп и Пердика избегале од Арг во Илирија, а од Илирија навлегувајќи во Горна Македонија дојдоа во градот Лебаја. Тука се вработија да служат кај кралот. Едниот ги чувал коњите, вториот говедата, а најмалиот од нив Пердика, ги чувал козите и овците. Беше тоа време кога и кралевите, а не само народот, беа сиромашни и немаа пари. Лебот го месеше и печеше самата кралица. Ама кога и да го печеше лебот за најмладиот, овчарот Пердика, тој секогаш двапати нараснуваше. И откога тоа истото секогаш се повторуваше, му раскажа таа на својот маж за ова. Штом кралот тоа го дочу, се сети дека тоа може да биде некој и дека претскажува нешто важно. Тој ги повика слугите и им нареди да ја иапуштат неговата земја. Овие пак му рекоа дека веднаш ќе си одат штом ќе ја добијат платата што ја заслужиле. А кога кралот слушна дека овие бараат плата, многу се разлутил, и бидејќи сонцето ги фрлаше своите зраци во куќата низ отворот на покривот каде минуваше чадот, им рече, бидејќи божеството го наведе на таа лудост, покажувајќи со раката на сонцето: „Еве, тоа е платата што ја заслуживте и што ви ја давам“. Гаван и Аероп беа вчудоневидени кога ова го дочуа, а најмладото дете, бидејќи случајно имаше меч рече: „Се согласуваме, кралу, да го примиме тоа што ни го даваш“ па со ножот го нацрта сончевиот зрак на куќниот под, и, исцртувајќи го тоа, зафати три пати сончеви зраци во своето крило, па потоа отиде и тој и тие со него“.

Освен по јазикот кој го употребувале, начинот на војување и облекување, Македонецот се разликувал од другите соседни народи и по симболот на сонцето кој го употребувал за да ја истакне својата божественост, бесмртност и својата посебност како народ. Култот кон сонцето кој постоел од праисторијата, за време на македонските кралеви ќе дојде до полн израз. Симболот на сонцето бил прикажан на накитот, монетите, оружјето и посебно на штитовите. Овој одраз кон култот на Сонцето, вербата во бесмртноста, односно вечното раѓање, ќе му овозможат на Александар и македонските војници да ги надминат сите искушенија, да ги добијат сите битки и

да стигнат до Индија, нешто што во досегашната историја никому не му успеало. Македонските војници го имале овој симбол на своите штитови и се верувало дека симболот на Сонцето, дава моќ и победа на тој што го носи.

Првобитниот македонски антички штит бил изработен од дрво, кожа и малку метал, како и бројни заковани метални клинови, а подоцна заради подобра заштита од непријателот ќе биде изработен од метал. Шеснастокрако, дванаесетокрако и осумкракото сонце го сретнуваме на штитовите и монетите на македонските кралеви. Шеснаесетокракото сонце станало доминантен симбол за времето на владеењето на Филип П и на неговиот син Александар Ш Македонски. Дванаесетокракото и осмокракото сонце главно го користеле македонските кралеви од династијата Антигониди. Го сретнуваме на штитовите на македонскиот крал Деметриј, припадник на истоименатa династија. На штитот по страните и во центарот се забележливи осмокракото и дванаесеткракото сонце. На монетите кој ги издава Антигон Досон исто така се втиснати осмокракото и дванаесеткракото сонце.

Следејќи го континуитетот на сончевиот симбол со осум, дванаесет и шеснаесет крака, тој се јавува во разни периоди во македонската историја. Посебно интересна е виничката теракотна икона на која случајно или не, таа е илустрирана со старозаветната приказна за запирањето на сонцето над палестинскиот град Гаваон, опишана во книгата на Исус Невин. На оваа илустрација, додека Исус Невин со божја помош го запира сонцето се до конечна победа на неговите воини, неговиот придружник Калеб облечен во панцирна кошула на која е забележлива буквата М, држи штит со симбол на сонцето.

Во средниот век симболот на сонцето се забележува и на наметката на царот Самоил, откриена во неговиот гроб. Исто така како мотив се сретнува и на многубројните фрески и иконостаси во црквите од различни периоди. Но се сретнува и во куќите на граѓаните, поставени на зидовите и таваниците како заштитници на домот.

Шеснастокракото сонце како симбол на македонскиот народ го сретнуваме на македонското знаме непосредно по осамостојувањето на Македонија. За жал под притисок на Грција ова знаме е променето со сегашното, кое го претставува осмокракото сонце.

Македонска Нација

CARPENTERS
& ALLIED WORKERS
LOCAL 27

BUILDING A BETTER FUTURE

222 Rowntree Dairy Rd Woodbridge, Ontario, L4L 9T2
T: 905-652-4140 F. 905-652-4139
www.carpenterslocal27.ca

МАКЕДОНСКО ИМЕ НЕМА ДА ЗАГИНЕ: Пред Водици во Белица изгреа Сонцето од Кутлеш

Правилото дека колку нешто повеќе му браниш на народот, толку ефектот е спротивен, се покажува и во кичевското село Белица, каде спроти православниот празник Водици, кој има голема традиција во овој регион, се развеа старото македонско знаме со Сонцето од Кутлеш.

– Имено, пред големите водичарски празници насекаде низ селото се поставија македонските знамиња. Скоро во секое маало и пред голем број куќи. Нека е напомош и вечно да се слават македонските православни празниц. Да живее Белица и Републиката Македонија!- порачаа Беличани на Фејсбук.

Ова кичевско село е редок пример во Македонија, во период кога другите села и градчиња се испустуваат, тука одново да се раѓа нов живот. Се градат многу нови куќи и се враќаат сложните беличани на своите кореня.

Владата на бившиот премиер Зоран Заев го бришеше овој симбол и од капаците на шахтите во повеќе градови во Македонија, но народот го сака и го издига високо, каков што е примерот во Белица и повеќе други места низ Македонија.

После Лозано и екипата од "Медена земја": Ние сме од Македонија

Самир Љума и Фејми Даут снимателите на филмот номиниран за Оскар ,,Медена земја", ја добија престижната награда за најдобра кинематографија за документарен филм која ја доделува Асоцијацијата на кинематографери на Америка.

Самир Љума и Фејми Даут всушност се првите кои ја добиваат оваа награда која асоцијацијата ја воведе од оваа година, а доделувањето се одржа во Долби театарот во Лос Анџелес.

При подигнувањето на наградата Љума изјави:

"Да се биде овде со најдобрите од најдобрите, каква чест! Ви благодариме! Ние сме од Македонија, земјата домаќин на најстариот фестивал за кинематографија "Браќа Манаки". Оваа година ќе се одржи 42-то издание на фестивалот".

Погледнете како се сака Македонија

Македонските ракометари пред натпреварот со Украина во првиот натпревар од ЕВРО 2020, каде во нашата група се уште и домаќинот Австрија и Чешка, направија гест кој е за восхит и поздравување.

Интересно е и како нашиот табор се снајде и како реагираше на додаденото име пред Македонија. Имено на тоа место тие го поставија македонското државно знаме. Браво момци!

Стилиан Самарџиев активист на Македонците во Егејска Македонија

Стилиан Самарџиев е жител на селото Крушоради во Леринскиот регион на Егејска Македонија. Тој е еден од голем број Македонци кои живеат во овој регион и кои сеуште ги негуваат македонските традиции, обичаи и култура. Неговиот профил на Фејсбук е како времеплов низ историјата на македонските села, градови и македонската историјата од антиката до денес. Стилиан често пишува како се живее денеска во овие населени места и како живее македонското малцинство во Грција. Со него разговаравме токму за тоа, но и за тоа како е да се биде Македонец во Грција и како нашинците таму реагираат на Преспанскиот договор и на откажувањето на Македонија од малцинството во Грција.

Стилиан кажи ни на почеток за твоето место на живеење, како се живее денеска, а како било порано?

Живеам во селото Крушоради тоа е село во Леринскиот регион. Повеќето луѓе работат во приватна компанија за јаглен која работи во близина на селото, а некои други селани работат како земјоделци. По граѓанската војна многу Македонци заминале од селото. Денес Македонците во селото се малцинство, а мнозинството го сочинуваат колонисти од Епир.

Дали Македонците во Егејскиот дел на Македонија сеуште ги негуваат традицијата, обичаите и својата култура?

Македонците со посветеност ги следат сите традиции на свадби или разновидни христијански празници, во погреби или раѓања, оддадени од генерација на генерација, се обидуваме да ги заштитиме македонските традиции и култура.

Колку населени места каде живеат чисто Македонци постојат денеска и каде најдобро сеуште се чувствува македонскиот дух?

Постојат многу села кои населението се Македонци, но во тие села постојат и гркомани. Лерин, Воден, Костур, претежно се региони со најмногу македонско население, но сите региони во Егејска Македонија имаат македонски села со македонско население.

Лесно е или тешко да се биде Македонец денеска во Егејска Македонија?

Секако не е лесно да се биде и да се изразиш како Македонец во Грција. Последните години во Егејска Македонија Македонците пеат и танцуваат слободно на сите македонски песни, но мислам дека тоа не е доволно. Ни треба различен стил на дејствување. Културното будење е добро преку музика и танци, но тоа нема да ги реши нашите проблеми.

Како реагираат нашинците на Преспанскиот договор помеѓу Македонија и Грција и откажувањето на Македонија од малцинството во Грција?

Македонскиот народ во Егејска Македонија има различни мислења за Преспанскиот договор меѓу Грција и Македонија. Многу од луѓето не се целосно информирани за договорот. Лично јас не се согласувам и не ми се допаѓа Преспанскиот договор и посакувам за доброто на Македонија овој договор наскоро да биде укинат.

На твојот профил на Фејсбук можеме да забележиме дека често ги посетуваш македонските села и локалитети. Каде денеска е најживо, односно каде има најмногу народ?

Македонските села денес во Егејска Македонија не се населени како во минатото, а населението во тие села е мешано. Леринскиот регион има многу села населени со етнички Македонци. Исто така и Воденскиот регион, Костурскиот и Соботско.

Знаеме дека голем број Македонци од Егејска Македонија биле протерани за време на граѓанската војна во Грција. Доаѓаат ли нашинците од дијаспората на старите огништа и дали ги помагаат македонските населени места?

Силни емоции и сеќавања имаат Македонците за својата татковина. Кога ќе се вратат во Егејска Македонија секој пат се полни со емоции. За жал голем процент од тие луѓе не можат да дојдат во Егејска Македонија, затоа што Грција ги има во црната листа. Македонците кои живеат во странство често помагаат финансиски во различни прашања.

Пред неколку дена си го посетил и славното градче Кутлеш. Место од каде потекнува 16-кракото сонце кое беше и наше државно знаме. По што е посебно ова градче и како е таму во денешно време?

Во Кутлеш 1977 година грчкиот археолог Манолис Андроникос најде гроб за кој се претпоставува дека му припаѓа на кралот Филип II Македонски, а гробницата денес е прогласена за светско наследство на УНЕСКО. На истото место беше пронајден и древниот македонски симбол шестнаесетзрачното сонце или познато како Македонско сонце или ѕвезда од Кутлеш. Денес селото е туристичка дестинација за оние кои сакаат да ги видат македонските кралски гробници и разни други археолошки места.

Стилиан за крај, како да се обединат Македонците во Егејска Македонија и да ги добијат своите права?

Веќе имаме културни настани што се случуваат во Егејска Македонија. Музички фестивали и прослави со Македонци песни и ора. Но, политички немаме многу успех. Покрај музиката и ора националното будење е сè уште тешко прашање за нас. Потребен е силен шок за да можат Македонците да разберат дека постоењето на нашето наследство мора да се заштити, не само со песни и ора, туку и со силна волја да го одржуваме нашиот македонски идентитет жив и просперитетен./www.markukule.mk

OLD MILL
PASTRY & DELI
Come enjoy our homemade meals that'll bring back those eastern european memories.
Old Mill Pasrty Mississauga
WE MOVED!!!
780 Burnhamthorpe Rd W. Mississauga, Unit #12
905 232 5246
Open everyday from 8am - 8pm

CALIFORNIA
PUB & GRILL
Valentine's Day party : Friday night February 14th
International Women's Day : Saturday night March 7th
Dinner reservation: 416-461-1251
LIVE MUSIC EVERY
FRIDAY AND SATURDAY
914 Pape Ave, Toronto, ON | For reservations call 416-461-1251
Starts at 9:00pm